# Сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност врз бегалците, врз повратниците и врз внатрешно раселените лица

Упатства за спречување и за реагирање при вакви насилства

Мај 2003

ВИСОК КОМЕСАРИЈАТ
ЗА БЕГАЛЦИ
НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

# СОДРЖИНА

**Предговор** .................................................................................................... 1

**Вовед** .................................................................................................... 3

**Глава 1: Преглед на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност** .............................................. 7

Заштита на бегалците од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност ................................................... 8

Што претставува сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност? .................................................... 10

Дефиниција на клучните поими .................................................................. 11

Видови сексуални насилства и насилства базирани на половата припадност ...................................................................................... 15

Каде и кога се случуваат сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност? ............................................... 19

Причини и последици од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност ............................................... 21

Клучни точки за помнење ............................................................................ 25

**Глава 2: Раководни начела** ........................................................................ 27

Програмски начела ..................................................................................... 28

Индивидуални начела ................................................................................. 29

Повеќесекторски пристап ............................................................................ 31

Клучни точки за помнење ............................................................................ 32

**Глава 3: Спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност** ............................................. 33

Трансформација на социокултурните норми ................................................. 35

Обновување на системите на поддршка на семејствата и на заедниците ............. 40

Создавање услови за подобрување на системот за одговорност ......................... 41

Планирање на ефикасни служби и на сместувачки капацитети .......................... 42

Влијание врз формалната и врз неформалната законска рамка .......................... 47

Набљудување и документирање на случаите на сексуално насилство и на насилството базирано на полова припадност ............................................ 50

Клучни точки за помнење ............................................................................ 51

**Глава 4: Реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност** ........ 53

Развој на активностите за едукација и за зголемување на свеста за сексуалното насилство во заедницата ........ 55

Обучување на актери за тоа како да реагираат на потребите на жртвите/преживеаните лица ........ 55

Воспоставување механизам за: упатување, известување, набљудување и процена ........ 56

Оспособување на бегалските заедници да реагираат ........ 58

Реагирање на здравствените потреби на жртвите/преживеаните лица ........ 59

Планирање со цел да се задоволат психосоцијалните потреби на жртвите/преживеанителица ........ 60

Преземање на сигурносни и на безбедносни мерки за реагирање ........ 61

Воспоставување правен/правосуден систем на реагирање ........ 62

Определување на улогите на другите потенцијални актери/учесници ........ 65

Развој на план за работа со сторителите на насилство ........ 67

Клучни точки за помнење ........ 68

**Глава 5: Посебни разгледувања во врска со децата-бегалци** ........ 69

Водечки начела ........ 70

Групи од деца-бегалци кои се наоѓаат во посебен ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на полова припадност ........ 71

Специфични облици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност кои се вршат врз деца ........ 75

Посебни разгледувања во врска со спречувањето на сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност што се врши врз деца ........ 77

Посебни разгледувања во врска со реагирањето на сексуалното насилство и со насилството базирано на полова припадност што се врши врз деца ........ 80

Клучни точки за помнење ........ 85

**Глава 6: Рамка за акција** ........ 87

Развој на план за акција ........ 87

Клучни точки за помнење ........ 96

**Глава 7: Набљудување и процена** ........ 97

Дефинирање на поимите набљудување и процена ........ 97

Целта на механизмите за набљудување и за процена ........ 98

Видови механизми за набљудување и за процена ..... 99

Изготвување системи за набљудување и за процена за програмите насочени кон сексуалното насилство и кон насилството базирано на половата припадност ..... 99

Примероци на обрасци/формулари за пријавување ..... 103

Клучни точки за помнење ..... 107

**Глава 8: Прогонување поврзано со половата припадност** ..... 109

Прогонување во врска со половата припадност во смисла на член 1А(2) на Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година, односно нејзиниот Протокол од 1967 година ..... 110

**Прилог 1: Кодекс на однесување на УНХЦР** ..... 123

**Прилог 1.1: Суштински начела на кодексот на однесување** ..... 129

**Прилог 2: Образец за пријавување на случај на насилство** ..... 131

**Прилог 3: Месечен образец за пријавување - програма во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност** ..... 143

**Прилог 4: Образец за лекарски преглед** ..... 145

**Препорачана литература** ..... 149

# ПРЕДГОВОР

Во секоја заедница на светот постојат луѓе кои се жртви на брутални чинови. Ѕверствата извршени од страна на вооружени групи во конфликтни ситуации многу често се објавуваат, додека пак насилствата извршени зад затворени врати, во границите на сопствениот дом, најчесто се чуваат во целосна тајност. Најчувствителни на чиновите на насилство, особено на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност, се бегалците и внатрешно раселените лица на кои не им е овозможена заштита од сопствената влада.

Научивме дека сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност најчесто се среќава во средини каде постои општо непочитување на човековите права. Сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност, само по себе, претставува повреда на човековите права. Жените и децата, кои најчесто се изложени на злоупотребата на човековите права, се оние кои најмногу страдаат од сексуалното насилство и од насилството базирано на полова припадност.

Овие упатства нудат практични совети за тоа како да се пронајде стратегија и да се спроведат активности насочени кон спречување и реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност. Тие, исто така, содржат податоци за основните прашања врзани за здравјето, законодавството, безбедноста и прашањата за човековите права кои се од важност за овие стратегии и дејности.

Упатствата се развиени во соработка со партнерите на УНХЦР за заштита на бегалците: владите, меѓувладините агенции и невладините организации. Наменети се за вработените на УНХЦР и за членовите на оперативните партнери кои се занимаваат со заштитата и со помош на бегалците и на внатрешно раселените лица. Тие се испробани во 32 земји низ светот, со учество на повеќе од 60 партнери.

Сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност претставува сериозен проблем кој мора да се решава на непосреден начин. Развивме неколку инструменти кои може да помогнат во спречувањето на насилството и да им помогнат на жртвите во моментите кога не сме во состојба да го спречиме. Ефикасната примена на овие инструменти зависи од сите нас кои работиме со бегалците и со внатрешно раселените лица.



Руд Луберс
Висок комесар за бегалци при Обединетите нации

# ВОВЕД

## Историјат

УНХЦР за првпат го објавува изданието: *Сексуално насилство врз бегалците: Упатство за спречување и реагирање во* 1995 година. Дотогаш веќе стана јасно дека големината на проблемот бара определен пристап и разгледување, заедничките активности кои претходно не биле адекватно формулирани, ниту составени во кое било претходно издание на УНХЦР. Упатствата од 1995 година помогнаа да се изгради поголема свест и разбирање за оваа сериозна повреда на човековите права и ги поставија темелите за развој на програмите за спречување и за реагирање на ваквите повреди. Сепак, сексуалното насилство и насилството врз бегалците, особено врз жените и врз децата, продолжува и понатаму со несмалена сила. Во ваквите заедници, каде постои нееднаквост во односите меѓу половите, дури е и влошено; се употребува како воено оружје и како средство за наметнување сила; се покажало и како причина за принудно раселување и како страшна последица на распаѓањето на семејните и на општествените структури што го следи процесот на раселување. Ваквото насилство се врши и од страна токму на оние луѓе на кои им е доверена должноста да ги заштитуваат бегалците и раселените лица.

Од 1995 година наваму многу лекции се научени за индивидуалните, за институционалните и за државните одговорности за примена на *Упатствата* и за овозможување заштита на лицата кои се принудени да се селат. Со текот на годините, УНХЦР, другите агенции на Обединетите нации, владините и невладините организации, бегалците, повратниците, како и внатрешно раселените лица, извршиле процена на програмите и на активностите предложени во *Упатствата* во контекст на сложените кризни ситуации. Завршница на овој процес на евалуација беше „Меѓуагенциската конференција во врска со научените лекции за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност во бегалски услови“, одржана во март 2001 година во Женева.

Учесниците на Конференцијата ги идентификуваа областите каде е потребно подобрување и ја истакнаа важноста од внесување на измени во *Упатствата* од 1995 година за да се нагласи напредокот остварен во последните години и да се усоврши меѓуагенцискиот, повеќе-секторскиот пристап за решавање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност на бегалците, на повратниците и на внатрешно раселените лица. Препораките од оваа Конференција се состојат од зајакнување на ангажманот на институциите преку изготвување на Кодекс на однесување за хуманитарните работници; определување на општите мининални стандарди за работа со случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност; поддршка на префрлање и на распределба на соодветни парични средства и на вработени; воведување перспектива на полова еднаквост во институционалната практика. Учесниците ја нагласија потребата од учество на бегалската заедница во сите фази од реализацијата на програмата во: планирањето, примената, набљудувањето и процената.

Следствено на препораките од Конференцијата, овие нови *Упатства за спречување и реагирање на сексуално насилство и на насилство насочено кон бегалците, повратниците и внатрешно раселените лица* се подготвија како резултат на меѓуагенциските консултации. Тестирани се на терен, во 32 земји низ светот, со учество на повеќе од 60 клучни оперативни партнери.ои работиме со бегалците и со внатрешно раселените лица.

# Цел на упатствата

Овие упатства се наменети за користење од страна на вработените на УНХЦР, агенциите на Обединетите нации, меѓувладини и невладини организации, како и владини организации-домаќини кои обезбедуваат правна заштита и помош на бегалците и на лицата од интерес на УНХЦР. Тие, исто така, се наменети за насочување на активностите иницирани од самата бегалска заедница за спречување и за решавање на проблемот со насилството. Тие ги испитуваат основните причини и фактори кои придонесуваат за појавата на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност и предлагаат да се преземат практични активности со цел да се спречи насилството и да се одговори на ваквите видови насилства. *Упатствата* укажуваат на нов пристап кон овој проблем, прифаќајќи дека сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност се одржува заради нееднаков однос на моќта меѓу жените и мажите, повикувајќи на стратешко партнерство - како меѓу мажите и жените, така и меѓу домашните и меѓународните невладини организации за човекови права, УНХЦР, другите агенции на Обединетите нации и држави - со цел да се иницира промена. Тие ја истакнуваат важноста од вклучување на бегалската заедница, особено жените и децата, во планирањето и процената на активностите изготвени за спречување, односно за реагирање на сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност.

Приспособливи кон различни контексти и околности, *Упатствата* посочуваат рамка за развивање на ефикасна стратегија за спречување и за реагирање; тие не нудат исцрпен збир на активности кои одговараат на секоја можна ситуација. Бидејќи спречувањето и реагирањето на сложениот проблем на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност има потреба од меѓуагенциска, интердисциплинарна и повеќе од секторска соработка, *Упатствата,* исто така, поттикнуваат размислувања и дискусии меѓу организациите и колегите. Тие имаат за цел да го дополнат, а не да го заменат другиот материјал за обука.

# Содржина на упатствата

| | |
|---|---|
| **Глава 1** | **Даваат преглед и основни информации за сексуалното насилство и за насилството базирано на полова припадност, за главните причини, за факторите и за последиците што придонесуваат за негова појава.** |
| **Глава 2** | **Ги посочуваат водечките начела кои се основа на сите напори за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност, како и рамката за повеќесекторски и кооперативен пристап кон овој проблем.** |
| **Глава 3** | **Препорачуваат стратегии за спречување со цел да се намалат или да се отстранат причините и факторите кои придонесуваат за појавата на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност.** |
| **Глава 4** | **Го опишуваат начинот на воспоставување повеќесекторски систем на реакција при решавањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност.** |
| **Глава 5** | **Опширно ги објаснуваат посебните согледувања неопходни за помош на децата кои биле изложени на, или кои се во опасност, од сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност.** |
| **Глава 6** | **Даваат постапни насоки за развој на акционен план кој се надоврзува на постоечките сили во која било дадена ситуација.** |
| **Глава 7** | **Ги разгледуваат механизмите на следење и на процена и нудат примери на индикатори за мерење на влијанието на активностите подготвени за заштита од сексуалното насилство и од насилството базирано на полова припадност.** |
| **Глава 8** | **Го објаснуваат концептот на прогонување базирано на половата припадност и начинот на негова примена при работа со баратели на азил.** |

Доколку е можно, читателите се насочуваат кон дополнителни извори за да добијат подетални информации за специфични теми. Насловите на овие прирачни материјали се наоѓаат во затемнетите квадрати низ текстот означени со „**види, исто така;**“. Примери од обрасците/формуларите кои може да се приспособат за употреба во различни ситуации се дел од Прилозите. Списокот на препорачаната литература се наоѓа по Прилозите. Електронската верзија од одделни документи се наоѓа на ЦД-РОМ, која е придружен дел на овие упатства.

# Клучни точки за помнење

Овие *упатсвта* се применуваат во ситуации кога постојат бегалци, повратници, внатрешно раселени лица и/или баратели на азил. Иако мандатот и активностите на УНХЦР може да се разликуваат, зависно од тоа дали лицата од интерес се бегалци или внатрешно раселени лица, другите органи, како властите на државата-домаќин, невладините организации или други агенции на ООН, може да овозможуваат заштита и помош, како на бегалците, така и на раселените лица.

Во зависност од околностите, терминот **бегалци,** исто така, се однесува и на барателите на азил, на повратниците и на внатрешно раселените лица, од машки и од женски пол, деца и возрасни. На сличен начин терминот бегалско сместување се однесува на: транзитните центри, прифатните центри, бегалските кампови, местата за притвор на барателите на азил, привремените станици за сместување при репатријација, како и на центрите за заедниците од внатрешно раселени лица. Иако повеќето од препораките за сместување на бегалците се однесуваат и на руралните и на градските средини, кога тоа е неопходно, се истакнуваат специфичните активности кои треба да се преземат во посебни ситуации.

Терминот **жртви/преживеани лица** се однесува на поединци или на групи кои претрпеле сексуално насилство или насилство базирано на полова припадност. Иако треба да покажеме кон жртвите сочуство и разбирање, доколку на нив гледаме како на лица кои преживеале насилство ја признаваме нивната сила и истрајност. Но, понекогаш жртвата на сексуално насилство или на насилство базирано на полова припадност, останува да биде жртва и покрај личните настојувања и поддршката отстрана. Во определена правна смисла, терминот жртва може да биде соодветен и/или потребен за да се приспособи на соодветните закони во случај кога се бара надомест по правен пат. Надвор од правната рамка под терминот жртва може да се подразбира немоќност и обележување, карактеристики кои треба да ги одбегнуваат сите засегнати страни. За да се распознаат ваквите непредвидливи ситуации, овде ќе се користат и двата термини.

И покрај тоа што мажите и момчињата, честопати, се жртви на сексуално насилство, статистиката покажува дека повеќето од жртвите/преживеаните лица се жени и деца. Како признание за ваквата реалност, во **Упатствата се користи женски род при опис на жртвите кои претрпеле вакво насилство.**

Терминот **актери** се однесува на поединци, на групи, на организации и на институции кои се занимаваат со спречување и со реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова определба. Актери може да бидат и бегалците, локалното население, вработените или доброволците во некоја агенција на Обединетите нации, невладините организации, владините институции на државата-домаќин, донаторите, како и други членови на меѓународната заедница.

# ГЛАВА 1
# ПРЕГЛЕД НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО И НА НАСИЛСТВОТО БАЗИРАНО НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ

**Сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност е повреда на човековите права. Овој вид насилство ги овековечува стереотипните улоги на половите кои го одземаат правото на човековото достоинство на поединецот и го оневозможуваат човековиот развој. Поголемиот број жртви/преживеани лица кои претрпеле сексуално насилство или насилство базирано на половата припадност се жени и девојчиња.**

**Под сексуално насилство и насилство базирано на полова припадност се подразбира многу повеќе од сексуално напаствување и силување. Иако може да се случи и на јавни места, најчесто е вкоренето во ставовите на поединци кои преминуваат преку насилството во семејството, во заедницата и во државата. Потребно е да се сфатат основните причини и последици на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност пред да се планираат соодветни програми за спречување и за реагирање на овој тип насилство.**

**Како агенција на Обединетите нации која се занимава со прашањето на бегалците, УНХЦР има мандат да обезбедува меѓународна заштита на бегалците. На тој начин, УНХЦР заедно со државите, ја споделува одговорноста за заштита на бегалците од сексуално насилство и од насилство базирано на полова припадност.**

**Неколку факти што се однесуваат на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност:**

**Околу 40 до 70% од убиствата на жени низ светот, се извршени од стрна на нивните интимни партнери, честопати поврзани со меѓусебен однос во кој постоело малтретирање.**
**Најмалку една, од секоја трета жена во светот, во својот живот била тепана, принудена на секс или малтертирана на некој друг начин.**
**Во периодот меѓу 1995 и 2000 година трговијата со луѓе низ целиот свет порасналa за повеќе од 50%. Меѓународната организација за миграции (ИОМ) проценува дека годишно се тргува и се пренесуваат преку граница дури 2 милиони жени.**
**Повеќе од 90 милиони жени и девојчиња од Африка се жртви на генитално осакатување.**
**Најмалку 60 милиони девојчиња од различни популации, кои во поинакви услови би биле живи, се водат како исчезнати - главно во Азија, како резултат на селективните абортуси засновани врз полот на детето, чедоморствата и негрижата.**
**Последниве години, документирани се масовни силувања за време на војната во: Босна, Камбоџа, Либерија, Перу, Сомалија и Уганда. Екипа од Европската унија за изнесување факти проценува дека за време на војната во Босна се силувани повеќе од 20.000 муслимански жени.**
**Деведесет и пет проценти од раселените домаќинства анкетирани во Сиера Леоне пријавиле случаи на сексуално малтретирање, вклучувјќи ги силувањата, мачењата и сексуалното ропство. Најмалку 250.000, а можеби дури и 500.000 жени, биле силувани за време на геноцидот во Руанда во 1994 година.**

*Извадок од: „Насилство врз жените: Скриен здравствен товар“ (Светска банка 1994)*
*Извештај за насилството базирано на половата припадност: Извештај за статистички податоци во врска со преземање чекори (Л. Хеисе, IWTC, 1992)*
*и Напредок на жените низ светот (UNIFEM, 2000)*

# Заштита на бегалците од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност

**Сите човечки суштества се родени слободни и еднакви, со достоинство и со права.**

*Универзална декларација на човековите права.*
*Генерално собрание на ОН*
*10 декември 1948 г.*

Спречувањето и реагирањето на сексуалното насилство или на насилството базирано на полова припадност е во директна врска со заштитата на човековите права.

Човековите права се универзални, неотуѓиви, неделиви, меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни. Секој поединец, без оглед на: расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго убедување, националното и општественото потекло, имотот, лозата и угледот, има право на почит, заштита, користење и на уживање на основните човекови права и слободи. Државите се обврзани да им обезбедат еднакво уживање на сите економски, општествени, културни, граѓански и на политички права на жените, мажите, девојчињата и на момчињата.

Делата на сексуалното насилство или на насилството базирано на полова припадност ги кршат поголемиот број човекови права кои се заштитени со меѓународни инструменти за човекови права. Меѓу другото, тие права се следниве:

- Право на живот, на слобода и на безбедност на лицето.
- Право на највисок можен стандард на физичко и на душевно здравје.
- Право на слобода од мачење или од грубо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.
- Право на слобода на движење, на мислење, на изразување и на дружење.
- Право на стапување во брак со слободна и со целосна согласност, како и еднакви права на брак, за време на бракот и при неговото прекинување.
- Право на: образование, социјално осигурување и личен развој.
- Право на учество на културни, политички и јавни собири, еднаков пристап до јавните служби, право на вработување, како и еднаква плата за исто работно место.

Неколку меѓународни инструменти се занимаваат конкретно со сексуалното насилство или со насилството базирано на полова припадност, врз жените и врз девојчињата. **Конгресот за елиминација на сите видови дискриминации врз жените,** усвоен од страна на Генералното собрание во 1981 год., **Декларацијата на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените,** усвоена од страна на Генералното собрание во 1993 год., и **Декларацијата од Пекинг и трибината за акција,** усвоена во Пекинг во 1995 год., ги опфаќаат сите видови насилство врз жените и врз девојчината и ја потврдуваат одговорноста и обврската на државите да дејствуваат во правец на елиминирање на ваквото насилство. Во поново време, **Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд од 1998 год.**, ги дефинира; силувањето, сексуалното ропство, присилната проституција, принудната бременост, принудената стерилизација или каков било друг

облик на сексуално насилство, како кривично дело кое по својата тежина може да се спореди со злосторство против човештвото. **Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации** (2000 год.) ја истакнува одговорноста на државите да прекинат со неказнување на злосторствата против човештвото и воените злосторства, вклучувајќи го сексуалното насилство и другите видови насилства врз жените и врз девојчињата.

(Извршен комитет на УНХЦР) ...Го осудува насилството базирано на полова припадност и сите облици на дискриминација заради секс насочен кон жени и кон девојчиња, бегалци и раселените лица, и ги повикува државите да обезбедат заштита на човековите права, на физичкиот и на психичкиот интегритет на тие лица и тие да станат свесни за своите права.

*Заклучок на Извршниот комитет бр. 85 ( XIX), 1998*

Обединетите нации, агенциите кои се занимаваат со човекови права и хуманитарните организации, заедно со државите ја споделуваат одговорноста за обезбедување заштита на човековите права. Како организација на Обединетите нации која се занимава со бегалски прашања, УНХЦР има мандат да обезбедува меѓународна заштита на бегалците и да наоѓа долготрајни решенија за нивните проблеми. На тој начин, УНХЦР и државите ја споделуваат одговорноста за заштита на бегалците од сексуално насилство или од насилство базирано на полова припадност.

**Дефиниција на УНХЦР за заштита**

Сите активности насочени кон обезбедување на еднаков пристап до правата и до уживањето на правата од страна на жените, мажите, девојчињата и на момчињата кои се од интерес на УНХЦР, во согласност со релевантните закони (меѓународните хуманитарни закони, законите за човекови права и законите врзани за бегалците).

Во ситуации каде не е преземено ништо за спречување, односно за реагирање на сексуално насилство и на насилство базирано на половата приватност, УНХЦР, како дел од своите основни дејности, треба да преземе водство при координирањето и при воспоставувањето на заштита и помош поврзана со овој тип насилство. Ова подразбира заложба за правата на бегалците, давање совети на државите за тоа како да го усогласат своето државно законодавство со меѓународните стандарди и како да преземат мерки за намалување на ризикот од трговија со луѓе, ризик кој станува сè посериозен кога станува збор за раселени поединци.

Под трговија со луѓе се подразбира регрутација, превоз, трансфер, криење или прифаќање на лица, по пат на уцена, со употреба на сила или со други форми на присилба; грабнување, измама, итрина, злоупотреба на власт или злоупотреба на нечија положба, или по пат на давање и на примање на материјални средства или надоместок со цел на добивање согласност од страна на лица кои имаат контрола над друго лице заради експлоатација. Под експлоатација се подразбира, во најмала рака, експлоатација со проституирање на други лица или со други облици на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, на угнетување или на отстранување на органи.

*Протокол за оневозможување, за спречување и за казнување на трговијата со луѓе, особено трговијата со жени и со деца, која ја дополнува одлуката на Конгресот на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, (ноември 2000 година)*

**Види, исто така:**

**Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (2000).**
**Римски статут на меѓународниот кривичен суд (1998).**
**Пекиншка декларација и Платформа за акција (1995).**
**Декларација на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените (1994).**
**Конвенција против мачење и против други облици на сурово, на нечовечко или на понижувачко постапување или казнување (1984).**
**Конвенција за елиминација на сите видови дискриминација врз жените (1979).**
**Меѓународна спогодба за граѓански и за политички права (1966).**
**Меѓународна спогодба за економски, за општествени и за културни права (1966).**
**Статус на канцеларијата на УНХЦР ГА, Резолуција 428(v) (1950).**
**Универзална декларација за човековите права (1948).**

# Што претставува сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност?

*Сексуалното насилство, насилството базирано на половата припадност и насилството врз жените* се термини кои најчесто се применуваат со едно исто значење. Сите овие термини се однесуваат на кршењето на основните човекови права, ги овековечуваат стереотипните улоги на половите, на поединецот му го одземаат правото на човечкото достоинство и самоопределба и го спречуваат човековиот развој. Тие се однесуваат на физичката, на сексуалната и на психолошката неправда што ја поттикнува женската подреденост и ја овековечува машката моќ и контрола над нив.

**Иако насилството базирано на половата припадност има катастрофални последици врз животот на жените и на девојчињата, кои го претставуваат најголемиот процент на жртви/преживеани лица, тоа, исто така, го спречува и развојот на мажите и на момчињата. Елиминцијата на насилството базирано на половата припадност и на половата нееднаквост помага во зајакнувањето на севкупната заедница.**

Терминот **насилство базирано на полова припадност се** употребува за да се направи разлика меѓу насилството воопшто и насилството насочено кон поединци или кон групи на поединци врз база на нивниот пол. Насилството базирано на половата припадност е дефинирано од страна на Комитетот на CEDAW како насилство кое е насочено кон лица на основа на нивната полова припадност или на нивниот генетски пол. Тоа вклучува дела кои нанесуваат физичка, психичка или сексуална повреда или страдање, принуда или други начини на лишување од слобода.

Терминот **насилство врз жените** се однесува на кое било дело на насилство базирано на половата припадност кое резултира, или најверојатно ќе резултира, во физичка, сексуална или во психичка повреда на жените или на девојчињата, независно од тоа дали се случува во приватни или јавни услови.

**Сексуалното насилство,** вклучувајќи ги и **експлоатацијата и злоупотребата,** се однесува на кое било сексуално дело, обид или закана, кое резултира, или најверојатно ќе резултира, во физичка, психичка или во емотивна повреда. Сексуалното насилство е само еден облик на насилство базирано на половата припадност.

УНХЦР го користи сеопфатниот концепт на **сексуалното насилство** и на **насилството базирано на половата припадност** според кој се подразбира дека, иако поголемиот број жртви се жени и девојчиња, сепак и момчињата и мажите може, исто така, да бидат цел на сексуално насилство и на насилството базирано на половата припадност

**Проширена дефиниција за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност со која се служи УНХЦР и неговите извршни партнери**
*(Врз основа на членовите 1 и 2 од Декларацијата на Генералното собрание на ОН за Елиминација на насилството врз жените (1993) и Препораката 19, став 6 од 11-та Седница на Одборот на CEDAW)*

... насилството базирано на половата припадност претставува насилство кое е насочено против некоја личност врз основа на половата припадност или генетскиот пол. Тука се подразбираат дела кои нанесуваат физичка, психичка или сексуална повреда или страдање, закани за такви дела, принуда или други начини на лишување од слобода.
... ќе го подразбира, но нема да биде органичена на следново:

а) Физичко, сексуално и психолошко насилство кое се јавува **внатре во самото семејство,** тепање, сексуално искористување, сексуална злоупотреба на деца во семејството, насилство поврзано со чеиз, силување во брак, осакатување на женски полови органи или традиционални обичаи кои им нанесуваат штета на жените, насилство од страна на лица кои не се брачни партнери или насилство поврзано со експлоатација.
б) Физичко, сексуално и психолошко насилство кое се јавува **во рамките на целата заедница,** вклучувајќи ги: силувањето, сексуалната злоупотреба, сексуалното вознемирување и заплашување на работното место, во образовните институции или на друго место, трговијата со жени и присилната проституција.
ц) Физичко, сексуално и психолошко насилство **извршени или одобрени од страна на државата и нејзините институции**, кога и да се случило.

Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност најмногу е вкоренето во односите на нееднаква моќ меѓу половите. Тие го извршуваат и го одобруваат насилството внатре во самото семејство, во заедницата и во државата. Разликата која постои меѓу јавната и приватната сфера не треба да биде изговор за игнорирање на насилството во семејството, како форма на сексуално насилство и на насилството базирано на половата припадност. Исклучувањето на жените и на децата од јавната сфера уште повеќе ја зголемува нивната чувствителност во поглед на насилството внатре во семејството. **Семејното насилство** ја зајакнува дискриминацијата базирана на половата припадност и ги држи жените во подредена положба во однос на мажите.

**Види, исто така;**

**Извештај за населението: Крај на насилството врз жените (Училиште за јавно здравство при Универзитетот Џонс Хопкинс, 1999).**

**Насилството врз жените: Скриен здравствен товар (Светска банка, 1994).**

# Дефиниција на клучните поими

Под сексуално насилство и под насилство базирано на половата припадност се подразбира многу повеќе од самиот чин на напаствување и на силување. За да ги разбереме неговите коренски причини и последици, прво треба да ги разграничиме термините полова припадност и генетски пол.

Терминот **генетски пол** се однесува на *биолошките карактеристики* на мажите и на жените. Овие карактеристики се вродени и нивните разлики се условени од физиолошко-репродуктивните функции.

**Половата припадност** е термин кој ги означува *општествените карактеристики* доделени на мажите и на жените. Овие општествени карактеристики се изградени врз основа на различни фактори, како на пример возраст, вероисповед, националното, етничкото и општественото потекло. Тие се разликуваат, како меѓу себе, така и меѓу различни култури и го дефинираат личниот идентитет, статусот, улогата, одговорностите и односите на моќ меѓу членовите на кое било општество и култура. Половата припадност се учи по пат на социјализација. Таа не е ниту статична, ниту вродена, туку се развива и реагира на промените во општественото, во политичкото и во културното опкружување.

**Половата припадност се учи, затоа подлежи на промена.**

Луѓето се раѓаат како женски или машки деца (според генетскиот пол); тие учат да бидат девојчиња или момчиња, а потоа стануваат жени или мажи (полова припадност). Половата припадност укажува на тоа што значи да си момче или девојка, жена или маж во определено општество или култура. Општеството не учи на определени ставови, начин на однесување, улоги или активности кои се очекуваат од нас. Половата припадност ги дефинира улогите, одговорностите, ограничувањата, можностите и привилегиите на мажите и жените во која било смисла. Ваквиот тип стекнато однесување се нарекува **полов идентитет.**

Жените низ целиот свет обично се ставени во подредена положба во споредба со мажите-припадници на истото општествено или на исто економско ниво. Половите улоги и идентитетот, обично, наметнуваат и нерамноправен однос и различниот степен на моќ меѓу жените и мажите. Насилството врз жените и одобрувањето на тоа насилство, внатре во општеството и во културите, претствува еден од начините за манифестирање на тој нерамноправен однос и на различниот степен на моќ меѓу половите.

Сеопфатниот план за спречување и за реагирање на насилството треба да се насочи кон улогите и кон потребите, како на жените, така и на мажите, и начинот на кој тие заедно би можеле да станат фактори на промена. **Доколку, при работата со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност, се насочиме само кон жените, тогаш постои можност одговорноста за спречување и за реагирање на ваквото насилство да се префрли врз жртвите/ преживеаните лица.**

**Насилството** е средство со кое се вршат контрола и угнетување, кое може да вклучи емоционална, општетвена или економска присилба, принуда или притисок, како и физичка повреда. Може да претставува отворена закана, во облик на физички напад или закана со оружје; но, може да биде и во прикриена форма, во облик на заплашување, заканување, прогонување, измама или друга форма на психолошки или општествен притисок. Лицето кое е цел на таков вид насилство присилено е да се однесува според очекуваниот начин или да се однесува против својата волја заради страв.

Насилството претставува дело или серија на повеќе штетни дела од страна на сторител или од групата на сторители врз некое лице или врз група лица. Може да подразбира повеќе видови насилство или насилства кои се повторуваат во определен временски период со различно времетраење. Може да трае неколку минути, часови, денови или цел живот.

**Злоупотребата** претставува искористување на позицијата на моќ преку која сторителот стекнува контрола или надмоќ над злоупотребеното лице, употребувајќи или предизвикувајќи физичка или психичка траума или поттикнувајќи страв од таквата траума. Злоупотребата не им дава право на лицата да донесуваат слободни одлуки и ги принудува да се однесуваат спротивно на нивната волја.

**Принудата** претставува присилно дејствување или обид за присилба врз друго лице да постапува против сопствената волја со помош на: закана, вербално инсистирање, манипулирање, измама, културни очекувања и економска моќ.

> **„[Насилството врз жените...] се манифестира преку историски нееднаквиот однос на моќ меѓу жените и мажите кој довел до доминација над жените и до дискриминација од страна на мажите, до спречување на целосниот напредок на жените, покажувајќи дека насилството над жените е еден од клучните механизми по пат на кој жените се присилени да бидат во потчинета положба во однос на мажите.“**
>
> *Декларација на Обединетите нации за елиминирање на насилството врз жените*
> *23 февруари 1994 година*

**Моќта** значи способност за донесување одлуки. Употребата на моќта влијае врз односите. Кога моќта се употребува за донесување одлуки во врска со сопствениот живот, таа станува потврда на самоприфаќање и на самопочит, а за возврат ја негува почитта и прифаќањето на другите луѓе како рамноправни на себе. Кога се користи за доминација, моќта наметнува обврски, ограничувања, забрани и донесува одлуки за животите на другите. За да може да се спречи и да се одговори ефикасно на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, треба да се анализира и да се разбере односот на моќта меѓу мажите и жените, жените и другите жени, мажите и другите мажи, возрасните и децата, како и меѓу самите деца.

Во услови на хуманитарни кризи, засегнатите популации зависат од заштитата и од помошта која ја овозможуваат институциите. Вработениот персонал на хуманитарните организации, службениците во владата, службите за безбедност и во службите за спроведување на законот, се во привилегирана позиција бидејќи имаат моќ да донесуваат одлуки кои ќе влијаат врз благосостојбата на луѓето на кои им помагаат. **Експлоатацијата и злоупотребата** се појавуваат во случаи кога овие разлики на степенот на моќта се злоупотребува на штета на оние лица кои не се во можност да преговараат или да донесуваат одлуки на рамноправен начин. Експлоатацијата и злоупотребата може да добијат облик на физички и на психички притисок, или на друг облик на принуда (закани, убедувања, измама или уцена) со цел да се добие сексуална услуга или друг тип корист во размената на услугите.

> **Во институционална смисла, сексуалата експлоатација и злоупотребата од страна на хуманитарниот кадар претставува неуспех на хуманитарните агенции, чијашто декларирана улога е да обезбедуваат заштита и грижа.**
>
> *Интерагенциски постојан комитет*
> *Реферат за политиката на заштита од сексуална злоупотреба*
> *и експлоатација во хуманитарни кризни ситуации*
> *Рим, 9 април 2002 година*

**Согласност** претставува кога едно лице, слободно и доброволно, ќе се согласи да направи нешто врз база на претходно добиени информации. Поимот *против нејзината (сопствената) волја* се употребува за да се укаже на недостатокот на претходни информации. Не станува збор за добиена согласност во случај кога таа е остварена по пат на закани, на сила или со употреба на други средства на принуда, како што се: киндапирање, измама, итрина или лажно претставување.

Употребата на закани за одземање на определена добивка, или ветувања за стекнување определена предност, со цел да се постигне договор со некое лице, исто така, претставува злоупотреба на моќта; каква било согласност постигната на овој начин не се смета за доброволна. Согласност не постои и кога лицето е помладо од законски определената возраст за полнолетност или се смета за дете според применливите закони ( види Глава 5).

**Сторител** е лице, група или институција, кое директно применува, поддржува и оправдува вршење на насилство и други видови злоупотреба врз едно лице или врз група луѓе. Сторителите се наоѓаат во положба на реална или на замислена моќ на донесување одлуки и/или на управување и на тој начин може да вршат контрола врз своите жртви.

Убедувањето дека сторителите на сексуално насилство и на насилството базирано на полова припадност обично се непознати лица е само мит. Всушност, во повеќето случаи делата на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност се извршени од страна на лице кое го знае жртвата, а и повеќе случаи на насилство се однапред испланирани.

Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност може да биде извршено и од страна на членовите на семејството и на заедницата. Државите и инстиуциите го оправдуваат и го извршуваат сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност во случаи кога дискриминаторните постапки не се оспоруваат и не се спречуваат, дури ни со помош на правни и на политички инструменти. Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност, честопати, се извршува од страна на вооружените членови на завојуваните страни за време на војни и на судири.

**Понекогаш сторителите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност се истите тие луѓе за кои преживеаните веруваат дека ќе им помогнат и ќе ги заштитат.**

Во поголемиот број случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, сторителот е од машки пол, а жртвата/ преживеаната е жена. Поголемиот број сексуални насилства и насилства базирани на половата припадност насочени кон машки деца и мажи се извршени од страна на лица од машки пол.

**Интимни партнери** (сопрузи, момчиња). Во повеќето општества, под општо прифатената улога на машките интимни партнери се подразбира донесување на одлуки и надмоќ над женските партнерки. За жал, ваквата моќ и влијание, честопати, се врши со помош на дискриминација, на насилство и на злоупотреба.

**Членови на семејството, блиски роднини и пријатели.** Девојчињата се тие кои најчесто страдаат од сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност внатре во семејниот круг. Почнувајќи од негрижата, па сè до инцестот, овој облик на повреди на човековите права честопати не се ни пријавува бидејќи како сторители ги именува татковците, очувите, дедовците, браќата и/или чичковците и вујковците. Лошите традиционални обичаи се случуваат со знаење, а понекогаш и со учество на определени членови на семејството, блиски роднини и пријатели.

**Влијателни членови на заедницата** (просветни работници, раководители /лидери, политичари). Лидерите и другите членови на заедницата кои се на власт може да ја злоупотребат својата моќ преку извршување на дела на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Во такви случаеви, жртвата/преживеаното лице уште повеќе се спротивставува на пријавувањето на тоа насилство заради положбата на доверба и моќ која ја ужива сторителот во самата заедница.

**Безбедносни сили и војници, вклучувајќи ги и миротворците.** Војниците се најчество олицетворение на апсолутна моќ. Тие обично се вооружени и имаат мандат да ја осигураат безбедноста во заедниците. Во некои сиутации, војниците може да приведат и/или да уапсат лица и да поминат неказнети. Честопати, војниците и безбедносните сили се во ситуација да дадат или да одземат права или привилегии на бегалците. Преминувањето преку граница, поминување низ контролните пунктови и барањето на добра и услуги од вооружените сили може да го зголеми ризикот од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност, особено во случаите кои се однесуваат на жените-бегалци.

**Вработени во хуманитарни организации.** Во ситуации кога постојат бегалци меѓународните претставници, локалниот персонал и бегалците вработени во хуманитарни добротворни организации, тука вклучувајќи ги и невладини организации, организациите на ОН и министерствата на државата-домаќин, се ставени во позиција на голема моќ. Заедницата нив ги восприема како луѓе кои имаат пари, влијание и моќ. За жал, имало случаи кога вработените ја злоупотребиле својата моќ и извршиле дела на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Од голема важност е хуманитарните работници да добијат обука и да го зголемат разбирањето за полова припадност, како и за сексуалното насилство и за насилство базирано на половата припадност, и да поднесат одговорност за нивното недолично однесување. (Види Прилог 1 од Кодексот на однесување на УНХЦР 2002).

**Институции.** Практиката на дискриминаторското однесување при давањето на социјалната помош ја поддржува и ја зголемува нерамноправноста меѓу половите. Криењето информации, оддолжувањето и недавањето медицинска помош, понудата на нееднаква плата за иста работа или попречувањето на правдата претставуваат само неколку определени облици на насилство кои се извршуваат преку институциите.

> **Види, исто така, :**
> **Реферат за политиката на постојаниот меѓуагенциски комитет за заштита од сексуална злоупотреба и од експлоатација во хуманитарни кризи (2002).**
> **Кодекс на однесување на УНХЦР (2002).**

# Видови сексуални насилства и насилства базирани на полова припадност

Во наредната табела се објаснуваат некои од почестите форми на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Списокот не е ниту исцрпен, ниту исклучителен. Тој претставува практично средство кое може да се примени на секоја локација при определувањето на различните форми на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност кои постојат во таа област. Делата на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност се групирани во 5 категории:

- Сексуално насилство.
- Физичко насилство.
- Емотивно и психолошко насилство.
- Лоши традиционални обичаи.
- Социоекономско насилство.

## Сексуално насилство

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Силување и силување во брак. | Пробивање во кој било дел од телото на жртвата или на сторителот со полов орган, или во аналниот или во гениталниот отвор на жртвата со каков било предмет, или во кој било друг дел на телото со сила, со употреба на сила, со закана, со принуда, искористување на состојба на принуда, или против лице кое не е во состојба да даде доброволна согласност. (Меѓународен кривичен суд.) | Секое лице кое се наоѓа во положба на моќ, авторитет и контрола, вклучувајќи го тука и сопругот, интимниот партнер или негувател. |
| Сексуална злоупотреба на деца, одземање на невиност и инцест. | Какво било дело во кое се користи детеза сексуално задоволување. Какви било сексуални односи/интеракција со дете. | Лице во кое детето има доверба, вклучувајќи тука и родител, брат/сестра, член на поширокото семејство, пријател или непознат, просветен работник, постара личност, водач или кој било друг старател, кој било во позиција на моќ, авторитет и контрола врз детето. |
| Присилна содомија/анално силување. | Присилен/принуден анален однос, обично меѓу двајца мажи или меѓу маж и жена. | Кое било лице во положба на моќ, авторитет и контрола. |
| Обид за силување или обид за присилна содомија/анално силување. | Обид за присилен/принуден однос; без пенетрирање | Кое било лице во положба на моќ, авторитет и контрола. |
| Сексуална злоупотреба. | Сексуално пробивање, вистинско или под закана, како и недолично допирање, под присила или под нееднакви или принудни услови. | Кое било лице кое поседува моќ, авторитет и контрола, членови на семејството/ заедницата, колеги, како и непосреден раководител, непознат. |
| Сексуална експлоатација. | Која било злоупотреба во состојба на емотивност, при поседување на различен степен на моќ, или доверба заради сексуални цели; овде се подразбира моментално, општествено или политичко профитирање со сексуална експлоатација на друго лице(IASC). Сексуалната експлоатација претставува една од целите на трговијата со луѓе (однесување на сексуален начин, принудено соблекување и/или голотија, присилен брак, присилно раѓање деца, занимавање со порнографија и со проституција, сексуална изнуда заради добивање добра, услуги, дополнителни бенефиции, сексуално ропство). | Кое било лице кое поседува моќ, авторитет и контрола, вклучувајќи и хуманитарни работници , војници/службеници на контролни пунктови, просветни работници, шверцери, мрежи на трговија со луѓе. |
| Присилна проституција (исто така позната под името сексуална експлоатација). | Присилната/принудната сексуална трговија во замена за материјални средства, услуги и помош, главно е насочена кон исклучително чувствителни категории жени и девојчиња кои не се во можност да ги задоволат своите основни човекови потреби и/или потребите на своите деца. | Кое било лице во повластена позиција, кое поседува пари или контрола на материјални ресурси или услуги, кое важи за моќно лице, хуманитарни работници. |
| Сексуално вознемирување. | Кое било непожелно, обично повторувано и невозвратено додворување, небарано сексуално внимание, барање за сексуален пристап или наклонетост, сексуални алузии и други облици на вербално или на физичко однесување од сексуална природа, прикажување на порнографски материјали, кога се воведува на работното место, кога се поставува како услов за вработување создава застрашувачка, непријателска или навредлива работна средина. | Работодавачи, непосредни раководители или колеги, кое било лице во позиција на моќ, авторитет или контрола. |

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Сексуално насилство како оружје на војна и како мачење. | Злосторствата против човештвото од сексуална природа, вклучувајќи тука и силување, сексуално ропство, присилен абортус или стерилизација или некои други облици на спречување на раѓање, присилна бременост, присилно раѓање и присилно одгледување деца. Сексуалното насилство како облик на мачење се дефинира како чин или закана од сексуална природа со кој се нанесува тежок душевен и физички бол или страдање заради казнување, добивање информација, признавање од страна на жртвата или од трето лице, застрашување на жртвата или на трето лице или заради уништување на, во целост или дел од, една национална, етничка, расна или верска група. | Честопати се извршуваат, се одобруваат или се нарачуваат од страна на војската, полицијата, вооружените групи или други учесници во конфликтот |

## Физичко насилство

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Физички напад. | Тепање, удирање со тупаници, клоцање, гризење, горење, осакатување или убивање, со или без оружје; честопати се користи во комбинација со други форми на сексуално насилство или на насилство базирано на половата припадност. | Сопруг, интимен партнер, член на семејството, пријател, познаник, непознат, кој било во позиција на моќ, припадници на конфликтни страни. |
| Трговија со луѓе, ропство. | Продавање, односно трговија со луѓе заради присилни сексуални активности, присилна работа или услуга, ропство или методи слични на ропство, потчинување или отстранување на органи. | Кој било во позиција на моќ или на контрола. |

## Емоционално и психолошко насилство

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Злоупотребу-вање/ Понижување. | Вербално злоупотребување неповрзано со секс, кое е навредливо, деградирачко, понижувачко; кое ја приморува жртвата/преживеаното лице да се однесува на понижувачки начин, било јавно или приватно; а ги одзема основните | Кое било лице кое поседува моќ или контрола; најчести сторители се сопрузите, интимните партнери или членовите на семејството кои имаат авторитет. |
| Притвор. | Изолирање на лице од пријателите/ семејството, ограничување на движењето, одземање на слободата или попречување/рестрикција на правото н а слободно движење. | Кое било лице кое поседува моќ или контрола; најчести сторители се сопрузите, интимните партнери или членови на семејството кои имаат авторитет. |

## Штетни традиционални обичаи

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Осакатување на женски полови органи. | Сечење на половите органи во немедицински цели, обично извршени во рана возраст; што варира од делумно до целосно сечење, отстранување на гениталиите, зашивање заради културни или нетераписки цели; честопати повеќекратно извршено во текот на животот, односно по породување или доколку жената/ девојчето била жртва на сексуално насилство. | Лица кои применуваат традиционална медицина чии активности ги поддржуваат, и ги одобруваат семејствата, религиозните групи, целокупната заедница и некои држави. |
| Рано стапување во брак. | Договорен брак под возраста за законска согласност (полов однос во овој тип врски се смета за законско силување, бидејќи девојчињата не се законски способни да се согласат на таков брак). | Родителите, заедницата, државата. |
| Присилен брак. | Договорен брак против волјата на жртвата/ преживеаното лице;честопати на семејството му се исплаќа чеиз; кога ќе се одбие бракот, последиците се насилни и/или навредливи. | Родителите, заедницата, државата. |
| Убиство заради чест и осакатување. | Осакатувањето или убиството на жена или на девојка како казна за делата кои се сметаат за недолични за нејзиниот пол и за кои се смета дека носат срам за семејството или за заедницата (на пр. истурање киселина на лицето на девојката како казна за срамот нанесен на семејството затоа што се обидела да се мажи за некого кој не е одбран од семејството), или заради задржување на семејната чест (искупување за навреда нанесена од страна на машки член на семејството). | Родител, сопруг, членови на семејството или на заедницата. |
| Чедоморство и/или запоставување. | Убивање, криење храна и/или запоставување на женските деца заради тоа што се сметаат за помалку вредни во општеството во однос на машките деца. | Родителите, други членови на семејството. |
| Лишување од образование на девојчиња и на жени. | Отпишување на девојки од училиште, забранување/оневозможување на пристап на девојчињата и на жените до основно, техничко, професионално и научно знаење. | Родителите, други членови на семејството, заедницата, некои држави. |

## Социоекономско насилство

| Вид дело | Објаснување/Примери | Може да го извршат |
|---|---|---|
| Дискриминација, и/или лишување од можности, услуги | Исклучување, недозволување на пристап до образование, здравствена заштита или платена работа; лишување од правата на сопственост. | Членови на семејството, општеството, институции и организации, владини претставници |
| Општествена изолација/ исклучување базирано на сексуална ориентација. | Оневозможување на пристап до услуги; социјална помош или користење и уживање на граѓански, економски, културни и политички права, наметнување на кривични казни, дискриминаторско однесување или физичка или психолошка повреда и толерирање на дискриминаторското однесување, јавно или приватно непријателство кон хомосексуалците, транссексуалци и трансвеститi. | Членови на семејството, општеството, институции и организации, владини претставници. |
| Опструктивна законодавна практика. | Оневозможување на пристап за користење и за уживање на граѓански, социјални, економски, културни и политички права, | Семејството, заедницата, институцијата и државата. |

# Каде и кога се случуваат сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност ?

Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност може да се случи секогаш и секаде. Се користи како воено оружје; се извршува во наводната сигурност на сопствениот дом. Исто како што законите и структурите коишто го управуваат општеството влијаат врз однесувањето на поединецот, така и ставовите на поединецот може да влијаат врз начинот на кој семејствата, заедниците и општествата реагираат на определени видови однесување. Следната шема ја претставува јасната врска меѓу поединецот и општеството.




На ниво на *поединец*, степенот на знаење, личната безбедност, пристапот до и контролата на ресурсите, услугите и социјалната помош, личната приказна и ставовите кон половата припадност може да извршат влијание врз тоа дали лицето ќе стане жртва/преживеано лице или сторител на насилство.

Второто ниво, *односот*, го отсликува непосредниот контекст во кој може да се појави злоупотреба: меѓу поединци, дури и внатре во семејството. На ова ниво, постојната рамноправност во поглед на различниот степен на моќ меѓу поединците започнува да ги зајакнува позициите на потчинетост/ привилигираност.

Нивото на *заедница*, ја претставува динамиката меѓу луѓето врз кои социјализацијата извршила влијание преку локалните структури, како што се: училиштата, здравствените институции, групи на рамноправни членови и односите на работното место. За бегалците оваа структура постои во бегалскиот камп или населба, каде расположливоста на или пристапот до социјалната заштита и самиот план на кампот може да има директно влијание врз тоа дали ќе се појават случаи на сексуално насилство или на насилство базирано на половата припадност или нема да се појават.

*Општеството* ги опфаќа културните и социјалните норми за улогите на половите, ставовите кон децата, кон жените и кон мажите, законските и политичките рамки кои го определуваат однесувањето, како и ставот кон употреба на насилството како средство за решавање на конфликти.

Јасно е дека настанатите промени во однесувањето и ставовите во која било од овие области може да изврши влијание врз сите нив. Заради тоа, интервенциите за спречување или за реагирање на сексуалното насилство или на насилството базирано на сексуална припадност треба да се насочени кон сите нивоа.

**Сексуалното насилство и насилството базирано на сексуалната припадност се појавува во сите слоеви на општеството, во сите култури, религии, раси, полови и возрасти.**

## Сексуално насилство и насилство базирано на сексуалната припадност за време на еден бегалски циклус

За време на вооружен судир се рушат општествените структури. Во моментот кога бегаат од борбите и кога бараат азил, жените и децата се изложени на дополнителен ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на сексуалната припадност. За време на бегството членовите на семејството честопати се растураат, оставајќи ги децата одделени од останатиот дел на семејството, а жените остануваат единствените лица одговорни за заштита на семејството и за одржување на домаќинството. Следната табела, која е преработена верзија на табелата изработена од страна на С. Пурдин, ги опишува типовите на насилство кое може да се случи во различни фази на еден бегалски циклус.

| Фаза | Вид насилство |
|---|---|
| **За време на судир, пред бегство.** | Злоупотреба од страна на лица на власт: сексуална размена на жени; сексуално напаствување; силување; киднапирање од страна на вооружени членови на завојуваните страни, вклучувајќи ги и безбедносните сили; масовно силување и присилна бременост. |
| **За време на бегство.** | Сексуален напад од страна на разбојници, граничари, пирати/крадци; заробување/запленување заради трговија од страна на шверцери, трговци со робови. |
| **Во државата на азил.** | Сексуален напад; принуда, изнуда од страна на лица на власт; сексуална злоупотреба на деца сместени во семејства за згрижување; домашно насилство; сексуална злоупотреба на деца сместени во транзитни центри (за време на собирање дрва, полнење вода) итн.; секс заради преживување/присилна проституција; сексуална експлоатација на лица кои бараат правен статус во државата на азил или пристап до помош и засолниште, продолжување на лошите традиционални обичаи. |
| **За време на репатријација.** | Сексуална злоупотреба на жени и на деца кои се одвоени од своите семејства; сексуална злоупотрба од страна на лица на власт; сексуални напади, силување од страна на разбојници, граничари, присилна/принудна репатријација. |
| **За време на реинтеграција.** | Сексуална злоупотреба на повратници како начин на одмазда; сексуална изнуда заради регулирање на правен статус, исклучување од процесот на донесување одлуки; оневозможување или спречување на пристапот до ресурси, право на лична документација и право на враќање/поседување на имот. |

## Сексуално насилство и насилство базирано на сексуалната припадност за време на еден животен циклус

Следната табела, изработена од страна на Л. Хеисе, ги опишува формите на насилство на кои може да бидат изложени жените во различни стадиуми од нивните животи.

| Фаза | Вид насилство |
|---|---|
| **Пред раѓање.** | Селективен абортус зависно од полот на детето; тепање за време на бременост; принудна бременост. |
| **Рано детство.** | Чедоморство на женски деца; емоционална и физичка злоупотреба; подвоен пристап до храна и до здравствена заштита. |
| **Моминство.** | Детски брак; осакатување на полните органи; сексуална злоупотреба од страна на членови на семејството и непознати лица; подвоен пристап до храна, до здравствена заштита и до образование |
| **Пубертет.** | Насилство за време на додворување; секс под економска принуда (на пр. заради плаќање школарина); сексуална злоупотреба на работно место; силување; сексуално вознемирување, договорен брак; трговија со луѓе. |
| **Репродуктивна возраст.** | Физичка, психолошка и сексуална злоупотреба од страна на интимните машки партнери и роднини; бремености под присила на партнерот; сексуална злоупотреба на работното место; сексуално вознемирување; силување; злоупотреба на вдовици, вклучување и одземање на имот и практика на сексуално чистење. |
| **Стари лица.** | Злоупотреба на вдовици, вклучувајќи и одземање на имот; обвинувања за гатање/магии; физичко и психолошко насилство од страна на помладите членови на семејството; подвоен пристап до храна, здравствена заштита. |

# Причини и последици од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност

За да се испланираат соодветни програми за спречување и за реакција на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, важно е да се анализираат причините и последиците од такво насилство во која било средина. Разбирањето на причините ќе ви помогне да развиете ефикасни дејства за спречување на насилството; а сфаќањето на последиците ви овозможува да развиете соодветни пакети за помош на жртвите/ преживеаните лица.

**ПРИЧИНИ -> Дејства за спречување**
**ПОСЛЕДИЦИ -> Дејства за реакција**

## Причини за сексуално насилство и за насилство базирано на полова припадност

Основните причини за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност лежат во ставовите и во постапките на општеството во врска со половата дискриминација, која што ги става жените во подредена положба во однос на мажите. Недоволното признавање на социјалните и на општествените вредности на жените и нивната работа, како и општо прифатените улоги на половите ја продолжуваат и ја зајакнуваат претпоставката дека мажите имаат моќ за донесување одлуки и контрола над жените. Со помош на чиновите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, без разлика дали е поединечно или колективно, сторителите настојуваат да ги задржат своите привилегии, моќ и контролата над другите.

Улогата на половите, како и нивниот идентитет се определува според генетскиот пол, возраста, социоекономските услови, етничката припадност, националноста и вероисповеста. Односот меѓу мажите и жените, односот жена-жена, како и маж-маж се обележани од различните нивоа на власт и моќ кои ги одржуваат привилегиите и подреденоста меѓу членовите на општествтото. Занемарувањето или недостатокот на свест за човековите права, за рамноправноста меѓу половите, за демократијата и ненасилните начини за решавање на проблемите ги поддржуваат ваквите нееднаквости.

## Фактори на ризик кои придонесуваат кон насилството

Иако нееднаквоста меѓу половите и дискриминацијата се основни причини за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност, разни други фактори одлучуваат за степенот на насилство во кое било определено опкружување. Важно е да се разберат овие фактори за да се изготви ефикасна стратегија за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилство базирано на половата припадност.

**Еднаквиот степен на пристап до, и контрола над, материјалните ресурси и до социјалната помош, како и рамноправното учество на жените во процесот на донесување одлуки треба да бидат дел од сите програми, независно од тоа дали јасно се насочени кон сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност или се одговор на потребите на населението во кризни ситуации и во состојба на закрепнување и на развој.**

Следната табела дава објаснување за некои причини и фактори на ризик кои може да ја зголемат опасноста да се стане жртва/преживеано лице на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност:

## Причини и фактори на ризик за СН и за НБПП

| | |
|---|---|
| **Поединечни фактори на ризик.** | **Губење на сигурност.<br>Зависност.<br>Физичка и душевна неспособност.<br>Недостаток на избор за соочување со промените во однос на општествено-економскиот статус.<br>(Зло)употреба на алкохол и на дрога.<br>Психолошка траума и стрес од конфликт, бегање, раселување.<br>Нарушени улоги во семејството и во заедницата.<br>Неупатеност/недостаток на спознание за правата на поединецот заштитени со национален и на меѓународен закон.** |
| **Општествени норми и култура.** | **Дискриминаторски културни и традиционални убедувања и практики.<br>Религиозни верувања.** |
| **Законска рамка и практика во државата-домаќин односно државата на потекло.** | **Дискриминација и одобрување на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.<br>Недостаток на законска заштита за правата на жените и децата.<br>Непостоење закони против сексуално насилство и против насилство базирано на половата припадност.<br>Немање доверба во органите за спроведување на власта.<br>Примена на вообичаени и традиционални закони и практики кои спроведуваат полова дискриминација.<br>Општа нечувствителност и немање пропагандни кампањи за осудување на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.<br>Дискриминаторски практики во примена на правосудство и во примена на законите.<br>Недоследно пријавување на случаите и недоверба во процесот на спроведување на правдата.<br>Недостаток на волја за ефикасно спроведување на сите случаи пријавени на властите.<br>Мал број кривични гонења во однос на бројот на пријавените случаи.<br>Недостапност на полицијата и на судовите заради оддалеченоста на камповите.<br>Недоволен број жени-полицајци.<br>Недостаток на административни ресурси и опрема за локалните судови и за службите за безбедност.<br>Закони или практики при спроведување на правдата кои поддржу-ваат определена полова припадност.** |
| **Војна и вооружен судир.** | **Распаѓање на општествената структура.<br>Примена на политичка моќ и контрола над другите заедници.<br>Етнички разлики.<br>Социоекономска дискриминација.** |
| **Ситуации во врска со бегалци, со повратници и со раселени лица.** | **Пропаѓање на општествените и на семејните структури за поддршка.<br>Географска локација и локална средина (област со висок степен на криминал).<br>План и општествената структура на кампот (пренаселеност, повеќе-семејни живеалишта, заеднички засолништа).<br>Планирање на услуги и на објекти.<br>Доминантно машко раководство во кампот; одлуките се донесуваат врз база на предрасуди во поглед на половите.<br>Ограничен пристап до храна, до гориво, можност за заработка, што доведува до селење во изолирани области.<br>Недоволен степен на полициска заштита.<br>Недоволно присуство на УНХЦР/НВО-а во кампот.<br>Недоволен број безбедносни патроли.<br>Недоволен број картони за регистрација и документи за идентификација<br>Непријателски расположено локално население (бегалците се сметаат за материјално привилегирани).** |

# Последици од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност

Кај жртвите/лицата кои преживеале сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност постои ризик од сериозни здравствени и психосоцијални проблеми, понекогаш и смрт, дури и во отсуство на напад. Не треба да се потценува можноста за појава на исцрпувачки дологотрајани последици предизвикани од емотивна и од физичка траума.

Разбирањето на потенцијалните последици од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност, ќе им помогне на актерите во изготвување на соодветни стратегии за реакција кон овие последици и за спречување на понатамошното страдање.

Во следниот краток преглед на последици, направена е поделба по сектори.

## Здравствен сектор

Постојат сериозни последици и последици кои се потенцијално опасни по живот кај сите видови сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност.

| **Фатални исходи** |
|---|
| **Убиство.**<br>**Самоубиство.**<br>**Смртност кај мајките.**<br>**Смртност кај децата.**<br>**Смртност поврзана со СИДА.** |

| **Нефатални исходи** | | |
|---|---|---|
| **Акутни физички** | **Хронични физички** | **Репродуктивни** |
| **Повреда.**<br>**Шок.**<br>**Болест.**<br>**Инфекција.** | **Инвалидитет.**<br>**Жалење на соматски болки.**<br>**Хронични инфекции.**<br>**Хронична болка.**<br>**Гастроинтестинални проблеми.**<br>**Нарушување во исхраната (булимија, анорексија).**<br>**Нарушувања на сонот.**<br>**(Зло)употреба на алкохол/дрога.** | **Спонтан абортус.**<br>**Несакана бременост.**<br>**Небезбеден абортус.**<br>**Сексуално преносливи болести, вклучувајќи ХИВ/СИДА.**<br>**Менструални нарушувања.**<br>**Компликации во бременоста.**<br>**Гинеколошки нарушувања.**<br>**Сексуални нарушувања.** |

## Психосоцијален сектор

| Емоционални и психолошки последици | Општествени последици |
|---|---|
| Посттрауматски стрес.<br>Депресија.<br>Вознемиреност, страв.<br>Бес.<br>Чувство за: срам несигурност, самоомраза, самообвинување.<br>Душевна болест.<br>Самоубиствени мисли, однесување. | Обвинување на жртвите/ преживеаните лица.<br>Губење на улоги/функции во општеството (на пр. можноста за заработка, грижата за децата).<br>Општествено жигосување.<br>Социјално отфрлање и изолација.<br>Феминизација на сиромаштијата.<br>Зголемена нерамноправност меѓу половите. |

- Повеќето општества тежнеат кон обвинување на жртвите/ преживеаните лица. Ваквото социјално отфрлање резултира во создавање на дополнителна емоционална штета, придружена со чувство на срам, на самоомраза и на депресија.

- Како резултат на страв од јавна осуда, поголемиот број жртви/ преживеани лица никогаш не го пријавуваат случајот на насилство. Навистина, повеќето случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност остануваат непријавени.

## Правен/Правосуден сектор

- Доколку националните закони не нудат соодветна заштита од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност, или доколку практиката на судските органи и органите за спроведување на законот е дискриминаторска, овој вид насилство може да се извршува без да биде казнето.

- Ставот на заедницата за обвинување на жртвите/преживеаните, честопати, се рефлектира во судниците. Повеќето кривични дела поврзани со сексуални насилства и со насилства базирани на половата припадност се отфрлаат или им се изрекуваат благи казни на осудените сторители. Во некои држави, казната која им се изрекува на сторителите претставува уште една повреда на правата и на слободите на жртвите/преживеаните лица, како на пример во случај на присилно стапување во брак со сторителот. Тежината на емоционалната повреда на жртвите/преживеаните лица се зголемува со самата импликација дека сторителот не е виновен.

## Сигурносен/Безбедносен сектор

- Жртвата/преживеаното лице се чувствува небезбедно, загрозено, исплашено, незаштитено и подложно на ризик од понатамошно насилство.

- При работа на расветлување случаи на трговија со луѓе, полицијата и вработените во службата за безбедност се изложени на опасност од освета.

- Доколку полицијата и вработените во службата за безбедност се нечувствителни кон потребите на жртвите/преживеаните лица за итна помош и со нив не се однесуваат со достоинство и со почит, може да се јави дополнителна повреда и траума како резултат на задоцнето давање помош и на бесчувствителен однос.

# Клучни точки за помнење

- Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност ги крши човековите права. УНХЦР и државите ја споделуваат одговорноста за обезбедување на заштита на бегалците и на другите раселени лица. Спречувањето и реагирањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност насочено кон бегалците е дел од целокупната стратегија за заштита на бегалците.
- Жените и девојчињата го претставуваат најголемиот број од жртвите/преживеаните лица на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, иако момчињата и мажите, исто така, може да бидат жртви/преживеани лица.
- Полова припадност се однесува на она што значи да си машко или женско, жена или маж во определено општество или култура.
- Еден сеопфатен план за спречување и за одговор на насилството треба да биде насочен кон улогите и потребите, како на жените, така и на мажите, и кон начинот на кој тие заедно би можеле да станат двигатели на промените.
- Повеќето чинови на сексуално насилство и на насилството базирано на половата припадност се извршуваат од лице кое го познава преживеаниот.
- Сторителите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност понекогаш се истите оние луѓе врз кои се потпираат преживеаните за добивање помош и заштита.
- Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност се случува кај сите класи, култури, религии, раси, полови и возрасти. Интервенциите за спречување и за одговор на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба да се насочени кон поединци, кон блиски врски, како и кон заедницата и општеството воопшто.
- Поимањето на причините за појава на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност ќе помогне во развојот на ефективни активности за нивно спречување, сфаќањето на последиците од сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност овозможува развој на соодветни пакет-мерки за помош на жртвите/преживеаните.
- Половата нерамноправност и дискриминација се основните причини за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност.
- Подеднаков пристап до, и контрола над, материјалните ресурси и социјалната помош, како и рамноправно учество на жените во процесот на донесување одлуки, треба да биде дел од секоја програма, без разлика на тоа дали програмата е јасно насочена кон сексуалното насилство и кон насилството базирано на половата припадност или претставува одговор на некоја вонредна состојба, период на закрепнување или е одговор на развојните потреби на населението.
- Никогаш не треба да се потцени можноста од појава на исцрпувачка долготрајна последица како резултат на емоционална и на физичка траума.

# ГЛАВА 2
# РАКОВОДНИ НАЧЕЛА

**Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност претставува проблем кој врши влијание врз поединеците, врз заедниците и врз институциите. Со оглед на степенот на комплексност, сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност најдобро се решава со заедничка работа на повеќе сектори, на организации и на дисциплини, преку препознавање и подготвување на заеднички стратегии кои се занимаваат со овој вид повреди на човековите права. Сите актери вклучени во подготвувањето на овие стратегии треба едногласно да се придржуваат кон Раководните начела и да сфатат дека СН и НБПП претставуваат повреда на човековите права. Раководните начела врз кои треба да се темелат сите програмски активности се: целосна ангажираност на бегалската заедница; да се обезбеди подеднаква застапеност на жените и на мажите, на девојчињата и на момчињата при: планирање, примена, следење и вршење процена на програмите; да се обебеди координирана повеќесекторска активност на сите актери; да се стремат кон интегрирање и кон општо прифаќање на активностите; и да се определи степенот на одоговорност на секое ниво. Раководните начела врз кои треба да се потпрат сите активности со поединците се: обезбедување физичка безбедност на жртвите/преживеаните; гаранција на доверливоста; почитување на желбите, на правата и на достоинството на жртвите/ преживеаните лица; размислување во насока на најдобриот интерес на детето, секогаш кога се донесува каква било одлука за најсоодветниот начин за спречување или за реагирање при определен случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.**

За да се започне со решавање на овој сложен проблем на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, потребна е соработка и заеднички напор на разни сектори, организации и дисциплини. Сите актери вклучени во развојот на старатегии за спречување и за регирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба едногласно да се придржуваат кон Раководните начела врз кои ќе се заснова нивната работа. Овие начела може да се поделат на начела кои го насочуваат развојот, спроведувањето и следењето на програмите и начела кои раководат со заштитата и со давањето помош на поединци кои се жртви/преживеани лица на насилство, независно од тоа дали се мажи, жени или деца. (Види Глава 5 за поконкретни Раководни начела во врска со децата).

Глава 1
Глава 2
Глава 3
Глава 4
Глава 5
Глава 6
Глава 7
Глава 8

**Раководни начела**

**Програмски**

- **Ангажирање на бегалската заедница во целост.**
- **Обезбедување на рамноправно учество на жените и на мажите, на девојчињата и на момчињата, во процесот на планирање, на спроведување, на следење и на проценување на програмите.**
- **Обезбедување координирани, повеќесекторски активности на сите актери.**
- **Стремеж кон интеграција и кон општо прифаќање на активностите.**
- **Определување на степенот на одговорност за секое ниво.**

**Индивидуални**

- **Гаранција на физичката безбедност на жртвите/ преживеаните лица.**
- **Гаранција на доверливоста.**
- **Почитување на желбите, на правата и на достоинството на жртвите/преживеаните лица и размислување во насока на најдобриот интерес на детето во моментот на донесување на каква било одлука за најсоодветниот начин за спречување или за реагирање при појава на определен случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.**
- **Спречување на дискриминацијата.**

Раководните начела вградени во други документи, како на пример во кодексите на однесување, треба да се применуваат и да се споделуваат од страна на сите учесници во програмата.

# Програмски начела

**Ангажирање на бегалската заедница во целост.** Бегалската заедница треба да биде во центарот на сите програмски активности кои се однесуваат на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност. Ангажирањето на заедницата во процесот на одлучување е од пресудно значење. За да се разбере релацијата на моќ меѓу половите и другата динамика при распределбата на моќта во заедницата, потребно е да се започне со истражувачка работа.

**Обезбедување на рамноправно учество на жените и на мажите, на девојчињата и на момчињата, во процесот на планирање, на спроведување, на следење и на проценување на програмите.** Во сите фази на подготовка на програмите за спречување и за реагирање на сексуалното насилство би требало да земат учество повеќе групи и поединци од различни области.

**Стремеж кон интеграција и кон општо прифаќање на активностите.** Активностите за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба да се општо прифатени и интегрирани во постојните програми или проекти. Тие не треба да бидат поставени на начин кој ги определува како специјални програми или проекти, бидејќи со тоа се поткопува нивната долгорочна одржливост.

**Обезбедување координирани, повеќесекторски активности на сите актери.** За успешна реализација на програмите насочени кон решавање на проблемите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, огромна улога игра учеството на клучните сектори (социјалната служба, здравството, секторот за правна заштита, секторот за безбедност). Актерите (владите, невладините организации и УНХЦР) треба да бидат подготвени за соработка, за заедничка координација и за потпомагање.

**Определување на степенот на одговорност на секое ниво.** Сите оние кои учествуваат во програмите насочени кон решавање на проблемите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба да поднесат одговорност за нивните активности и за успешното завршување на договорените задачи и должности.

# Индивидуални начела

**Гаранција на безбедноста на жртвите/ преживеаните лица и нивните семејства во секое време.** Запомнете дека жртвата/преживеаната личност може да биде исплашена и да треба да ја уверите во нејзината лична безбедност. Во секој случај, потребно е да ја убедите дека не постои ризик од појава на понатамошна повреда од страна на напаѓачот или од другите членови на заедницата. Доколку е потребно, побарајте помош од страна на безбедносните служби во кампот, од полицијата или другите органи за спроведување на законот, од теренските службеници или од некоја друга служба. Водете сметка за сигурноста и за безбедноста на лицата кои им помагаат на жртвите/преживеаните, како што се семејствата, пријателите, социјалните работници, претставниците на службите кои работат на полето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, како и за здравствените работници.

**Секогаш почитувајте ја приватноста на повредените лица и на нивните семејства.** Ова значи: споделете ги само непоходните информации по поднесеното барање и по добиеното одобрение од страна на жртвата/преживеаното лице, со оние актери кои се вклучени во процесот на давање помош. Треба да се почитува приватноста и на сторителот. Информациите во кои се споменува името на жртвата/ преживеаното лице не треба да се откриваат. Информациите кои се однесуваат на жртвата/ преживеаното лице може да се споделат со трето лице откако ќе се побара и ќе се добие јасна писмена согласност од страна на жртвата/преживеаното лице (или од неговите родители, доколку се работи за дете).

Целата писмена документација мора да се чува во безбедни, заклучени регистри. Кога ќе се јави потреба определен извештај или податок јавно да се објави, тогаш само еден службеник во организацијата треба да има овласување за издавање на такво соопштение. Тоа лице има право да ги открие само општите податоци за жртвите/преживеаните лица. Сите други лични податоци (име, адреса итн.) треба да бидат отстранети.

**Вработените кои се занимаваат со сексуално насилство и со насилство базирано на половата припадност треба да потпишат заклетва за доверливост на податоците.**

Понекогаш, за време на разговорите со жртвите/преживеаните лица, може да се јави потреба од преведувачи. Во тој случај, препорачливо е да се ангажираат преведувачи кои не припаѓаат на истата заедница и да се определат условите под кои ќе ја вршат нивната работа. Бидејќи обучените, независни толкувачи/преведувачи не се секогаш достапни, организациите треба да определат соодветни финансиски средства и човечки ресурси со цел да обезбедат квалитетно толкување/превод.

Почитувањето на желбите, на правата и на достоинството на жртвата/преживеаната личност треба да бидат темел на сите преземени активности.

- Спроведете го разговорот во приватно опкружување, а доколку е можно со преведувач од истиот пол.
- Секогаш настојувајте разговорот и сослушувањето на жртвата/ преживеаното лице да биде извршено од страна на службеник од истиот пол (на пр. жена жртва/ преживеано лице со жена преведувач).

- Бидете внимателен слушател.
- Однесувајте се без предрасуди.
- Бидете трпеливи, не ја присилувајте жртвата/преживеаното лице да зборува за сопственото искуство, доколку не е подготвена за тоа.
- На жртвата/преживеаното лице поставувајте ѝ само релевантни прашања.
- Девственоста на жртвата/преживеаното лице не е предмет на разговор и за неа не треба да се дискутира.
- Избегнувајте ситуации во кои жртвата/преживеаното лице мора да ја повторува приказната во тек на различни разговори.
- Немојте да се смеете и не покажувајте какво било непочитување кон лицето и кон неговата култура, кон семејството или кон ситуацијата.
- Жртвата/преживеаното лице треба да се упати до соодветни/ релевантни актери во случај кога не може да се најде квалификувано лице за спроведување на разговор.
- Прашајте ја жртвата/преживеаното лице дали сака нејзиниот венчан/невенчан партнер да биде присутен за време на разговорот.

Доколку жртвата/преживеаното лице е дете, начелото **да се има во предвидјдобриот интерес на детето,** треба да помогне при донесување на одлука за видот на помошта и поддршката која ќе му биде дадена. (види Глава 5 за повеќе детали)

**Спречување на дискриминација.** На секој возрасен или на дете, без разлика на полот треба да му се даде подеднаква нега и поддршка. Треба да се постапува еднакво и праведно кон жртвите/преживеаните лица, без разлика на која раса, вероисповест, националност и сексуална ориентација припаѓаат.

**Пет обврзувачки начела на УНХЦР врзани за жените бегалци**

УНХЦР се обврза да спроведе пет клучни обврзувачки начела за унапредување на правата на жените-бегалци, општо прифатлива рамноправност меѓу половите во новите текови на општеството, како и да помогне во спречување и обезбедување сочувствителна реакција кон сексуалното насилство и кон насилството базирано на половата припадност. Иако овие пет обврзувачки начела не сочинуваат комплетен список на приоритети на жените-бегалци, тие претставуваат значаен елемент за елимининација на чувствителноста на бегалците кон сексуалното насилство и кон насилството базирано на половата припадност. Тие обврзувачки начела се:

1. Развивање интегрирани стратегии на државно ниво кои се насочени кон решавање на проблемот на сексуалното насилство, вклучувајќи го и семејното насилство, против жените-бегалци.
2. Поединечно регистрирање на жените-бегалци и обезбедување документи со кои ќе им се гарантира личната безбедност, слободата на движење и пристапот до неопходните услуги. Жените и мажите бегалци треба рамноправно да учествуваат во процесот на регистрација.
3. Да се погрижи 50 % од претставниците на сите раководни комисии и другите органи кои ги застапуваат бегалците за УНХЦР во урбани, во рурални и во камп средини да бидат жени.
4. Да обезбеди посредно и непосредно учество на жените-бегалци во процесот на организирање на распределбата на храна и на други непрехранбени производи на тој начин што ќе се конторилираат овие производи непосредно од страна на постарите женски членови на семејствата.
5. Обезбедување санитарни материјали за сите жени и за девојчиња од интерес на УНХЦР треба да стане вообичаена практика и дел од Програмите за помош на УНХЦР.

# Повеќесекторски пристап

Повеќесекторскиот пристап е рамка според која се подготвуваат активностите за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност. Наредниов дијаграм го покажува начинот на кој работат различните актери со цел да одговорат на потребите на жртвите/преживеаните лица.




| | |
|---|---|
| **Заштита** | Меѓународната заштита подразбира преземање на сите потребни чекори за адекватна заштита на бегалците и можност за користење и за уживање на нивните права. УНХЦР треба да биде водич во напорите за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност врз бегалците. |
| **Активности на бегалската заедница** | Бегалците треба активно да се вклучени во процесот на подготвување, во планирање и во спроведување на сите активности, како и оние насочени кон спречувањето и кон реагирањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност. Многу е битно да се вклучат мажите и адолесцентите, како и жените, во активностите насочени кон спречување и кон реагирање на ваквото насилство. Во ситуации кога постојат бегалци, во повеќето раководни структури доминираат мажи. Мажите-лидери имаат големо влијание врз општата машка популација и на тој начин може да помогнат во ширењето на пораката за спречување на ваквото насилство. Тие, исто така, може да помогнат при процесот на покренување на прашањата за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност во локалните или во традиционалните судови. Со вклучување на адолесцентите, може да се започне со промена на ставовите и на претпоставките кои се основа на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност. Кога сите членови на заедницата земаат учество во спречувањето и реагирањето на насилството, заедницата поприма поголемо чувство за одговорност кон оние кои се подложни на ризик од насилство и кон жртвите/лицата кои преживеале насилство. |
| **Координативна функција** | Реченицата на врвот на дијаграмот ги претставува начелата и оперативните норми одобрени од страна на сите актери кои раководат со сите активности. Тоа се: методи за координација, раководни начела и системи за насочување меѓу различни актери. |
| **Учество на сите клучни актери** | Реченицата на крајот на дијаграмот укажува дека постојат многу актери чиј придонес е неопходен, но тие не се конкретно вклучени ниту во групата бегалци, ниту во секторските групи. Нивните улоги и обврски треба јасно да се дефинираат. |

Спречувањето и реагирањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност подразбира активности преземени од страна на различни актери, повеќето од нив претставуваат еден од четирите клучни сектори: здравствениот, психосоцијалниот, безбедносниот и правниот/правосудниот сектор.

Актерите во **здравствениот сектор** го сочинуваат: вработените лица во здравствените домови, докторите, медицинските сестри, бабиците, персоналот во здравствената служба на заедницата, лица кои применуваат традиционална медицина, управници на здравствени домови, раководители и координатори, како и службениците и вработените во министреството за здравство во државата-домаќин.

Актерите во **психосоцијалниот сектор** го сочинуваат: вработените и доброволците внатре во заедницата, членовите на заедницата, невладините организации кои ги спроведуваат програмските активности во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност, просветните работници, групите бегалци, персоналот одговорен за стручна наобразба, персонал кој се занимава со прашањата за стекнување доход и овозможување микрокредити, како и службениците и вработените во социјалните служби на министерството за социјална политика на државата-домаќин.

Актерите во **сигурносниот и безбедносниот сектор** ги сочинуваат: полицијата, силите за безбедност, службениците надлежни за безбедност и за теренските службеници на УНХЦР и невладините организации, вработените задолжени за обезбедување на бегалците и лидерите на бегалците/членовите на заедницата.

Актерите во **правниот/правосудниот сектор** го сочинуваат: службениците во одделението за правна заштита на УНХЦР и организациите за човекови права, судиите и другите судски службеници во државата-домаќин, законодавците и изготвувачите на закони, лидерите на заедницата, како и на поткомитетите на бегалските одбори одговорни за санкционирање и за водење политика иницирана од страна на заедницата, органите за спроведување на власта, невладините организации и советодавните групи кои работат на подобрување на националните закони и политики во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност.

# Клучни точки за помнење

**Сите актери треба да се придржуваат кон наредниве начела:**

### Програмски

- Ангажирање на бегалската заедница во целост.
- Обезбедување рамноправно учество на жените и на мажите, на девојчињата и на момчињата во процесот на планирање, на спроведување, на реализација и на проценување на програмите.
- Обезбедување координирана, повеќесекторска активност на сите актери.
- Стремеж кон интеграција и кон општо прифаќање на активностите.
- Определување на степенот на одговорност на сите нивоа.

### Индивидуални

- Гаранција на физичката безбедност на жртвите/ преживеаните лица.
- Гаранција на доверливоста.
- Почитување на желбите, на правата и на достоинството на жртвите/ преживеаните лица, и да се земе предвид добриот интерес на детето, при донесување на каква било одлука за најсодветен начин на дејствување за спречување и за регирање на определен случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.
- Спречување на дискриминацијата.

**Да се користи повеќесекторскиот пристап во сите напори за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.**

# ГЛАВА 3
# СПРЕЧУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО И НА НАСИЛСТВОТО БАЗИРАНО НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ

**Само преку определување на факторите кои придонесуваат и влијаат врз видовите и застапеноста на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност може да се развијат соодветни и ефикасни превентивни стратегии. Активностите за спречување ги имаат за цел потенцијалните сторители, потенцијалните жртви и оние лица кои може да им помогнат. Оттука, активностите треба да се насочат кон бегалското население, вработените лица во хуманитарни организации, државјаните на државата-домаќин, како и владините службеници. Како што е случајот со сите програми за борба против сексуалното насилство и против насилството базирано на половата припадност, стратегиите за превенција се поефикасни кога сите сектори се вклучени во подготвувањето, за спроведувањето и во процената, вклучувајќи ги и бегалците.**

**Ефективните превентивни стратегии опфаќаат активности кои се насочени кон пет клучни цели: трансформација на социокултурните норми, со посебен акцент врз оспособувањето на жените и на девојчињата; обновување на структурите на семејството и на заедницата и на системите за поддршка; планирање на ефикасни служби и сместувачки капацитети; работа со формалните и традиционалните правни системи со цел нивната практика да се усогласи со меѓународните стандарди за човекови права; следење и документирање на случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.**

Спречувањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност подразбира пронаоѓање и отстранување на оние фактори кои ги прават определени членови на бегалската заедница чувствителни на ваквиот тип насилство и подготвување стратегии за подобрување на заштитата на сите бегалци. Овие стратегии ќе бидат најефикасни доколку се подготвени, спроведени и следени од сите сектори кои се вклучени во процесот на заштита и давање помош на бегалските заедници и на самите бегалци.

> **За да го СПРЕЧИТЕ сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност, мора да ги идентификувате, да ги разберете и да ги разработите ПРИЧИНИТЕ и ФАКТОРИТЕ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ кон ваквото насилство.**

Прво, идентификувајте ги факторите и прашањата кои се однесуваат на вашата средина со подготвување процена на потребите/анализа на ситуацијата (види Глава 6 за подетални информации).

- Информирајте се за културата, за традицијата на заштита, за обичаите и односите меѓу половите, односно односите на моќ во бегалската заедница или во заедницата на државата-домаќин.

- Препознајте ги ситуациите каде лицата од интерес би можеле да бидат изложени на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност на пр. места каде се врши диструбуција, центри за притвор, гранични премини, во барови каде се служи алкохол итн.
- Соработувајте со организациите кои се насочени кон обезбедување заштита, психо-социјални, безбедносни и правни услуги во државата-домаќин, со невладините организации и агенциите на ОН за развивање на заеднички превентивните мерки.

Само со определување на факторите кои придонесуваат и влијаат врз видот и врз сериозноста на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност може да се развијат соодветни и ефикасни превентивни стратегии. Факторите што може да влијаат врз поединците, врз групите и врз институциите се следниве:

- Демогафскиот состав на населението (корисно е да се има статистичка поделба по возраст и пол).
- Социјалните и културните норми на бегалската заедница.
- Семејната структура и системите за заштита во заедницата пред и по раселувањето.
- Знаењето, однесувањето, ставовите на лицата кои се во позиции на донесување одлуки и раководење.
- Служби и капацитети за сместување, вклучувајќи го и физичкото опкружување, конфигурацијата на теренот, пристапот до службите.
- Правната рамка, судската практика и традиција, како формална така и неформална

**Како што е случајот со сите аспекти на програмите за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, заедницата на бегалците треба да биде централно вклучена во процесот на определување на овие фактори и на подготвување на стратегии за нивно решавање.**

Активностите за спречување ги имаат за цел потенцијалните сторители на насилство, потенцијалните жртви/преживеани лица, и оние кои би можеле да им помогнат. Активностите треба да се насочени кон бегалската популација, вработените во хуманитарните организации, државјаните на државата-домаќин и владиното раководство.

Спречувањето опфаќа и постојано следење и процена на програмите, како и составување и анализа на податоците од извештаите за случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.

Ефикасните стратегии за спречување би опфатиле активности кои се насочени кон пет клучни цели:

- Трансформација на социокултурните норми, со акцент кон оспособување на жените и девојчињата.
- Обновување на структурите на семејството и на заедницата и системите за поддршка.
- Планирање на ефикасни служби и на сместувачки капацитети.
- Работа со формалните и со традиционалните правни системи со цел нивната практика да се усогласи со меѓународните стандарди за човекови права.
- Следење и документирање на случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.

# Трансформација на социокултурните норми

Како што е напоменато во главата 1, причините за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност се вкоренети во социокултурните норми на дискриминација и нееднаквост меѓу половите. Спречување на насилството и на насилството базирано на половата припадност значи бара промени во односите меѓу половите во заедницата односно општествено определените улоги, одговорности, очекувања, ограничувања, можности и привилегии кои се доделуваат на лицата во заедницата врз основа на нивниот пол.

Активностите за спречување насочени кон социокултурните норми се стремат да извршат промена во знаењето, во ставовите и во однесувањето. Целите во сите овие области се следниве:

| | |
|---|---|
| **Знаење:** | **Разбирање на човековите права: почитување на репродуктивните должности и на домашните работи; прифаќање на алтернативни полови улоги; користење на ненасилни методи за изразување на бес и фрустрација; свесност за постоењето на служби и поддршка за жртвите/преживеаните, како и за поддршка на сторителите.** |
| **Ставовите на заедницата:** | **Верување во еднаквоста на човековите права за секого, како на ниво на заедницата, така и на ниво на поединец; вреднување на придонесот на секој поединец во заедницата; вклучување на сите во процесот на донесување одлуки; поддршка на жртвите/лицата кои преживеале сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност; нетолеранција кон лицата кои ја злоупотребуваат својата моќ.** |
| **Однесување:** | **Ненасилно решавање на проблемите; почитување на сите поединци, без оглед на нивниот пол или половите улоги; пријавување на сите случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност; осудување на сторителот и на чинот и поддршка на жртвата/преживеаното лице.** |

Бидејќи се раселени и дневните навики им се нарушени, повеќето бегалци веќе почнале да чувствуваат промени во традиционалните улоги на половите. Програмите за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност може да поддржат долготрајни позитивни трансформации во односите на половите во една заедница. Превентивните активности може да помогнат во прекинување на лошите традиционални обичаи, како што е осакатувањето на женските полни органи.

## СТРАТЕГИЈА: Изработете кампањи за информирање, за едукација и за комуникација (IEC)[1]

Изработете и спроведете кампањи за развој на свеста со цел да се промовираат промените во ставовите, во знаењето и во однесувањето на заедницата. Темите би можеле да го опфатат следново:

- Полова припадност.
- Човекови права, особено правата на жените и на децата
- Сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност.

1 Information, Education, Communication = IEC *(prim. prev.)*

- Половите улоги и очекувањата на заедницата.
- Служби за поддршка што им се достапни на лицата кои преживеале сексуално насилство, и пристапот до нив.
- Решавање на конфликтот и создавање мир.

Пораките насочете ги кон специфични групи во заедницата, вклучувајќи жени, мажи, младинци, деца, верски групации, училишта, деловни луѓе, лидери/постари лица, лекари кои практикуваат традиционална медицина и други.

IEC методите треба да се подготват и да се спроведат со активно учество на бегалската заедница. Треба да се применат различни методи за да се поттикне мобилизираноста на заедницата. Тие методи треба да се насочени кон изградба на довербата, на сигурноста и на заедничкиот договор меѓу членовите на заедницата за прифаќање на темите кои се промовираат. Бегалците треба да се обучат да бидат ефикасни при водење на овие кампањи. Доколку е применливо, новите информативни технологии, како што е интернетот, треба да се користат како дел од IEC кампањите. Доколку постои можност, треба да се активираат оние кадри кои се стручно оспособени во областа на јавното и на масовно информирање за пренесување на IEC пораки.

Ефикасни начини за пренесување на пораките се:

- печатени постери и брошури;
- наградни натпревари за постер;
- драмски претстави, песни и танци;
- радиоемисии;
- огласи за јавни служби;
- видеопрезентации;
- пароли печатени на маици;
- едукативни семинари; и
- неформални дискусии.

При изготвување на IEC стратегии, имајте ги на ум јазичните бариери што може да постојат и нивото на писмености меѓу населението.

## СТРАТЕГИЈА:
## Јакнете ја мрежата на заедниците

Бегалската заедница треба да игра значајна улога при подготвувањето, при спроведувањето и при процена на стратегиите за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност. Хуманитарните актери треба да соработуваат со различни сектори на бегалската заедница - женски здруженија, младински здруженија, здравствени работници, просветни работници, лидери на бегаците итн. - треба да се пронајдат доброволци од заедницата за спроведување на овие активности. Треба да се направат напори за еднакво учество на двата пола при ангажирање на доброволци во заедницата. Овие поединци може да работат како обучувачи на сограѓаните, како советници, а заедно и како тимови за интервеција при кризи.

Невладините организации, УНХЦР и властите во државата-домаќин треба на доброволците да им овозможат обука и техничка поддршка.

**Види, исто така:**

**Како се води: Програмата врзана за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност во Гвинеја (УНХЦР 2001 година).**

**Како се води: Програмата врзана за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност во Либерија (УНХЦР 2001 година).**

**Како се води: Изградба на тимски пристап на работа заради спречување и реагирање на сексуалното насилство, Кигома, Танзанија (УНХЦР 1998).**

**Како се води: Реакција на заедницата на сексуалното насилство врз жените Нгара, Танзанија, (УНХЦР 1997).**

## СТРАТЕГИЈА:
## Обезбедете еднаков број учесници од двата пола во раководењето со структурите и во процесот на донесување одлуки

Жените-бегалци мора да учествуваат во процесот на донесување одлуки и во раководството. Вистинска изедначеност на половите во раководењето на структурите на заедницата ќе обезбеди задоволување на потребите на жените, на мажите, на девојчињата и на момчињата, а мажите и жените ќе уживаат еднаков пристап и контрола на ресурсите и определени користи .

Понекогаш е потребно да се обезбедат посебни простории за разговор, зависно од полот и од возраста. На тој начин ќе се овозможи слобода во разговорите од кои може да се приберат важни информации за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност во заедницата. Овозможете посебни состаноци, кога тоа е прифатливо или неопходно, но потрудете се жените целосно да присуствуваат кога се води расправа и се донесуваат одлуки што ја засегаат целата заедница. Во ситуации кога степенот на култура на бегалската заедница одбива да дозволи жени и деца да учествуваат на истите состаноци каде што има мажи, мислењето на жените и децата треба да биде содржано во одлуките што ќе ги донесат мажите. Истовремено, обидете се да создадете групи од мажи кои го поддржуваат учеството на жените, со цел да се охрабри постепената промена на ставовите меѓу мажите во заедницата.

## СТРАТЕГИЈА:
## Дајте им овласувања на жените

Иако може да бидат и мажите и момчињата цел на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, многу почесто жените и девојчињата се изложени на ваквата злоупотреба на основните човекови права. Во повеќето култури, жените се сметаат за подредени и зависни од мажите. Ваквите нееднакви односи на моќ ги доведуваат жените во двојно неповолна состојба: жените се во поголем ризик од физичка и од психичка злоупотреба; а доколку се изложени на злоупотреба, обично немаат можности тоа да го надоместат, односно да бидат економски самостојни.

- Локалниот правен систем може да не ги смета сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност како кривично дело.
- Пријавата од жена за насилство може да се игнорира или да се исмева.
- Жената може да одлучи да не го пријави случајот заради страв од одмазда или од понатамошно сексуално насилство врз неа или врз нејзиното семејство.

- Доколку сторителот е нејзиниот сопруг, може да се почувствува заробена да остане со него, а со тоа постои можност да биде изложена на понатамошна злоупотреба, бидејќи не може да се грижи за себеси и за своите деца.

Може да се започне со измена на улогата на жените во општеството и нивното видување за себеси, доколку им се понудат активности што ја промовираат нивната независност и економска самостојност, како и нивните способности за раководење и за донесување одлуки. Тие активности може да го опфатат следново:

- Понуда на програми за описменување.
- Стручна обука.
- Развој на проекти за стекнување на доход и овозможување на микрокредити.
- Обезбедување еднаква застапеност на жени и на мажи во раководните бегалски органи и во одборите за помош на бегалците.
- Примена на рамноправен пристап меѓу половите при давање можност за вработување бегалци.
- Обезбедување рамноправен пристап до образование за девојчињата-бегалци.
- Поддршка на женските организации и асоцијации.
- Обука за лидерски способности.

Освен промовирањето на улогата на жените во раководството на заедницата и во процесот на донесување одлуки, жените-бегалци треба да се мобилизираат и меѓусебно да се поврзат во заедничките залагања за еднакви права во рамките на заедницата.

**Види, исто така :**

**Упатства за заштита на жените-бегалци (УНХЦР 1991)**

## СТРАТЕГИЈА:
## Активирајте ги мажите

- Со насочување на стратегиите за спречување и за реагирање само кон жените се игнорира фактот дека мажите се најчести сторители на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Затоа мора да учествуваат мажите во решавањето на овој проблем. Мажите решително треба да застанат против сексуалното насилство и против насилството базирано на половата припадност пред да се оствари вистински напредок во оваа област.
- Мажите кои се на раководни позиции имаат моќ и овластувања да предизвикаат промени. Тие може да служат како пример за другите.
- Мажите треба да разберат дека сторителите на кривични дела што се однесуваат на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност треба да бидат казнети. Тоа, од друга страна ќе има негативно влијание врз нивните семејства и врз нивните заедници.

Помогнете да се формираат и да се поддржат групи мажи кои се подготвени да стават крај на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност во нивната заедница. Овие гупи може да ја зацврстат идејата дека сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност не е само „женско прашање“. Може многу да се научи од лицата кои работат со мажи во програмите за планирање на семејство. Кога се гледа дека мажите се ангажираат во спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на

половата припадност, на проблемот му даваат кредибилитет со што би се убедиле другите мажи да им се придружат.

Покажете разбирање за фактот дека постои можност и мажите и момчињата да бидат жртви/лица што преживеале сексуално насилство. Создадете простор и услови што ќе им овозможат на мажите да разговараат за овој проблем и да работат во правец на ставање крај на ваквиот тип насилство. Бидете свесни дека мажите жртви/лица што преживеале ваков тип насилство не се расположени отворено да зборуваат за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност за разлика од жените.

Почнете рано: обучете ги родителите за половата припадност, еднаквост и за опасност од насилство за тие да ги пренесат своите пораки на нивните деца. На адолесцентите треба да им се понудат предавања по сексуално и по репродуктивно здравје, човекови права и полова свест во нивните училишта или преку програми во нивните заедници.

**Види, исто така:**

**Спречување и реагирање на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност во бегалски ситуации: Записник на Меѓуагенциската конференција во врска со научените лекции ( УНХЦР 2001).**

**Извештаи за населението: Крај на насилството врз жените (Универзитет Џон Хопкинс, Факултет за јавно здравство 1999).**

## СТРАТЕГИЈА:
## Ангажирајте ги децата и младите

Знаењето, ставовите и однесувањето полесно се менуваат ако се почне порано.

- Охрабрете ги родителите кои добиле обука за човековите права, за половата свесност и за ненасилно решавање судири, овие пораки да ги пренесат на своите деца.
- Обука на просветните работници за да ги вклучат овие теми во своите планови и програми.
- Формирајте и давајте поддршка на младински и на детски групи кои се занимаваат со едукација на врсници и подигање на свеста за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност.
- Помогнете го создавањето на здруженија на девојчиња во училиштата за заедничка поддршка и за советување на младите девојчиња.
- Воведете дискусии за половата припадност, за емотивните врски и за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припаднотст во активности кои се веќе во тек во заедницата, и кои подразбираат образовни програми и програми за остручување, како и кампањи против СИДА наменети за младите.
- Пронајдете креативни начини за преобликување на детските сфаќања за тоа што значи да си машко или женско со помош на определени медиуми како што се драмски претстави, поезија или уметност.
- Дајте им можност на децата и на младите да ги искажат своите потреби и интересирања.

**Види, исто така:**

**Активности врзани за правата на децата (АРЦ) [2] - Важни прашања: злоупотреба и експлоатација (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 2002).**

**Деца-бегалци : Упатсва за заштита и грижа (УНХЦР 1994).**

2 Action for the Rights of Children = ARC *(prim. prev.)*

# Обновување на системите за поддршка на семејствата и на заедниците

Кога определени популации бегаат заради судир, се распаѓаат системите за поддршка на семејствата и на заедниците. Семејствата честопати се растураат за време на судирот и при бегство. Поголемиот број бегалци се жени и деца кои живеат без своите мажи и поширокото семејство. Од нужност, голем дел од жените-бегалци веројатно презеле традиционална улога на „маж" за да обезбедат опстанок за себеси и за своето семејство. Мажите-бегалци може да се чувствуваат беспомошно, збунето и огорчено; нивната традиционална улога на хранители и на заштитници, привремено е узурпирана од хуманитарните организации кои обезбедуваат храна и покрив.

Структурите на заедниците кои наметнуваат морални и општествени стандарди и однесување, честопати се ослабени или уништени за време на бегството. Во ваква клима, сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност може да цвета. Тогаш е важно што е можно побргу повторно да се воспостават стуктурите и системите кои поддржуваат почитување на еднакви права за сите членови на заедницата.

## СТРАТЕГИЈА:
## Подгответе социјални рекреативни програми

При планирање на местото за сместување на бегалците, одвојте доволно простор за спорт, рекреација и за социјални дејности, како и за објекти каде тие ќе бидат сместени. Соработувајте со бегалците, а особено со жените и со девојчињата за да ги развиете рекреативните и општествените дејности. Училиштата обезбедуваат повеќе од образование: тие може да ги заштитат децата од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност. Затоа треба да се обезбеди еднаков пристап до образование и за девојчињата и за момчињата.

## СТРАТЕГИЈА:
## Поттикнете го продолжувањето со верски и со спиритуални активности

При проектирање на плацот, определите земјиште за цркви, за џамии и за други верски објекти. Охрабрете ги членовите на заедницата да продолжат со верските и со спиритуалните активности. Верските водачи треба да се ангажираат како партнери во пренесување на пораките за правата на жените и на децата и за спречување сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност внатре во заедницата.

**Види, исто така:**

**Прирачник за кризни состојби - второ издание (УНХЦР 2000).**

# Создавање услови за подобрување на системите за одговорност

При анализа на состојбата, идентификувајте ги односите на моќ во рамките на бегалската заедница и меѓу оние кои им даваат помош на бегалците. Лицата на власт претставуваат потенцијални сторители, оние кои се во позиција да влијаат врз социјалните и врз културните норми, и/или оние кои им даваат помош на лицата кои преживеале сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност. Значајни прашања што треба да се постават се:

- Кој ги донесува одлуките во заедницата?
- Со кого хуманитарните организации се консултираат и со кого се советуваат при пранирање, при спроведување и при процена на интервенциите?
- Кој ја прима помошта?
- Кој ги контролира ресурсите во заедницата и во семејството?

## СТРАТЕГИЈА:
## Зголемете ја свеста

Вработените во сите организации треба да добијат редовна едукација за човековите права, за половата припадност, за релевантните локални и за меѓународни закони и политики, како и да добијат упатства за спречување на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Треба да се понудат редовно закажани семинари за „потсетување“. Во овие сесии треба да бидат вклучени УНХЦР, невладините организаии, властите на државата-домаќин и другите партнери.

Обезбедете едукација за човековите права и обука за половата свест во заедницата, полицијата, судовите, како и на домашните и на меѓународните хуманитарни актери/учесници.

## СТРАТЕГИЈА:
## Обезбедете почитување на стандардите на одговорност и со кодексот на однесување

На ниеден вработен во хуманитарна органзација не треба да му се дозволи да ја злоупотребува својата позиција. Одговорностите, очекувањата, нормите и стандардите треба да бидат напишани во кодексите на однесување и во описот на работното место, а вработените треба да се казнат доколку не постапуваат според овие стандарди и обврски.

> **Кодексите на однесување се превентивни средства. Тие покажуваат одлучност во самонадгледувањето, воспоставување и одржување на правилни стандарди, а го обесхрабруваат однесувањето кое повторно создава жртви од чувствителните членови на нашата популација од интерес, ги крши човековите права, го поткопува мандатот и ја дискредитира организацијата.**
>
> *Руд Луберс, Висок комесар за бегалци на ОН, 2002 година*

Со помош на информативни и на образовни активности, да се информира бегалската заедница за стандардите на хуманитарна интервенција и за кодексот на однесување што може да се примени. Да се создаде систем преку кој случаите на злоупотреба од страна на вработени во хуманитарни организации ќе може да се пријават и да се поведе истрага

Глава 1
Глава 2
Глава 3
Глава 4
Глава 5
Глава 6
Глава 7
Глава 8

во тајност. **Мора да им се гарантира доверливост на лицата кои ќе пријават таков настан и на лицата кои преживеале вакви насилства.** Осигурајте се дека членовите на бегалската заедница знаат каде да се обратат за да го пријават случајот. Истрагите за случаите на злоупотреба од страна на вработени во хуманитарни организации мора да започнат веднаш и треба да се водат професионално. (Види Прилог 1 од Кодексот на однесување на УНХЦР и Прилог 1.1 за IASC Основните начела на Кодексот на однесување).

## Планирање на ефикасни служби и на сместувачки капацитети

Внимателно изготвениот план на кампот и пристапот до основните потреби може да ги спречи сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност. При планирање на сместувачките капацитети на кампот и на службите за бегалците:

- Одбегнувајте пренаселени сместувалишта и такви во кои живеат повеќе домаќинства.
- Обезбедете привремено одвоено сместување за деца без придружба, додека не им се пронајде сместување во некое семејство.
- Обезбедете сместување за домаќинствата што ги водат жени и во кои нема возрасен машки член на семејството.
- Обезбедете одвоени простории за живеење и за спиење за семејствата кои не се во сродство.
- Неопходните продукти, како што се храната, водата и горивото за готвење треба директно да им се делат на жените, или да се доставуваат со помош на жените. Овие продукти треба да бидат лесно достапни, за да не бидат приморани жените да одат во изолирани области за да ги земат.
- Септичките јами треба да бидат поставени на доволно растојание од животниот простор и да се обезбеди јасно обележување на машките и на женските објекти/клозети.
- Обезбедете добро осветлување на просторот, особено на патеките што ги користат жени за пристап до службите и до објектите.
- Обезбедете брави за заклучување на вратите од клозетите и приватност за жените и девојчињата во заедничките простори за миење во бањите.
- Поттикнете ги жените рамноправно да учествуваат во водењето на кампот и во структурите за одлучување.
- Организирајте полициска заштита и безбедносни патроли во кампот и да се обезбеди редовна обука за полицајците како партнери во спречувањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.
- Обезбедете редовно присуство на УНХЦР и на невладините организации во кампот.
- Погрижете се сите бегалци да бидат регистрирани.
- Залагајте се владите да обезбедат документи за идентификација на бегалците.
- Обрнете внимание на однесувањето на локалното население кон бегалците. Некои членови на заедницата-домаќин можеби ги гледаат бегалците како лица кои се материјално привилегирани, бидејќи примаат помош.

## СТРАТЕГИЈА:
## Регистрација на сите бегалци

Во случаи кога само машките глави на семејството се регистрирани и кога нив им се делат бонови за храна, жените може да се присилени да останат изложени на односи на злоупотреба заради страв да не изгубат пристап до храната и до друг вид помош. Затоа е неопходно бегалците да се регистрираат поединечно и на секој поединец да му се обезбеди соодветен посебен картон за регистрација. Кога е неизводливо да се обезбеди посебен документ за секој член од семејството, на возрасните жени треба да им се даде приоритет при добивање на потребните документи за да ги исполнат условите за примање помош.

**Види, исто така:**

**Заклучоци на Извршниот комитет на УНХЦР за регистрација на бегалци и на баратели на азил бр. 91 (LII) (УНХЦР 2001).**
**Прирачник за кризни состојби - второ издание (УНХЦР 2000).**
**Упатства за заштита на жените-бегалци (УНХЦР 2001).**

## СТРАТЕГИЈА:
## Информирајте ги бегалците за нивните права, овластувања и бенефиции

Бегалците треба да се свесни за своите права, овластувања и бенефиции. Преку состаноци со членовите на заедницата и/или преку печатени материјали, со користење на зборови и/или слики, треба да се информираат бегалите за следново:

- Правото за секој бегалец на услуги, на бенефиции и на права.
- Видот на пристап и/или учество во испорака на помош и на услуги, како и правилата што го регулираат пристапот и учеството.
- Механизми за пријавување и центри за советување достапни на поединците кои биле подложени на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.
- Националните закони кои ги штитат правата загарантирани според меѓународниот закон за човекови права и уставот на државата во која живеат.
- Правните постапки и админстративните механизми за пријавување на жалби за случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.
- Актерите кои ја испорачуваат помошта и услугите, нивните улоги и обврски кон заедницата и кон идните програмски планови.
- Претставниците на владата, хуманитарните организации, здруженијата на жени и групите за човекови права, како и граѓанските асоцијации кои работат во таа област.
- Постојните политики и упатства на УНХЦР за зајакнување на заштитата на жените и на децата од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност.

Погрижете се информациите да бидат доставени до сите членови на бегалската заедница: мажи, жени, млади и деца, како писмени така и усни, со помош на медиум разбирлив за нив. Пораките треба да се шират

преку утврдени најпристапни и најпогодни канали за различните групи внатре во заедницата, како што се состаноци на одбори на жени, состаноци на одбори на млади итн.

## СТРАТЕГИЈА:
## Вклучете ја заедницата во процесот на планирање, на проектирање и на спроведување на активностите

**Програмите за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност ќе бидат успешни само тогаш кога заедницата е активно вклучена во сите фази на нивниот развој,** почнувајќи од идентификување и разговарање за проблемот во самиот зачеток, до активности за набљудување и за проценување наменети за спречување на ваквиот тип насилство. Заедницата е најмногу оспособена да ги открие случаите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, да советува како најдобро да се пренесат информациите за тој проблем, како и за тоа кои превентивни мерки да се применат.

- Побарајте учество како од страна на женските така и од страна на машките лидери од бегалците, влијателните членови на заедницата, како што се постари лица или верски водачи и други заинтересирани бегалци во првите состаноци по определена кризна состојба.

- Слушајте го она што го кажуваат бегалците. Дозволете им слободно да зборуваат за своите потреби и проблеми; дури и ако тоа подразбира посебни разговори за различни групи бегалци. жените секогаш не се расположени да зборуваат пред мажите; адолесцентите секогаш не зборуваат отворено пред возрасните.

- Земете ги предвид и искористете ги препораките дадени од страна на бегалците за:

  Подготвување план за кампот.

  Распоред за сместување.

  Делење на прехранбени и непрехранбени производи.

  Преземање на специфични мерки за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.

  Воспоставување систем за известување и за упатување.

Животот во кампот, честопати, создава огромна фрустрација и здодевност меѓу бегалците. Соработувајте со бегалците за да се развијат безбедносни канали преку кои бегалците ќе може да ја насочат својата енергија, како што се активности за рекреација и за спорт. Правилата што ја регулираат работата на ноќните клубови, гостилиници и слични социјални активности во кампот би требало да го намалат ризикот од заштита. Во соработка со властите, треба да се земат предвид мерките за спречување на злоупотребата на алкохол. Организирајте едукативни кампањи за тоа како злоупотребата на алкохолот може да доведе до сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност.

Донекаде можеби треба да ги приспособите превентивните стратегии заради ефикасност при работење со популацијата на повратници и со случаи од градските средини. За разлика од бегалските популации, кои се ограничени во ограден простор, повратниците честопати се распоредуваат во рамките на заедницата. За да се осигурате дека овие популации се заштитени од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност:

- Мобилизирајте ги жените од популацијата на повратниците и од градските средини и формирајте здруженија и мрежи за поддршка кои ќе имаат водечка улога во превентивните активности.
- Превентивните програми насочете ги, не само кон бегалците повратници, туку и кон водачите и кон претставниците на заедницата кои живеат во областите каде што се враќаат бегалците.
- Организирајте обука за зголемување на свеста и за информирање за правата со цел да се спречат сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност, како и да се зајакне капацитетот на локалните организации и здруженија во областите каде се враќаат повратниците.

## СТРАТЕГИЈА:
## Создадете системи за дистрибуција пропорционални во поглед на половата припадност

Дистрибутивните системи за прехранбени и непрехранбени продукти треба внимателно да се испланираат и да се следат со цел да се спречи корупцијата, злоупотребата и експлоатацијата. Сите расположиви канали треба да се употребат за да се информираат бегалците, особено жените и децата за нивните права. Еднаков пристап и контрола над ресурсите на двете глави на домаќинството овозможува сите членови на семејството да ги користат ресурсите, ја намалува половата нееднаквост со оспособување на жените, а може да го намали и ризикот од сексуално насилство во семејството. Доколку е практично изводливо, разгледајте ја можноста за снабдување на жените со посебни бонови за храна. Жените треба да се поттикнат во преземање централна улога при раководењето, при распределбата и при следењето на испораката на помош во храна. На овој начин храната што се обезбедува ќе ја искористат сите членови на семејството, кои може да дејствуваат во насока да се спречи експлоатацијата на жените преку незаконска практика на давање сексуална услуга за храна. Обезбедете еднаква застапеност на женски кадар во процесот на дистрибуција. Одборите на жени-бегалци треба да се вклучени во набљудувањето на активностите за време на дистибуција и по дистрибуцијата. Вработените во хуманитарните организации, кои не се бегалци, секогаш треба да го набљудуваат процесот со присуство на местата за дистрибуција.

## СТРАТЕГИЈА:
## Спроведете програми за репродуктивно здравје

Повеќето активности што се однесуваат на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност што ги спроведува здравствениот сектор се насочени кои реагирање на ваквиот на насилство и помагање на жртвите/преживеаните лица. Меѓутоа, здравствениот сектор може да помогне во превенција на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност со помош на:

**Тестирање на пациентите во здравствената заштита** за да се определат оние кои се во најголем ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност и заради спречување на дополнителна траума и болка за жртвата/ преживеаното лице.

**Спроведување на активности за репродуктивното здравје,** како што се разговори за половата припадност, за емотивните врски, за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност кои се насочени кон мажите и кон адолесцентите, како и кон жените (зголемувањето на свеста за превенција од ХИВ/СИДА треба да бидат дел од овие заложби).

**Ангажирање на традиционални помошници при породување како партнери** во активностите врзани за репродуктивното здравје. Традиционалните помошници може да бидат важен извор на информации и да помогнат во пренесување на пораки за превенцијата и за заштита.

> **Види, исто така :**
>
> **Меѓуагенциски прирачник за терен во врска со репродуктивното здравје во бегалски ситуации (Меѓуагенциски 1999)**

## СТРАТЕГИЈА:
## Спроведете ја програмата за безбедност и за сигурност

Безбедноста влијае врз неколку нивоа на општеството: врз домот, средината на бегалците/раселените лица, врз локалната заедница, како и врз државниот простор. Во основа, главната одговорност за безбедноста на бегалците и на раселените лица ја сноси владата-домаќин. Но, во услови кога државата е немоќна, маргинализирана или пропаѓа, хуманитарните актери честопати интервенираат за да ги заштитат бегалците и раселените лица. За да се осигура безбедноста на бегалците, потребно е да се направи следново:

- Дајте им овласувања како на мажите, така и на жените-лидери на заедницата, како и на мрежата за заштита на бегалците во опкружувањето на кампот.
- Покажете разбирање да се зголеми капацитетот на локалната полиција за ефикасно извршување на своите задолженија.
- Изгответе план на кампот што ќе ја намали изложеноста на жените на напади.
- Вработете определен број жени во службите за обезбедување за да работат со полицијата и/или со релевантните агенции за спроведување на законот лоцирани во, или блиску до, кампот.
- Погрижете се за безбедно движење на жените-бегалци при собирање огревно дрво или вода или пак кога тргуваат или вршат други активности за стекнување на доход.
- Воспоставете единици за стража, што ќе се формираат од бегалската заедница, но и да се обезбеди соодветен број жени во тие единици.
- Спроведете анализа на податоците за случаите на насилство и разговарајте за ризикот и за прашања врзани за безбедноста со сите актери и со заедницата.
- Решете ги препознаените проблеми на пример со поставување на ограда, со подобрување на осветлувањето, со користење радија.
- Работете со бегалците со цел да се спречи понатамошниот ризик и опаснот по жртвите/преживеаните лица со подготвување планови за заштита на жртвите веднаш по случувањето на немилиот настан (на пр. со преселување, воспоставување заштитена зона во кампот, обезбедување сигурни домови итн.).
- Обезбедете често полициско патролирање во високо ризичните области.

- Определете дали сторителите треба да се преместат од заедницата, со цел да се осигура безбедност на жртвите/преживеаните лица и да се спречи повторно извршување на делото.

> **Види, исто така:**
>
> **Спречување и реагирање на сексуалното насилство и на насилство базирано на половата припадност во бегалско опкружување: Записник за Меѓуагенциската конференција за научените лекции.**
> **Упатства за заштита на жените-бегалци (УНХЦР 1991).**

### СТРАТЕГИЈА:
### Покажете разбирање за населението во државата-домаќин

Многу популации на државите-домаќини живеат во релативно сиромашни услови и затоа можеби и се чувствуваат огорчени заради помошта и услугите што им се даваат на бегалците кои живеат во нивна близина. Водете разговори со локалното население за бегалците-објаснете им зошто се дојдени, колку долго ќе останат, зошто им е потребна помош - со цел да се спречи настанување на тензии меѓу групите. Кога е возможно, исто така, опфатете го локалното население со програмите и со услугите. Вообичаено, обезбедување на здравствени услуги е најсоодветно и најмногу се цени.

### СТРАТЕГИЈА:
### Вклучете ги прашањата врзани за половата припадност во сите фази на планирање и на спроведување на програмата

Сите хуманитарни актери, како и агенциите на ОН, невладините организации, владите-домаќини и другите извршни партнери при планирање на програмите треба да спроведат анализа на половата застапеност. Тие програми треба да покажуваат разбирање кон половата припадност, имајќи ги предвид специфичните потреби како на мажите, така и на жените. Вработените во УНХЦР треба да се погрижат Оперативните планови на државите да ги изразуваат приоритетите на канцеларијата, покажувајќи разбирање кон половата припадност и кон возраста.

Меѓународните и невладините организации треба да ги забрзаат напорите за постигнување полова еднаквост (жените и мажите да сочинуваат секој по педесет проценти од целокупниот број вработени) на раководно ниво и во теренските операции. На тој начин прашањето за половата еднаквост ќе биде опфатено во текот на целата програма.

> **Види, исто така:**
>
> **Резолуција на генералното Собрание на ОН за вклучување на прашањето на половата припадност (A/52/3 1997).**

## Влијание врз формалната и врз неформалната законска рамка

Распространетоста на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност во рамките на една заедница понекогаш е условена од постоењето на закони кои пропишуваат такво насилство или од интензитетот со кој законите во државата-домаќин

или државата на потекло се применуваат. Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност може да се изврши без да помине казнето во случаи кога:

- Законите и политиката ја поддржуваат половата дискриминација и го одобруваат сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност.
- Постои ограничена правна заштита на правата на жените.
- Не постојат закони против сексуалното насилство и против насилството базирано на половата припадност.
- Лошата примена на правдата има како резултат недоверба во законодавството.
- Спроведување на законот и на судската практика ги потенцираат дискриминациските практики базирани на половата припадност.

Прво, **запознајте се со формалниот и традиционалниот или вообичаениот правен систем во државата-домаќин или во државата на потекло.** Определете дали постојат применливи закони и политики кои овозможуваат заштита од полова дискриминација и од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност. Воспоставете контакт со организации во државата за човекови права и за права на жените.

## СТРАТЕГИЈА:
## Работа со традиционални правни системи

Традиционалните или вообичаените правни системи, обично раководени од постари членови функционираат во многу бегалски заедници. Правилата, постапките и одлуките на овие групи се рефлектираат врз општествените норми, убедувања и ставови. Таквите групи може да пресудат во случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, вклучувајќи и случаи на семејно насилство. Во ситуации кога таквите судови или комисии донесуваат одлуки кои се навредливи за меѓународните стандарди за човековите права што се однесуваат на правата на жртвите, треба да се преземат мерки за едукација на членовите на овие органи околу постоењето на меѓународни стандарди за човекови права.

Овие групи треба да се насочат кон кампањите за зголемување на свеста и кон програмски обуки за човековите права и половата припадност. Истакнете дека почитувањето на човековите права на сите луѓе и нетолеранцијата на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност ќе ѝ користи на заедницата во целина. Бидејќи постарите лица кои делат правда во ваквите системи имаат голем авторитет во заедницата, нивните однесувања ќе влијаат врз однесувањето на другите. Охрабрете го учеството на жените и на младинците во овие традиционални структури. Ваквите одбори треба да се поттикнат да пријавуваат случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност на формалниот правен систем каде ваквото насилство се смета за кривично однесување.

## СТРАТЕГИЈА:
## Работа со националиот правосуден систем

Воспоставете односи со локалните судии за прекршоци, со судиите и со судовите. Понудете едукативни програми за меѓународниот закон за човекови права. Поканете ги националните судски службеници и застапниците за граѓански права да го разгледаат прашањето за заштита на човековите права во согласност со националното право, и

кривичните и граѓански постапки врзани за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност. Во државите каде судските власти се ограничени заради недостаток на извори, изградете правни мрежи на судии, обвинители и полиција, за да се обезбеди поддршка на националните закони.

Кога судовите не се достапни, на пример на оддалечени локации, може да се разгледа можноста за користење подвижни судови финансирани од страна на УНХЦР и на други агенции. Во некои области, достапноста на ваквите судови довело до зголемено пријавување на случаи на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, зголемување на бројот на осудувања/пријави и зголемена свест кај заедницата за правниот систем.

## СТРАТЕГИЈА:
## Зајакнете ги националните закони и политики што ги штитат човековите права

Работете со националните хуманитарни организации, како што се здруженија на жени правници и организации на граѓански општества, заради лобирање со цел да се подобрат законите и политиките во државите-домаќини во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност. Неопходна е национална правна рамка што ги забранува сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност за создавање успешна правна стратегија на превенција.

Воспоставете комуникација со организации кои се залагаат правните реформи да го покренат прашањето околу проблемот на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност и други прекршувања на правата на бегалците. Потрудете се законите, постапките и политиките во државата-домаќин да не се дискриминирачки во поглед на бегалците.

Во соработка со други агенции на ОН и здруженија на граѓански општества, охрабрете ја државата-домаќин да пристапи кон и да ги ратификува меѓународните документи за човековите права. На тој начин ќе се подобри правниот статус на бегалците жртви/преживеани лица на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.

**Види, исто така:**

**Заштита на бегалците: Теренски прирачник за невладини организации (УНХЦР 1999).**

## СТРАТЕГИЈА:
## Осмислете соодветни казнени мерки за сторителите

Сериозните казнени мерки против осудените сторители на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност може да дејствуваат демотивирачки. Со бегалците сторители на такви дела треба да се постапува како и со државјаните кои извршиле исти дела: со примена на заштитни и на казнени мерки.

Кога е можно тоа, казнентите мерки треба да ги содржат напорите за поддршка на рехабилитацијата на сторителите, како на пример обука/зголемување на свеста за човековите права и за половата припадност или обештетување на жртвите.

# Набљудување и документирање на случаите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност

Со цел да се развијат ефикасни превентивни мерки, неопходно е да се има јасна слика за проблемот во вашето конкретно опкружување. Набљудување на случаите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност треба да биде обврска на сите актери: здравството, правната заштита, вработените во психосоцијалниот сектор и службите за безбедност, како и членовите на бегалската заедница. (види Глава 7 за детални информации околу набљудувањето и процената). Во почетните фази од планирањето на програмата, обезбедете финансиски и човечки ресурси за набљудување и за процена.

Податоците за зачестеноста на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба да се собираат и да се анализираат секој месец од една централна агенција. Службениците во одделот за правна заштита треба да се стремат податоците за ваквите прекршувања на човековите права да се чуваат на ист начин како што се собираат и се складираат податоците за други прекршувања на правата.

Заради доследност и корисност на собраните информации, закажете состанок со сите актери со цел да се дефинираат поимите (актерите да го обележат еден ист тип насилство со исто име) и да се определат методите за пребројување на случаите на насилство. Собраните информации треба да ги содржат релевантните факти како што се видот на настанот, местото каде се случил настанот, демографски податоци за сторителот и за жртвата/преживеаното лице, како и потенцијалните фактори на ризик. Месечниот извештај треба да одговори на следниве прашања:

- Што се случило овој месец?
- Која превентивна стратегија функционира? Што не функционирало? Зошто?
- Што треба да се направи понатаму, земајќи го предвид извештајот од овој месец?

Договорете се со своите партнери кои методи за известување и кој формат за известување ќе се користи, како и до кого ќе бидат распределени извештаите (види Глава 2 за примерок од Образецот за пријавување на случај на насилство).

Одржувајте повеќесекторски состаноци, вклучете ги и бегалците, заради прегледување на податоците. На овие состаноци, определете ги факторите што може да влијаат врз сексуалното насилство и врз насилството базирано на половата припадност и изгответе планови за отстранување на овие фактори (види Глава 6 за подетални информации).

Со темелно набљудување на случаите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, ќе може да извршите процена на успешноста на вашите стратегии за спречување на насилството, ќе го зацврстите знаењето, ќе соберете веродостојни и доследни статистички податоци што ќе ви помогне во следењето на трендовите и во создавањето на споредбени анализи.

**Види, исто така :**

**Како да се раководи со: Набљудување и процена на програмата за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност, Танзанија (УНХЦР 2000).**

# Клучни точки за помнење

### Кога се обидувате да влијаете врз промената на социо-културното познавање, на ставови и на однесување:

- Изработете кампањи за информирање, за едукација и за комуникација.
- Регрутирајте доброволци од заедницата.
- Обезбедете полова рамноправност во раководните структури и при донесување на одлуки.
- Дајте им овластувања на жените.
- Активирајте ги и мажите.
- Ангажирајте ги децата и младите.

### Кога ќе се распадне системот за поддршка на семејството и/или заедницата:

- Изгответе социјални и рекреативни програми.
- Соработувајте со верските и со другите водачи за да се поттикне повторното воспоставување социјалните вредности кои ја поддржуваат рамноправноста и почитувањето на сите членови на заедницата.

### При обид за промена на ставовите и на однесувањето на лицата на власт:

- Заземете неконфликтен и необвинувачки став.
- Зголемете ја свеста за човековите права и за половата припадност.
- Развијте системи за одговорност, вклучувајќи ја и примената на кодексот на однесување.

### При планирање на службите и на капацитетите за бегалци:

- Вклучете ги сите главни обезбедувачи на услуги: т.е службата за заштита, социјалнте служби, здравството, службата за безбедност, полицијата и релевантните власти, како и самите бегалци.
- Обезбедете картони за регистрација на сите постари бегалци (мажи и жени).
- Информирајте ги бегалците за нивните права, овластувања и бенефиции.
- Создадете полово рамноправни системи за дистрибуција.
- Спроведувајте програми за репродуктивно здравје.
- Спроведувајте програми за безбедност и за сигурност.
- Покажете разбирање кон населението на државата-домаќин.
- Вклучете ги прашањата за половата припадност во сите фази на планирање и на спроведување на програмите.

### Во обидот да се влијае врз формалните и врз традиционалните правни системи:

- Запознајте се со формалните и со традиционалните правни системи на државата-домаќин и во државата на потекло.
- Работете со лицата кои го спроведуваат традиционалиот правен систем, за да се поттикнат промени.
- Работете со вработените во националниот систем за правосудство, за да се зголеми довербата на бегалците во правниот систем.
- Зајакнете ги националните закони и политики кои ги штитат човековите права.

### При набљудување на случаите на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност:

- За секој месец соберете и направете анализа на податоците за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност.
- Дефинирајте ги термините и определите ги методите за пребројување на случаите меѓу сите актери.
- Договорете се со сите партнери за тоа кои методи за известување и какви обрасци ќе се користат.
- Одржувајте повеќесекторски состаноци, кои би требало да ги опфатат и бегалците, со цел да се прегледаат податоците.

# ГЛАВА 4
# РЕАГИРАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО И НА НАСИЛСТВОТО БАЗИРАНО НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ

**Неопходно е да се разберат последиците од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност со цел да се подготват ефикасни програми за поддршка на жртвите/преживеаните лица. Овие последици се разликуваат во зависност од видот на извршеното насилство.**

**Сите членови на бегалската заедница треба да се запознаени како и каде може да пријават случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Доколку жртвата/ преживеаното лице не го пријави случајот, не може да и се даде соодветна заштита. Заедницата треба да има водечка улога во изнаоѓање начини за да ѝ помогне на жртвата/преживеаното лице. Активностите на реагирање го опфаќаат следново: развој на активности за едукација и за подигање на свеста на заедницата; обука на актерите за регирање на потребите на жртвите/ преживеаните лица; воспоставување механизми за упатување, за известување, за набљудување и за процена; оспособување на бегалците да реаги-раат на ваквото насилство; реагирање на здравствените/ медицинските потреби на жртвите/преживеаните лица; планирање со цел да се задоволат психосоцијалните потреби на жртвите/ преживеаните лица; преземање на сигурносни и на безбедносни мерки; воспоставување правни/правосудни механизми на регирање; определување на улогите на други потенцијални актери; и развој на план за работа со сторителите на насилството. Во сите активности треба да се поддржуваат водечките принците на доверливост, на физичка сигурност и на почитување на желбите, на правата и на достоинството на жртвите.**

Неопходно е да се препознаат и да се разберат последиците од сексуалното насилство и од насилството базирано на половата припадност, со цел да се развијат соодветни механизми за реагирање. (Види Глава 1 за список на последици од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност). Овие последици може да се поделат во 4 главни области: здравство, психосоцијална област; сигурност/безбедност; и право/правосудство. Оттука, реагирањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност треба да се насочи кон овие четири клучни области.

**За да се РЕАГИРА на потребите на жртвите/ лица кои преживеале сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност мора да се разберат ПОСЛЕДИЦИТЕ од таквото насилство.**

# Краток преглед на некои од најзначајните последици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност

| ЗДРАВСТВЕНИ | ЕМОЦИОНАЛНИ-ПСИХОЛОШКИ -ОПШТЕСТВЕНИ |
|---|---|
| Повреда, инвалидитет, смрт.<br>Сексуално преносливи болести и СИДА.<br>Болести на репродуктивните органи.<br>Проблематична бременост, тешко породување.<br>Спонтан абортус.<br>Несакана бременост.<br>Непрофесионално извршен абортус.<br>Депресија и хронични заболувања.<br>Шок.<br>Инфекции, хронични инфекции.<br>Обилно крвавење. | Бес, страв, огорченост, мразење на самиот себе.<br>Чувство на срам, несигурност, губење на способност за функционирање во семејството и во општеството.<br>Депресија.<br>Нарушувањење на сонот и/или на исхраната.<br>Душевна болест.<br>Изолираност од општеството.<br>Самоубиство.<br>Обвинување на жртвата.<br>Изолирање/отфрлање на жртвата.<br>Вршење притисок врз ресурсите и врз поддршката на заедницата. |

| ПРАВНИ/ВРЗАНИ ЗА ЗАШТИТАТА | БЕЗБЕДНОСНИ/ ВРЗАНИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА |
|---|---|
| Вршење притисок врз веќе преоптоварените системи на полицијата и на судството.<br>Неадекватните закони врзани за различните облици на сексуално насилство и на насилството базирано на половата припадност може да се претворат во недостаток на правни лекови за жртвите/преживеаните лица, без казнени мерки за сторителот.<br>Несоодветни судски одлуки кои дополнително ја трауматизираат жртвата/преживеаното лице, како на пример рано и присилно стапување во брак са сторителот.<br>Слабо пријавување на случаите на насилство заради незоволно доверба во дисфункционалниот судски систем.<br>Зголемен број повторени насилства врз истата жртвата/преживеаното лицел и врз други жени или девојчиња во заедницата. | Жртвата/преживеаното лице се чувствува несигурно, загрозено, уплашено.<br>Постои атмосфера на страв и на несигурност, во целата заедница или меѓу жените.<br>Заедницата може да се чувствува неадекватна или немоќна што не го спречила насилството преку формирање на стража/ безбедности групи.<br>Заедницата ја презема правдата во свои раце за да се одбрани себеси од осомничените сторители на насилство.<br>Средината ги одбегнува социјалните работници и жртвите/преживеаните лица. |

Активностите потребни за регирање на потребите на жртвите/ лицата кои преживеале сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност на кратко се изложени на наредната страна. Како и кај стратегиите за спречување на насилството, овие активности се најефикасни кога се планираат преку повеќесекторски пристап, вклучувајќи го и учеството на бегалската заедница. Кога бегалците/ повратниците се растурени по градските средини, се јавува потреба од зголемен број актери заради организирање на соодветни начини на регирање на насилството.

**Краток преглед на активносите за реагирање на сексуално насилство**

- развој на активности за едукација и за подигање на свеста кај заедницата;
- обучување на актери за тоа како да се реагира на потребите на жртвите/преживеаните лица;
- воспоставување механизам на: упатување, известување, набљудување и процена;
- оспособување на бегалските заедници да реагираат на насилството;
- реагирање на здравствените/медицинските потреби на жртвите/преживеаните лица;
- планирање со цел да се задоволат психосоцијалните потреби на жртвите/преживеаните лица;
- преземање на сигурносни и безбедносни мерки;
- воспоставување правен/правосуден механизам на реагирање;
- определување на улогите на други потенцијални актери;
- развивање на план за работа со сторителите на насилството.

# Развој на активностите за едукација и за зголемување на свеста за сексуалното насилство во заедницата

**Започнување на кампањи за информирање на јавноста за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност кои ги одразуваат културниот сензибилитет, етиката и специфичните околности што преовладуваат во вашата средина.**

Темите што треба да се опфатат во овие кампањи се: како и каде да се побара помош во случај на сексуално насилство; важноста случајот да се пријави и да се побара помош што е можно поскоро; домашни и меѓународни закони кои забрануваат сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност; како и казните кои следуваат за ваквите чинови на сексуално насилство. За ширење на ваквите пораки може да се користат брошури, билтени и постери; забавни активности како песни и драмски претстави; презентации за време на состаноци на заедницата, верски служби или други видови собири; преку радиото и другите масовни медиуми; како и со помош на видео.

# Обучување на актерите како да реагираат на потребите на жртвите/преживеаните лица

**Додека заедницата се ангажира во дискусии за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност и додека членовите од заедницата се охрабруваат да ги пријавуваат случаите на насилство, актерите кои се вклучени во регирањето на потребите на жртвите/преживеаните лица мора да бидат подготвени да ги обезбедат своите услуги.**

Сите вработени кои се вклучени во процесот на давање помош треба да покажат разбирање за половата припадност и да добијат соодветна обука по прашањето за половата припадност. Таквата приоритетна обука за сексуалното насилство и за насилството базирано на половата припадност треба да го содржи следново:

- **Здравствениот кадар** треба да ги изврши првите лекарски прегледи и да спроведе лекување и понатамошно следење на здравствената состојба.

- **Советниците кои се занимаваат со психосоцијални проблеми и со проблемите на заедницата** треба да се способни да даваат психосоцијална помош и соодветно да упатуваат.
- **Службата за обезбедување** треба да најде безбедно место за жртвата/преживеаното лице кое се чувствува загрозено или уплашено.
- **Вработените во одделот за правна заштита** треба се способни да дадат правна поддршка на жртвата/преживеаното лице, доколку таа сака, при започнување на судски спор против сторителот.

Доколку жртвата/преживеаното лице го пријави случајот, но не и се дадат услуги, или пак помошта не е обезбедена навремено, на сочувтсвителен и на доверлив начин, таа ќе изгуби верба во тие служби, а другите жртви, исто така, нема да ги пријавуваат случаите.

**Жртвата/преживеаното лице треба да го информира некого за случајот, за да може да добие соодветна помош.**

## Воспоставување механизам за: упатување, известување, набљудување и процена

***Во секоја средина треба да се воспостави јасен механизам на упатување за жртвата/преживеаното лице да знае каде да се обрати за да добие навремена помош.***

Овој систем, треба да се развива како од страна на вработените во хуманитарни организации, така и од членовите на заедницата, а за него треба да се информирани сите членови на заедницата и сите актери кои им даваат услуги на жртвите/преживеаните лица. Постапките за меѓуагенциско известување и упатување треба да се напишат и да се преведат на локалите јазици.

Како што прикажува следниот дијаграм, поголемиот број случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност остануваат непријавени.

ИЛУСТРАЦИЈА 6.1

Големина на проблемот на сексуално насилство




*Извор: Светски извештај за насилство и на здравје: СЗО 2002.*

***Сите актери треба да се согласни за единствен систем на известување.***

Еден важен елемент за ефикасен систем на известување е употребата на заеднички образец за пријавување на случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Овој образец по потреба треба да се преведе и сите актери треба да се обучат како да го пополнуваат. Види Глава 7 за тоа како да се развие единствен и заеднични систем на известување и за тоа кои информации да се внесат во образецот за пријавување на случај на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Види Прилог 2 за примерок на ваквиот образец за пријавување на случајот.

***Актерите треба да развијат механизми за набљудување и за процена на активностите и на системи за ефикасно известување и упатување.***

Целта на системот за набљудување е да контролира дали овие интервенции на реагирање се развиваат според планот. Процената им помага на актерите да го воочат добриот начин на работа, ефикасноста на активностите на реагирање, и да определат дали постојат потреби на жртвите/преживеаните лица кои не биле задоволени. Сите актери треба да бидат вклучени во развојот на механизамите за набљудување и за процена. Види Глава 7 за детален опис на тоа како да се развијат ефикасни механизами за: набљудување, известување и процена.

## Пример на системот за известување/упатување

**Преживеаното лице му кажува некому за случајот на насилство**

Да се упати или испрати жртвата/преживеаното лице до центарот за жени или до здравствен дом ИЛИ жртвата/преживеаното лице само се упатува

Центар за жени | Здравствен дом

(Информативен центар кој им дава информации на жртвите околу телефонската линија наменета за прашања во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност или информации за контакт со невладини организации кои работат со вакви жртви во урбани средини или пак кризни центри за силување)

**Ако сака да го пријави случајот жртвата/преживеаното лице во полиција**
**ИЛИ**
**Ако жртвата/преживеаното лице е дете**
**ИЛИ**
**Ако постои непосредна опасност по неговата сигурност и безбедност**

Член на семејството, пријател или некој вработен ја упатува и ја придружува жртвата/преживеаното лице до полициската станица.
Полицијата зема изјава од жртвата и издава службен образец.
Жртвата/преживеаното лице го носи образецот до здравствениот дом за да се дополни.
Пополнетиот образец жртвата/преживеаното лице го враќа во полиција.
Полицијата извршува истрага, ги апси наводните напаѓачи и поднесува кривична пријава.

**ПОСЛЕДУВАТЕЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ПОМОШ МОЖЕ ДА ОПФАТИ:**
(зависно од изборот на жртвата/преживеаното лице)

| Здравствена нега | Психосо-цијална помош | Сигурност и безбедност | Правна/ Правосудна поддршка |
|---|---|---|---|

**Не заборавете дека секогаш треба да се поддржуваат принципите на доверливост**

# Оспособување на бегалските заедници да регираат

***Работењето со заедницата е неопходно за развивање на трајни програми и активности.***

Најефикасни се покажале оние програми кои се развиле при соработка со вработените во хуманитарни организаии и во бегалската заедница. За да се ангажира целата заедница треба да се стори следново:

- Јакнете ги знаењето и сфаќањето на односите меѓу половите и за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност внатре во заедницата со помош на кампањи за подигање на свеста.

  *Овие кампањи треба да се насочени кон сите членови на популацијата: мажи, жени и деца од сите етнички и верски групи. Мажите кои се вклучени во советување на слични лица на себе и во подигање на свеста може да помогнат во влијанието врз ставовите на традиционалните судови во поглед на жртвите/преживеаните лица, при развивање на безбедносен систем во заедницата што го спречува и реагира на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, а може да им помогнат на другите мажи да сфатат дека таквото насилство ѝ штети на целата заедница.*

- Одржувајте ги и јакнете ги постоечките мрежи за поддршка.
- Поддржете ја улогата на жените како еднакви партнери во донесување одлуки и водачи на заедницата.

  *Жените-водачи во заедницата имале значајна улога при охрабрување на жртвите/преживеаните лица да ги пријават случаите и да побараат помош. Кога се обучени како промовирачи на кампањата за подигање на свест или како советници на жени слични на нив, жените-водачи во заедницата се грижат да ги покренат и да ги разгледаат прашањата врзани за половата припадност и за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност.*

- Обезбедете безбедно престојувалиште и итна помош на жртвите/преживеаните лица.
- Да се испрати жртвата/преживеаното лице до службите за: социјална, здравствена и правна помош.
- Погрижете се за безбедноста на жртвите/преживеаните лица, на сторителот, на нивните семејства и на заедницата.

  *Активностите за реагирање треба да се насочат кон сторителите. Жртвите/преживеаните лица, честопати, решаваат да останат со сторителот заради економски причини. Доколку не му се помогне на сторителот, тој веројатно ќе продолжи да злоупотребува.*

- Координација со бегалската заедница и со другите актери за промовирање на ефикасни активности за спречување и за регирање.
- Заложете се да ги вклучите бегалците во одлучувањето кои услуги да се обезбедат, на кое место, кој ќе ги даде и на кој јазик(јазици).

  *Во бегалските кампови услугите може да се обезбедат во контакт центри, женски асоцијации, социјални и младински центри, или пак на други места каде што жртвите/преживеаните лица се чувствуваат доволно слободни да го пријават случајот. Услугите треба да се дадат на локација/место каде може да се гарантира доверливоста и достоинството на жртвата/преживеаното лице.*

- Заложете се за услуги со кои се покажува разбирање за културните разлики.

- Заложете се за правата на жртвите/преживеаните лица и за правата на жените воопшто.

*Поголемиот број влади-домаќини не дозволуваат бегалците да учествуваат во политички активности, на пример да се залагаат за измени на законот. Ова ги ограничува бегалците во можноста да формираат социјални движења за женски права кои би се залагале во сопствена полза. Со воспоставување врска со невладините организации кои работат на промовирање на оваа идеја во државата-домаќин, им се овозможува на бегалцитеда имаат полза од јавните кампањи без да ги нарушуваат законите во државата-домаќин.*

# Реагирање на здравствените потреби на жртвите/преживеаните лица

Видот на насилство и временскиот период меѓу моментот кога се случило насилството и времето кога жртвата/преживеаното лице стигнало до здравствениот дом определува каква нега може да се обезбеди.

> **Најважно е жртвата/преживеаното лице да го посети здравствениот дом што е можно поскоро по насилството, за да добие најдобра можна нега.**

***Треба да се обезбеди сеопфатна здравствена заштита која е лесно достапна.***

- Лекарските прегледи и лекувањето треба да ги врши квалификуван персонал, по можност од истиот пол како и на оние на кои им е потребна здравствената услуга. Треба да се применат соодветни протоколи и адекватна опрема, средства и лекови за:

  спречување зараза (сексуално преносливи инфекции и други);

  спречување несакана бременост;

  лекување повреди;

  собирање физички докази за вештачење;

  давање услуги за советување и за лекување на претрпена психолошка траума;

  тестирање на пациентите во здравството за претрпено сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност.

- Кога е потребно, да се упатуваат пациентите и да им се обезбеди транспорт до соодветното ниво на заштита.
- Да се обезбеди натамошна заштита со следење на состојбата.
- Да се обезбедат медицински докази (сведочење, кога е потребно) во тек на судската постапка, како резултат на одлуката на жртвата/преживеаното лице да бара оштета.
- Да се соработува со традиционалните лекари за да се откријат, да се пријават, да се упатат жртвите/преживеаните лица и да им се даде адекватна првична поддршка.
- Да се документираат, да се приберат и да се анализираат податоците.
- Да се набљудуваат службите за здравствена заштита, како и еднаков пристап и квалитет на услуги за: жените, мажите и адолесцентите.

- Да се набљудуваат здравствените потреби на жртвите/преживеаните лица.
- Да се определат и да се подготват стратегии што содржат фактори кои придонесуваат кон насилство, како што е алкохолизмот.
- Да се застапуваат жртвите/преживеаните лица:

  заради правна заштита, сигурност и безбедност;

  заради промени во законите и во политиката на државата-домаќин кои може да бидат спротивни на правата и/или на потребите на жртвите/преживеаните лица.
- Соработка со вработените во здравствените домови, со традиционалните лекари и со заедницата со цел тие да се обучат и да покажат разбирање кон ова прашање.

> **Види, исто така :**
>
> **Клиничко раководење со лица кои преживеале силување (УНХЦР/СЗО 2002).**
> **Спречување и реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност во бегалски ситуации: Белешки од Меѓуагенциска конференција за научените лекции (УНХЦР 2001).**
> **Практичен пристап кон насилството базирано на половата припадност: Програмски прирачник за вработените и за раководителите во здравствените служби (УНФПА 2001).**
> **Меѓуагенциски прирачник за терен во врска со репродуктивното здравје во бегалски ситуации (Меѓуагенциски 1999).**

# Планирање со цел да се задоволат психосоцијалните потреби на жртвите/преживеаните лица

По случувањето на определено сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, жртвата/преживеаното лице може да доживее многу различни емоционални и психолошки реакции, како што се страв, срам, чувство на вина, депресија и гнев. Таа може да создаде јаки одбранбени механизми, како што се заборавање, одрекување или длабоко потиснување на траумантичниот настан што го преживеала. Членовите на семејството, исто така, може да доживеат разни емотивни состојби, затоа им е потребна поддршка за време на овој трауматичен период.

***Треба да се грижиме и да сочувствуваме со жртвите/преживеаните лица***

Активностите во заедницата се најделотворни во помошта за ублажување на траумата. Тие може да опфатат:

- Идентификување и обука на традиционални службеници за помош во рамките на заедницата.
- Формирање на групи за поддршка на жените или групи посебно определени за поддршка на жртвите/лицата кои преживеале сексуално насилство и на нивните семејства.
- Воспоставување контакт-центри каде жртвите може да добијат нега од страна на доверливи и сочувствителни лица, потоа информации и советување.

- Освен тоа, психосоцијалните работници треба:

  да нудат препораки/совети во кризни ситуации (слушање, емоционална поддршка, охрабрување) на жртвите/лица кои преживеале сексуално насилство и на нивните семејства, упатувајќи ги на долгорочни услуги за емоционална поддршка;

  да го поддржат продолжувањето на позитивното традиционално лекување или практика на чистење што успешно се користи во државата-домаќин како одговор на трауматичните и болни случувања;

  да ја застапуваат жртвата/преживеаното лице пред здравствените служби, безбедносните/полициските служби, правниот/правосудниот систем и пред другите обезбедувачи на услуги;

  да развијат групни активности за жртвите/преживеаните лица и за други жени, кои се насочени кон изградба на мрежи за поддршка, за реинтеграција во заедниците, за стекнување на вештини и на самодоверба и за промовирање на економското оспособување. Да започнат со проекти за донесување приход и микрокредити со цел повторно да се воспостави чувството на самостојност.

**Види, исто така:**

**Како се води: Одговор на заедницата на сексуалното насилство врз жените, Нгара, Танзанија (УНХЦР 1997).**
**Душевно здравје на бегалците(УНХЦР/СЗО 1996).**

# Преземање на сигурносни и на безбедносни мерки за реагирање

Во определени случаи, по случувањето на насилството на жртвата/преживеаното лице може да ѝ е потребно безбедно место. Таа може да не е во состојба да се врати дома, доколку, на пример, сторителот на насилството е член на семејството, сосед, или член на нејзината заедница. ***Семејството и заедницата треба да бидат први кои ќе обезбедат сигурно место и безбедност на жртвите/преживеаните лица***.

- Подгответе стратегии и опции за моментална заштита на жртвите/преживеаните лица, како што се преселување, воспоставување безбедни зони во кампот, како и обезбедување на сигурен простор. Безбедните домови треба да се понудат само како крајна опција, бидејќи доколку се лоцирани далеку од заедницата и ако се раководени од оперативните партнери, дополнително ќе ја изолираат жртвата/преживеаното лице.
- Вклучете ги постарите лица од бегалската заедница при давањето помош на жртвите/преживеаните лица.
- Направете анализа на податоците за случаите на насилство, притоа да се соработува со сите актери, како и со заедницата во врска со безбедносните ризици и проблеми.
- Потрудете се да функционира владеењето на правото на тој начин што ќе се продолжи со успешно присуство на службите за спроведување на законот, како и обезбедување на правично и брзо судење на сторителите.
- Ангажирајте ја заедницата во сите полиња на соработка на населението со полицијата. Погрижете се жените-бегалци да учествуваат во соработката со полициските сили и да бидат дел од единиците за стража во соседството.

- Разгледајте алтернативни решенија за заштита на жртвата/преживеаното лице, на пример преселување во друг камп или пренаселување во друга држава, доколку е можно.
- Погрижете се обучени жени-полицајки да претставуваат дел од безбедносните групации во бегалската заедница.
- Одржувајте нагледни предавања за полицијата и за службата за обезбедување во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност.

> **Види, исто така :**
>
> **Спречување и реагирање на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност во бегалски ситуации: Записник од Меѓуагенциската конференција за научените лекции (УНХЦР 2001).**

# Воспоставување правен/правосуден механизам за реагирање

***Заедно со локалните власти да се воспостави систем со помош на кој жртвите/преживеаните лица кои сакаат да бараат правно обештетување за кривичните дела што се извршени врз нив ќе може да го сторат тоа благовремено.***

Тоа подразбира воспоставување и одржување цврста деловна соработка со локалните служби за спроведување на законот, како што се полицијата, правосудството и јавното обвинителство. Исто така, треба да се соработува со традиционалните судови во заедницата за да може да добијат соодветна отштета жртвите/преживеаните лица.

***Познавајте го применливиот правен режим.***

- Службеникот во одделот за правна заштита треба да го познава соодветниот национален закон што ги опфаќа следниве прашања:

  Кој национален закон се применува и кои се постапките? Кои се правните дефиниции за различните облици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност? Дали семејното насилство претставува казнив прекршок, различно од обичниот прекршок за физички напад?

  Доколку уставот на државата содржи амандмани што се однесуваат на човековите права, дали може соодветните одредби да се повикаат за да се разгледаат определени облици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.

  Кои закони се однесуваат на абортусот? Ако е абортусот, главно, незаконски, дали постојат посебни околности (исклучоци) - на пример кога жената ќе затрудни како резултат на силување, кога животот на жената е во опасност, или кога постојат причини врзани за психолошката благосостојба на жената, под кои абортусот може да се дозволи. Кои се очигледните потребни барања за да се исполнат условите за посебни околности?

***Како да се постапува со жалба која се однесува на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност?***

- Вработените кои соработуваат со жртвата/преживеаното лице која одлучила да бара правна отштета треба да се сочувствителни и да покажат разбирање. Во исто време, треба да обезбедат целосни информации за правната постапка во државата на азил.

- Жртвата/преживеаното лице треба да се информира за тоа што може да очекува таа од правната постапка. Службениците во правниот оддел и во одделот за социјна заштита на УНХЦР треба да соработуваат со цел соодветно да го информираат поднесувачот на жалбата за неговите права, за процедурите и за времетраењето на законската постапка. Службениците треба да се подготвени да одговорат на сите прашања што ќе им ги постави поднесувачот на жалбата. Треба да се советува поднесувачот на жалбата за природата на кривичното дело во согласност со законот, за времетраењето на истрагата и за кривичното прогонување, за можниот резултат од правосудниот процес, како и за улогата на УНХЦР и на агенциите со кои соработува во текот на постапката.

- Службениците во правниот оддел на УНХЦР, исто така, треба да ја советуваат жртвата/преживеаното лице за расположливоста на здравствените услуги за репродуктивно здравје, како што е пристап до услуги за советувања и процедури за лечење повреди, спречување заболување и прекинување несакана бременост, во согласност со овластувањата на државните закони.

- Службениците во правниот оддел на УНХЦР, исто така, треба:

  да се погрижат преживеаното лице и сторителот да поседуваат документи за регистрација и документи за идентификација;

  тесно да соработуваат со локални адвокати кои ги познаваат државните закони и постапки што се однесуваат на сексуално насилство;

  да се погрижат извештајот за жалбата да биде заведен во локалната полиција;

  да се погрижат лекарскиот извештај и изјавата од жртвата/преживеаното лице да бидат заведени и доставени до релевантните државни власти (полицијата и јавниот обвинител);

  да се погрижат клучните сведоци од бегалската заедница да се придржуваат до законските постапки, така што ќе дадат изјави и кога ќе биде потребно да присуствуваат на суд;

  во соработка со службеникот за обезбедување и со полицијата, да се погрижат странките во судската постапка за сексуално насилство да бидат заштитени од заплашувања и од други закани по нивната физичка безбедност;

  да се погрижат вработените во УНХЦР или во организациите на своите извршни партнери да ги спроведат бегалците жртви/преживеани лица на судските сослушувања.

***Познавајте ја улогата на УНХЦР и на националните служби за правни услуги***

- Службениците во правниот оддел на УНХЦР треба да ги препознаат локалните здруженија за женски права и здруженијата на адвокати кои се занимаваат со прашањето на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност и со нив да развијат партнерство за решавање на овој проблем. УНХЦР треба да се погрижи жртвата/преживеаното лице да ја застапуваат квалификувани правници, во области каде обезбедува правна помош. Претставниците на невладините организации кои соработуваат со службениците во правниот оддел на УНХЦР за обезбедување на правни услуги треба:

  да му ги обезбедат на поднесителот на жалбата сите потребни информации за законската и за кривичната постапка со цел таа/тој со своето семејство да се подготви за судскиот процес;

на поднесувачот на жалбата да му помогнат при поднесување на барање за добивање на финансиска помош за правната постапка, доколку ваквата помош е предвидена во согласност со националниот/државниот закон (доколку ваквата помош не е предвидена, УНХЦР треба да се погрижи во буџетите да стави ставка што се однесува на трошоци за застапување на суд на жртвите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност);

да го спроведат поднесувачот на жалба до полициската станица и до судот и да бидат присутни во текот на сослушувањата и на појавувањата пред суд;

да се пријават на судот во функција на набљудувачи во сите случаи, за да може да се обратат на судот ( ова е особено корисно во случаи каде се засегнати децата);

да се разгледа можноста за одржување на судското сослушување зад затворени врати со цел жртвите/преживеаните лица со своите семејства да се заштитат од дополнителна траума;

да ги чуваат доверливите документи за сите случаи и редовно да ги информираат службениците во правниот оддел на УНХЦР за настанатите промени.

***Познавајте ги правата на обвинетиот.***

- Обвинетиот има право кон него да се постапува според правата што ги има како со лице чијашто вина не е докажана. УНХЦР има должност кон обвинетиот да овозможи тој да има праведно судење и со него да се постапува на човечен начин во текот на испрашувањето и за време на апсењето. Службениците во правниот оддел на УНХЦР ќе се погрижат за време на истрагата и за време на судењето да се почитуваат правата на обвинетиот. УНХЦР особено ќе се погрижи:

  доцнењата во текот на судењето да се сведат на минимум;

  обвинетиот да не биде мачен додека се наоѓа во притвор;

  со обвинетиот да се постапува на човечен начин додека се наоѓа во притвор;

  доколку со обвинетиот се постапува на нечовечен начин, УНХЦР ќе ги застапува неговите права пред релевантните власти со цел тие да се почитуваат во согласност со законот.

***Познавајте ги применливите пресуди и казни***

Службениците во правниот оддел на УНХЦР треба да се погрижат бегалците кои се осудени за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност да бидат казнети на ист начин како што би биле казнети и државјаните на таа држава, односно во согласност со релевантвните државни упатства за изрекување казни. УНХЦР и неговиот локален партер, односно невладина организација која дава правни услуги треба да се погрижат сторителите да бидат казнети на начин кој не врши дискриминација против нив заради нивниот статус на бегалец. Казнувањето на дете-сторител на кривично дело треба да ја зема во предвид потребата тоа да се рехабилитира. Кога е можно, малолетните деликвенти/сторители не треба да се затвораат во истите објекти како и возрасните криминалци.

***Познавајте го правото на отштета.***

Доколку жртвата/преживеаното лице бара отштета во граѓанска парница против сторителот, треба да ѝ се даде правна помош за таквата постапка. Кога УНХЦР не е во состојба да обезбеди таква помош , треба да се направи напор на жртвата/преживеаното лице да ѝ се олесни пристапот до бесплатна правна помош што ја даваат советувалишта за

правна помош или организациите за права на жените во рамките на граѓанското општество.

***Познавајте ги начините на решавање спорови.***

Во некои заедници, постои можност жртвите/преживеаните лица да се чувствуваат послободни да побараат решение од традиционалните или од обичајните механизми за решавање на проблемите. Во такви случаи, жртвите и нивните семејства се под притисок да ги користат ваквите постапки заради страв да не бидат отфрлени, доколку не го сторат тоа. Службениците во правниот оддел на УНХЦР треба да ги следат овие постапки, со цел да се погрижат тие да бидат во согласност со националните закони и со меѓународните стандардни за човекови права. Кога овие алтернативни структури го кршат националниот закон, службениците во правниот оддел треба да организираат обука и предавања за зголемување на свеста во рамките на заедницата, така што ќе ги охрабрат членовите на заедницата да ја приспособат својата практика за решавање на спорови, во согласност со меѓународните стандарди за човекови права. За менувањето на ваквите навики треба да помине време, затоа е потребно трпение и неосудувачки однос.

**Види, исто така:**

**Прирачник за службениците во правниот оддел на УНХЦР: Спречување и реагирање на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност (УНХЦР 1998).**
**Деца-бегалци: Упатства за правна заштита и нега (УНХЦР 1994).**
**Упатства за правна заштита на жените-бегалци (УНХЦР 1991).**

# Определување на улогите на други потенцијални актери/ученици

Освен актерите во секторите на здравството, социјалните служби, обезбедувањето и правната заштита, и други лица имаат своја улога при реагирањето на потребите на жртвите/преживеаните лица. ***Сите лица кои работат со бегалци треба да ги знаат своите должности и должностите на другите вклучени во процесот на обезбедување поддршка за жртвите/лицата кои преживеале сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност.***

## Службеници во теренскиот оддел на УНХЦР

- Ги примаат и разгледуваат извештаите за случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.
- Се грижат за безбедноста на жртвите/преживеаните лица и на сите актери кои даваат помош им препорачуваат кон нив да се однесуваат со сочувство и со грижа.
- Се залагаат жртвите/преживеаните лица со своите семејства, ако е потребно, да примат помош од сите актери.
- Равиваат административни механизами за реагирање на безбедносните потреби на жртвите/преживеаните лица, на пример поделба на бонови за домаќинство и доделување на посебно сместување и непрехранбени производи на жртвите/преживеаните лица.
- Водат евиденција за следење на трендовите врзани за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност, ги анализираат проблемите и развиваат стратегии за спречување и за реагирање на ваквото насилство.
- Се координираат со другите сектори и актери.

## Службеници во програмскиот оддел на УНХЦР

- Им помагаат и ги поддржуваат сите актери за воспоставување повеќесекторски план за спречување и за реагирање на насилството.
- Распределуваат средства за поддржување на соодветните активности.
- Ги примаат и ги разгледуваат кратките извештаи со податоци, трендови, анализа на активностите за спречување и за реагирање, како и потребите од нив.
- Ги охрабруваат меѓународните невладини организации како партнери да распределат средства за поддршка на програмите за спречување и реагирање.
- Се координираат со другите сектори и актери.

## Шефот на канцеларијата

- Ги прима и ги разгледува извештаите и ги анализира податоците за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност, прогамските активности и резултатот од нив.
- Ги поддржува вработените на УНХЦР во подготвувањето, во спроведувањето, во следењето и во процената на стратегиите за спречување и за реагирање на насилството.
- Учествува на состаноците за меѓусекторска и меѓуагенциска координација.
- Ги ангажира сите вработени во УНХЦР, бегалците, своите партнери и владата-домаќин во развојот на програмата.
- Обезбедува висок степен на застапеност и поддршка во активностите за спречување и за реагирање; помага при решавање на проблемите и се залага за распределба на адекватни ресурси.
- Соработува со колеги од другите канцеларии на УНХЦР и со други агенции на ОН за максимално користење на расположливите ресурси и за размена на информации.

### Полицијата

- Ги прима жалбите и ја спроведува истрагата, следејќи ги правните и кривичните постапки наведени во законот.
- Во согласност со стандардните полициски процедури, ги апси обвинетите лица, ја спроведува истрагата, ги подготвува обвиненијата, ги врачува судските покани и се грижи сите потенцијални сведоци да се појават на суд.
- Доколку е потребно, се залага за забрзана истрага и за кривично гонење во случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.
- На жртвата/преживеаното лице и ја објаснува законската и кривичната постапка.
- Покажува разбирање за потребата на жртвата/преживеаното лице од приватност, од доверливост и од почитување.
- Учествува во кампањи за правна едукација и за подигање на свеста за сопствените права што ги спроведуваат службениците во правниот оддел во корист на бегалците и на заедницата.

### Судството

- Подготвува неделна евиденција на случаи, со назначување кои прашања ги засегаат бегалците како странка (поднесувачот на жалба или обвинетиот).
- Во согласност со стандардните процедури, води правна постапка за случаи на сексуално насилтво и на насилство базирано на половата припадност, на пример прима случаи, претседава за време на сослушувањата и на судењата, повикува сведоци, донесува пресуди и казни.
- Учествува во работилници и во инцијативни за зголемување на свеста, организирани од страна на службениците во правниот оддел на УНХЦР.

## Развој на план за работа со сторителите на насилството

Работењето со сторители на насилство претставува тешка, но неопходна активност. Човековите права на сторителите, како и нивната безбедност, мора да се почитуваат. Ако сторителот воедно е и бегалец, нему му следува меѓународна заштита. **Повеќесекторскиот тим треба да развива планови за работа со сторителите на насилство.**

- Советувајте се со државните власти за активностите кои се преземени локално за работење со сторителите на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.
- Ангажирајте работници за обезбедување и полиција, вклучувајќи ги и стражарските служби на заедницата , за да ги следат активностите на познатите сторители и да работат со нив.
- Каде што е можно, одделете ги сторителите од другите членови на заедницата.

# Клучни точки за помнење

***Заедницата треба да преземе водечка улога во изнаоѓањето начини за поддршка на жртвите/преживеаните лица.***

**Развој на активности за едукација на заедницата и за развивање на свеста**

- Лансирање кампањи за јавно информирање во врска со сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност.

**Воспоставување механизми за упатување и за известување**

- Треба да се воспостави јасен систем на упатување во секоја средина така што жртвата/преживеаното лице ќе знае каде благовремено да ја прими соодветната помош.

**Да се оспособи бегалската заедница да реагира**

- Соработката со заедницата е неопходна за развивање на трајни и на ефикасни стратегии за реагирање.

**Реагирање на здравствените/медицинските потреби на жртвите/преживеаните лица**

- На жртвата/преживеаното лице да ѝ се обезбеди лесен пристап до услуги на здравствена заштита, упатувања и понатамошно следење на здравствената состојба.

**Реагирање на психосоцијалните проблеми на жртвите/преживеаните лица**

- Кон жртвите/преживеаните лица треба да се однесуваме со сочувство и со грижа.

**Да се развие безбедносен и сигурносен систем за реагирање**

- На жртвата/преживеаното лице треба да ѝ се осигура безбедност по случувањето на насилството, а заедницата треба да има водечка улога во изнаоѓање на безбеден простор за живеење.

**Воспоставување правен/правосуден механизам на реагирање**

- Заедно со локалните власти, да се воспостави систем со помош на кој жртвите/преживеаните лица кои бараат правна отштета за делата што се извршени врз нив може тоа да го сторат навремено.

**Определување на улогите на други потенцијални актери**

- Вработените во теренскиот, во програмскиот и во раководниот оддел може да играат значајна улога во регирање на потребите на жртвите/преживеаните лица.

**Развивање план за работа со сторителите на насилството**

- Човековите права на сторителите, како и нивната безбедност, мора да се почитуваат.

# ГЛАВА 5
# ПОСЕБНИ РАЗГЛЕДУВАЊА ВО ВРСКА СО ДЕЦАТА-БЕГАЛЦИ

**Иако приницпите и начелата за кои се зборуваше во другите глави се применливи и за децата-бегалци, постојат други посебни прашања кои треба да се земат предвид кога се работи со деца-бегалци. Децата-бегалци се соочуваат со посебни облици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност: штетни традиционални обичаи, трговија со деца, детска проституција, сексуално насилство во семејството и сексуална експлоатација, како и злоупотреба од страна на лица кои имаат непречен пристап до деца.**

**Определени групи деца-бегалци се особено подложни на ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност. Тоа се: деца без придружба и одвоени деца, деца во притвор, деца-војници, адолесценти, деца со пречки во психичкиот и во физичкиот развој, деца кои работат, девојчиња мајки, деца чиишто мајки се жртви/лица што преживеале силување, машки деца како жртви/преживеани и деца-сторители на насилство.**

**Кога се работи со деца-бегалци, треба да ја познаете Конвенцијата за правата на детето(1989), која ги утврдува сеопфатните стандарди за заштита на правата на децата. Како додаток на Водечките начела дефинирани во Глава 2, треба да се истакнат и четири други начела во работата со децата-бегалци: правото на живот, опстанок и развој; најдобриот интерес за детето; недискриминација; и учество.**

*Конвенцијата за правото на детето (ЦРЦ)*[1] го дефинира детето како лице помладо од 18 година, освен кога релевантните национални закони не утврдуваат порана возраст за полнолетство. Ова значи дека ЦРЦ може да се примени за сите лица до 18 години старост, освен ако не се укажува во согласност со националниот закон дека таа/тој е полнолетна.

Децата-бегалци може да се изложени на посебен ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност со оглед на нивниот степен на зависност, нивната ограничена способност самите да се заштитат, како и нивната ограничена моќ да учествуваат во процесот на донесување одлуки. Бидејќи имаат релативно мало искуство во животот, децата полесно се експлоатираат и се присилуваат од возрасните лица. Зависно од степенот на нивниот развој, тие во целост може да не ја разберат сексуалната природа на определено однесување, затоа не се способни да дадат информирана согласност. Дополнителни етнички, полови, културни, економски и општествени фактори може да го зголемат ризикот децата-бегалци да станат жртви на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност.

**Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност има разорно дејство врз физичкото и врз душевното здравје на децата.**

1 Convention on the Rights of the Child = CRC *(prim. prev.)*

Како што е образложено во Глава 1, сексуалната злоупотреба може да поприми разни облици, а многу од нив се насочени кон децата. Посебните чинови на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност, како што се штетните традиционални обичаи, честопати се извршуваат во текот на детството на една личност. Сторителите на сексуално насилство и на насилството базирано на полова припадност врз деца-бегалци може да се луѓе кои детето ги познава и на кои им верува, лица кои имаат улога на старатели или пак други деца. Имајте на ум дека заради овој факт, детското гледање на случувањата може да биде изобличено.

Кога работите со деца-бегалци, запознајте се со КПД. Конвенцијата на сеопфатен и на детален начин ги опишува основните човекови права на децата насекаде, вклучувајќи ги и децата-бегалци. Овие права го опфаќаат правото на заштита од сексуална злоупотреба и експлоатација. КПД оттука нуди заштита на деца-бегалци и во државите кои не се потписнички на каков било документ во врска со бегалците. *Факултативниот Протокол на КПД за продавање на деца, за детска проституција и за детска порнографија (2000)* се занимава со прашањата за трговија, за продажба и за грабнување на деца.

# Водечки начела

Следниве начела, онака како што се објаснети во КПД, се универзално признати и се од особена важност при работа со деца-бегалци:

**Правото на живот, на опстанок и на развој:** Ова право мора да биде загарантирано со усвојување на мерките за заштита на животот. Начелото „опстанок и развој“ се однесува не само на физичкиот опстанок и развој на детето, туку и на неговиот душевен и емоционален развој. Раното стапување во брак на пример, ги загрозува правата на живот и целосниот опстанок и развој како на детето-мајка, така и на нејзиното бебе. (член 6, КПД).

**Недискримининација:** Секое дете во рамките на државната јурисдикција, без оглед на неговата полова припадност и имиграционен статус, полага право на сите права од КПД. Оттука, ова начело ги вклучува и децата-бегалци (член 2, КПД).

**Најдобриот интерес за детето:** Ова значајно начело треба да се применува како за одлуки што се однесуваат за поединечни деца, така и за пошироки прашања за политиките и за одлуките што се однесуваат за група деца. Во секоја посебна одлука што се однесува на децата, треба да се земат предвид сите можни решенија, а должно внимание треба да се посвети на најдобриот интерес за детето. (член 2, КПД).

При определување на некоја политика, како на пример определување на буџетот, потребна е целосна анализа за тоа како определена постапка може да влијае врз децата. Политиката не мора да се базира задолжително врз она што е најдобро за децата, но доколку се воочат определени конфликти, носителите на одлуки треба „првенствено да го имаат предвидјдобриот интерес“ за детето.

При определување на најдобриот интерес на некое дете, носителите на одлуки треба да ги имаат на ум, како објективните стандарди за кои се смета дека се во најдобар интерес за детето, така и субјективните мислења, кои ги разгледуваат ставовите на детето. Одлуката за тоа како да се определи најдобриот интерес за детето честопати е многу тешка, а не постои едно единствено решение кое би било очигледно и несомнено правилно. Постојат многу фактори што треба да се земат предвид, како што е возраста, генетскиот пол, културното наследство,општата средина и минатите искуства на детето. Сите толкувања на начелата треба да се прават во духот на КПД и со почитување на стручните совети дадени од правен аспект и од аспект на детскиот развој.

**Учество:** Важноста на овој член се состои во тоа што децата имаат право да дејствуваат врз одлуките кои ќе влијаат на нивните животи, и во фактот дека на нивните ставови треба да им се даде „соодветна тежина“. Ова начело треба да се примени во сите постапки на барање азил, при планирање за децата поединечно, како и во целокупното програмско планирање (член 12, КПД). Колку што е детето постаро, дотолку повеќе кон неговото мислење треба да се пристапува со поголема сериозност, при донесување на одлуки кои се однесуваат на детето.

Сите водечки начела се релевантни при определување на најдобриот интерес за детето во определена ситуација. Во некои ситуации, најдобриот интерес за детето може да не се совпаѓа со нејзините/неговите изречени желби и мислења, затоа, можеби, ќе треба да се стави во втор план.

**Види, исто така:**

**Фондации за активности за правата на децата (АРЦ): Меѓународни правни стандарди (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 2002).**
**Прирачник на УНХЦР за пренаселување (УНХЦР 2002).**
**Фондации за активности за правата на децата (АРЦ): Развој на децата и адолесцентите (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 2001).**
**Значајни прашања за активностите за правата на децата (АРЦ): Злоупотреба и експлоатација (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Фондации за активности за правата на децата (АРЦ); Пренаселување (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 1999).**
**Деца-бегалци: упатства за заштита и за грижа (УНХЦР 1994).**
**Конвенција за правата на детето-КПД (1989).**

# Групи од деца-бегалци кои се наоѓаат во посебен ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на полова припадност

- Деца без придружба и одвоени деца.
- Деца во притвор.
- Деца-војници.
- Адолесценти.
- Деца со пречки во психичкиот и во физичкиот развој .
- Деца што работат.
- Девојчиња-мајки.
- Деца чиишто мајки се жртви/лица што преживеале силување.
- Машки деца како жртви/преживеани лица.
- Деца сторители на насилство.

Глава 1 Глава 2 Глава 3 Глава 4 Глава 5 Глава 6 Глава 7 Глава 8

## Деца без придружба или одвоени деца

**Термините „дете без придружба“ или „одвоено дете“ треба да се употребуваат наместо терминот „сираче“. За УНХЦР детето е сираче само кога е потврдено дека двата родители се мртви. Потребна е внимателна проверка и потврда за едно дете да се обележи како сирак, а со тоа наместо да се насочат активностите кон пронаоѓање на семејството и зголемување на поддршката од заедницата, повеќе се охрабрува посвојувањето.**

- Децата без придружба или одвоените деца-бегалци се изложени на поголем ризик од сексуална експлоатација, злоупотреба, воена регрутација, грабнување, трговија и притвор, бидејќи немаат возрасно лице на кое му веруваат, кое ќе може да им помогне и да ги заштити. Во кризни состојби, децата-бегалци може да живеат со член од поширокото семејство, односно „со придружба“, но сепак може да бидат изложени на ризици слични на оние на кои се изложени и децата-бегалци без придружба.
- Имајте предвид дека групата деца без придружба и одвоените деца може да ги опфатат и домаќинствата што ги водат деца, во кои старите браќа или сестри се грижат за помладите деца.
- ***Обрнете внимание на фактот дека децата кои станале сираци заради СИДА исто така спаѓаат во групата деца без придружба и одвоени деца.*** Пред да станат сираци, децата кои биле погодени од СИДА-та можеби биле приморани да се грижат за родителите кои умираат. Тоа честопати подразбира преземање одговорности како возрасни лица, напуштање на училиштето и грижа за браќата и за сестрите. Децата кои потоа стануваат сираци како резултат на СИДА, а особено девојчињата, обично се маргинализирани, жигосани и се лишени од еднаков пристап до услуги кои им се нудат на другите бегалци. Оттука, тие се посебно подложни на сексуална злоупотреба и на експлоатација. Како што се зголемува бројот на децата што стануваат сираци како резултат на СИДА, така се зголемува и веројатноста од зголемување на бројот на децата кои се присилени на проституција и приморани да работат „на улица“ или како домашни слуги.

## Деца во притвор

**Децата во притвор или децата кои на друг начин се лишени од слобода може да бидат подложни на сексуално насилство и на злоупотреба и треба со нив да се однесуваме на начин кој ги има предвид нивните потреби како резултат на возраста.**

Сексуалната злоупотреба, според кажувања, се случува во голем број затвори и центри за притвор, особено онаму каде затворениците делат заеднички ќелии. Во такви ситуации, децата може да бидат цел на злоупотреба заради своите посебни детски особини, на пример заради верувањето дека немаат ХИВ/СИДА или заради вреднувањето на девственоста во многу култури. Затоа е неопходно да се одвојат притворените деца од возрасните лица во притвор, освен ако се смета дека е во најдобар интерес на детето да не се стори тоа.

## Деца-војници

**Дете-војник претставува секое лице помладо од 18 години, кое е дел од вооружена сила во кое било својство, како и оние лица кои ги следат таквите групи, освен ако не се исклучиво во својство на членови на семејството, како и девојчиња кои се регрутирани заради сексуални цели и присилен брак.**

*Генерален секретар на Обединетите нации*
*Извештај на Советот за безбедност, 2000*

Децата-бегалци стануваат деца-војници на повеќе начини: некои се регрутираат, некои се присилени, некои се пријавуваат за да преживеат или да ги заштитат своите семејства, додека некои се присилно грабнати, вклучувајќи ги и девојчињата кои се земаат за сексуални цели.

**Регрутирањето, честопати, поприма различни облици за момчињата и за девојчињата: момчињата се користат во борби и за други воени дејства, додека девојчињата обично се користат за сексуално ропство и принудна работа.**

Децата кои се наоѓаат внатре или во близина на борбените зони, како и децата без придружба или одвоените деца-бегалци се узложени на поголем ризик од воена регрутација, било од страна на државни или недржавни тела. УНХЦР се залага против воената регрутација.

Сексуалната злоупотреба на момчињата, а особено на девојчињата, за време на воената регрутација може да има значајни социокултурни последици кои може да влијаат негативно врз можноста за повторно соединување со семејството или со општествената реинтеграција по демобилизацијата. Децата, а особено девојчињата, често се превидени при формалните процедури за демобилизација. Меѓутоа, важно е да се заложите за вклучување на девојчињата во кои било активности за демобилизација

## Адолесценти

**Дефиницијата за поимот „адолесцент" може да се разликува од една до друга култура и треба да се приспособи така што ќе одговара на потребите на специфичната бегалска ситуација. Прашањето дали адолесцентот ја презел улогата на возрасен или не, е одраз на културата и бегалската ситуација.**

Потребите на адолесцентот за заштита и за помош можеби не се така очигледни како тие на децата, но тие се од пресудно значење, бидејќи адолесцентите се особено изложени на ризик од сексуално насилство и од насилство базирано на половата припадност, а на нивните потреби не се обрнува доволно внимание.

Адолесцентите, а особено девојките се изложени повеќе на ризик од сексуална злоупотреба и експлоатација, бидејќи сторителите сметаат дека тие не се заразени од сексуално преносливи болести. Оттука, и девојките и момчињата адолесценти се подложни на дополнителен ризик од зараза со ХИВ/СИДА и од други сексуално преносливи болести. Девојките може да доживеат потенцијално опасни бремености како резултат на силувањето. Во споредба со возрасните лица, адолесцентите честопати немаат доволно пристап до информации за репродуктивното здравје, бидејќи ваквите информации не се насочени кон нив.

## Деца со пречки во психичкиот и врз физичкиот развој

Децата со пречки во психичкиот и во физичкиот развој семејството обично ги „крие", тие стануваат „невидливи" и така немаат пристап до постојните структури за поддршка. Исклучени на тој начин, тие честопати не се во можност да побегнат од сторителите, па затоа се изложени на поголем ризик од сексуална злоупотреба. На овие деца треба да им се обрне посебно внимание при подготвувањето на програмите за сексуално насилство и за експлоатација.

## Деца кои работат

Децата кои работат како домашни слуги, најчесто девојчиња или деца кои работат и/или живеат на улица („деца-улични"), се особено изложени на ризик од сексуална злоупотреба и од експлоатација. Децата без придружба или одвоените деца во домаќинства кои ги водат

деца, може да се присилени да бараат платена работа. Работодавците кои купиле деца за работа (задолжителна работа) честопати покажуваат огромна моќ врз децата, правејќи ги тие деца особено чувствителни на злоупотреба и на експлоатација.

## Девојчиња-мајки

**Кога работите со девојчиња-мајки, од голема важност е да го задржите својот неосудувачки став.**

Девојчиња-мајки честопати се изложени на ризик од сексуална експлоатација, доколку заради сиромаштија не се во можност да ги задоволат своите најосновни потреби, како и потребите на своите деца. Девојчињата-мајки и оние кои затруднеле како резултат на сексуална злоупотреба и/или експлоатација може да се изложени на изолираност, на дискриминација и на жигосување и може да немаат пристап до основните услуги. Сите овие фактори може да ги доведат во ситуација да бидат подложни на сексуална злоупотреба и на експлоатација.

Битно е да се погрижите девојчињата-мајки да го продолжат своето образование или другите општествено-економки активности кои ќе го спречат нивното понатамошно изложување на други облици на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност.

## Деца чиишто мајки се жртви на силување

Деца кои се производ на силување може да бидат малтретирани, дури и напуштени од страна на нивните мајки и на семејството. Овие деца се особено подложни на ризик од злоупотреба и од експлоатација и треба внимателно да се следат. Важно е да се погрижите семејството и заедницата да не го жигосуваат ниту детето, ниту мајката. Сместување во семејство, а подоцна и посвојување треба да се земе предвид доколку детето е отфрлено, занемарено или со него лошо се постапува.

## Машки деца како жртви/преживеани лица

Сексуалната злоупотреба на машките деца е недоволно признаена, недоволно пријавувана и недоволно разгледувана. Земајќи ги предвид културните органичувања, митовите и табуата во врска со хомосексуалноста и/или најтешкиот срам, уште помала е веројатноста за момчињата, од девојчињата да пријават дека биле сексуално злоупотребувани. Заедниците одбиваат и се неспремни да прифатат дека машките деца може да бидат жртви; момчињата може да веруваат дека треба тоа премолчно „машки да го поднесат“.

## Деца сторители на насилство

Децата може да бидат сторители на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, бидејќи како и возрасните, може да ги злоупотребат нееднаквите односи на моќ меѓу себе. Да се принуди едно девојче или момче кое не сака да учествува во сексуален чин претставува облик на сексуална злоупотреба. Без оглед на неговата/нејзината подготвеност, помладото дете можеби и не сфаќа што се случува и не може да даде согласност врз основа на претходна информираност. Ова, исто така, преставува сексуална злоупотреба.

Треба да се разгледа не само проблемот на траумата на жртвата, туку и потребата на сторителот од рехабилитација. Сторителот можеби и самиот е жртва на сексуална злоупотреба и на експлоатација и има право на помош и на поддршка. Иако е точно дека поголемиот број сторители имаат историја на сексуална злоупотреба, не е точно дека повеќето жртви стануваат и самите злоупотребувачи на деца. Повеќето

од нив кои сексуално злоупотребуваат во текот на адолесценцијата, главно не злоупотребуваат како возрасни, доколку им се даде помош додека се млади.

Малолетните деликвенти/престапници треба да бидат заштитени од злоупотреба додека се во затвор. Ова може да се постигне по пат на брзи сослушувања и со набљудувања. Ним треба да им се помогне при прохисоцијалната рехабилитација. Треба да се промовираат закони и постапки кои овозможуваат правилна заштита за малолетните деликвенти таму каде што не постојат, а онаму каде што постојат треба правилно да се применат.

**Види, исто така:**

**Меѓуагенциски раководни начела за деца без придружба и за одвоени деца (Меѓуагенциски извештај, 2003).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Одвоени деца (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Пречки во развојот (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 2001).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Деца-војници (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата 2000).**
**Изборен протокол на КПД за учеството на децата во вооружени судири(2000).**
**Преработени упатства за применливите критериуми и стандарди врзани за притвор на баратели на азил (УНХЦР 1999).**
**Меѓуагенциски теренски прирачник за репродуктивното здравје во бегалски ситуации (Меѓуагенциски извештај 1999).**
**Римска уредба на Меѓународниот кривичен суд (1998).**
**Деца-бегалци: Упатства за правна заштита и за грижа (УНХЦР 1994).**
**Дополнителен протокол на Женевската конвенција од 1949 г. за заштита на жртвите на меѓународни вооружени судири (1977).**

# Специфични облици на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност кои се вршат врз деца

Децата може да бидат жртви/лица кои ги преживеале повеќето облици на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност објаснети во Глава 1. Меѓутоа, децата се често жртви на следниве облици на насилство:

- Штетни традиционални обичаи.
- Трговија.
- Детска проституција.
- Сексуално насилство во семејството.
- Сексуалната екплоатација, злоупотреба и насилство од страна на лица кои имаат непречен пристап до деца.

## Штетни традиционални обичаи

Кога се корисни традиционалните обичаи, бегалските заедници треба да се охрабрат да ги задржат како начин за зачувување на нивниот идентитет и култура. Меѓутоа, некои традиционални обичаи се штетни за здравјето, за благосостојбата и за развојот на децата. Овие обичаи ги осудуваат меѓународните структури, заради сериозните здравствени ризици што може да ги предизвикаат и заради тоа што прекршуваат разни човекови права. Штетните традиционални обичаи често се случуваат за време на детството, кога детето е немоќно да се спротивстави. Штетните традиционални обичаи кои влијаат врз децата, најмногу врз девојчињата, вклучуваат осакатување на женските полови органи, детски брак, фаворизирање на синовите, насилство во врска со чеизот, изнудени бракови (на пр. по извршување на силувањето) и верување во магии (на пр. верување дека секс со дете ќе донесе добро на семејството).

## Трговија

Децата-бегалци, особено децата без придружба и одвоените деца, се изложени на ризик со нив да се тргува на принуден или на измамнички начин, честопати заради комерцијална сексуална експлоатација. Трговијата со деца подазбира регрутирање, транспортирање, пренесување, криење или прифаќање на дете заради експлоатација. Нема потреба да се покаже дека била употребена сила, измама или принуда за појава на трговија.

*Протоколот за спречување, за забрана и за казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и со деца, како дополнување на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на Обединетите нации 2000*, ја исклучува можноста од „согласност" на трговија од страна на кое било лице под 18 години. Во голем број случаи, трговијата може да подразбира исплата или корист за да се добие согласност од лицето кое има контрола над детето. Децата со кои се тргувало, може да имаат сериозни последици откако ќе побегнат и/или откако ќе се вратат, вклучувајќи одмазда или освета од страна на синџирот или поедиците кои се занимаваат со трговија, можност за повторно тргување, физичко казнување и дополнително одземање на слободата, отфрлање од заедницата или семејството или строга дискриминација.

## Детска проституција

Детска проституција подразбира користење на дете во сексуални активности заради исплата. Нудењето, добивањето, набавувањето и снабдувањето на деца заради проституција треба да биде целосно опфатено со кривичниот и со казнениот закон на државата. По својата дефиниција, детската проституција претставува сексуална експлоатација. Кога децата-бегалци еднаш ќе почнат да се занимаваат со проституција, тие се изложени на ризик од понатамошно сексуално насилство и од насилство базирано на полова припадност.

Сиромаштијата и социјалната нееднаквост прават децата-бегалци да се во поголем ризик од сексуална експлоатација, особено проституција. Децата, најмногу девојчињата се особено чувствителни, со оглед на тоа дека нивната девственост, воочлива невиност и физичка недоразвиеност понекогаш многу се ценат од страна на сторителите.

## Сексуално насилство во семејството

Злоупотребата и експлоатацијата на децата во семејството претставува сложен предизвик во областа на правната заштита, бидејќи лицето кое е задолжено за заштита и за грижа на детето, во многу случаи машки роднина, не го прави ниту едното, ниту другото. Сексуалното насилство во семејството скоро секогаш се третира како приватна работа која не ги засега надворешните луѓе; како резултат на тоа злоупотребуваното дете може да биде осудувано заради случајот на насилство и понатаму да биде малтретирано. Иако е невозможно да се понудат општи насоки

што ќе се применат во сите случаи, неопходна е идентификација, доверливо пријавување на обвинувањата, тука се опфатени здравствените работници, просветните работници и водачите на заедницата, како и истрагата за случајот со цел да се развие план за заштита на детето. Соработката со родителот кој не го злоупотребува детето може да биде корисна, дури и неопходна, како и отстранување на злоупотребувачот од домаќинството додека е во тек истрагата.

Дури и кога не претставуваат директна мета, децата од семејства каде еден или повеќе членови преживеале или доживуваат сексуално насилство и насилство базирано на полова припадност имаат други тешкотии. Бидејќи психолошката и емоционалната благосостојба на детето може да биде во опасност кога тое е сведок на такви насилни случувања, треба да му се понуди психолошко советување. Исто така, постои можност трауматските случувања понекогаш да ја загрозат способноста на возрасните да се грижат за своите деца, оттука родителите и децата од такви семејства треба внимателно да се набљудуваат.

### Сексуалната екплоатација, злоупотребата и насилството од страна на лица кои имаат непречен пристап до деца

Кога лицата надвор од најтесниот круг на семејството имаат непречен пристап до деца во изолирани средини, може да дојде до сексулана експлоатација, до злоупотреба и до насилство. Таквите лица може да бидат просветни работници, верски учители, старатели, вработени во хуманитарни организации и други лица кои имаат пристап до деца во училиштата, за време на вонучилишните активности, верските и спортските активности, во градинките итн. Како прв чекор, важно е да се идентификуваат потенцијалните извори на ризик. Стратегиите кои би се занимавале со овие ризици може да опфатат внимателно проверување на вработените и на доброволците, намалување на можноста да се поминува време насамо со децата без присуство на други возрасни, внимателно набљудување и контролирање, користење на згради каде има прегледност на просторот и зголемено учество на родителите во активностите.

**Види, исто така:**

**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Злоупотреба и експлоатација (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Внимателно бирајте (ЕЦПАТ Австралија 2001).**
**Изборен протокол на КПД за продажба на децата, детската проституција и детската порнографија (2000).**
**Конвенција врзана за забраната и моменталната акција за елиминирање на најлошите облици на работа на децата, Ц 182 (1999).**
**Декларација на ОН за елиминација на насилството врз жените (1994).**

# Посебни разгледувања во врска со спречувањето на сексуалното насилство и со насилството базирано на полова припадност што се врши врз деца

Освен стратегиите за спречување сексуално насилство и насилство базирано на полова припадност за кои се зборуваше во Глава 3, анализата насочена кон детето би помогнала во определување на посебните ризични области и на ресурсите, со цел да се обезбеди повеќесекторски пристап кон проблемот. Треба да се проучи и да се поддржи улогата на бегалската заедница во заштитата на децата-бегалци.

## Трансформација на општествено-културните норми

### СТРАТЕГИЈА:
### Развивање на информативни, едукативни и комуникациски кампањи (IEC)[2]

- Кампањите за зголемување на свеста за прашањето на сексуалното на насилство и на насилството базирано на полова припадност, каде се децата жртви треба да се базираат на принципите на КПД и нејзините Изборни протоколи, а да се насочени кон сите партери, вклучувајќи ја бегалската заедница, потоа воените и миротворните сили.
- Застапувањето на децата треба да се базира врз традиционалните норми и вредности за заштита на децата доколку тие постојат, а во исто време треба да се предизвикаат однапред утврдените претпоставки кои се базираат на стереотипите за половата припадност ( на пр. да се разгледа проблемот на машките деца како жртви/преживеани лица). Која било иницијатива за регирање на овој проблем треба да се базира врз темелното разбирање на локалните норми, обичаи и табуа врзани за сексуалното однесување.
- Кампањите за јавната здравствена заштита во врска со „посигурен секс“ и пренесување на ХИВ/СИДА може да ги растурат митовите кои кружат меѓу бегалската популација, како на пример дека секс со девојче кое е девица лечи од ХИВ/СИДА. Овие кампањи треба да се насочени кон мажите и кон момчињата.
- Стратегиите за спречување на штетните традиционални обичаи неизбежно се спротивставуваат на силнитите културни норми и затоа кон нив треба да се покаже разбирање. Неопходно е темелно познавање на природата и зачестеноста на определена практика, нејзините корени и социјалните последици. Поголема веројатност има да успеат едукативните и информативните кампањи кои се повеќе насочени кон штетните последици врз здравјето и врз развојот на децата, отколку кон правниот аспект и кон аспектот врзан за човековите права на определена практика, а треба да се наменети и за мажи и за жени верски водачи, за традиционалните водачи, постарите лица во племето, политичките лидери, традиционалните помошници при породување, другите здравствени работници како и децата-бегалци, жените и мажите. Треба да се поддржуваат локалните групи кои се спротивставуваат на ваквите штетни традиционални практики, бидејќи тие може да ги поттикнат и да ги раководат активностите насочени кон заедницата, а кои имаат за цел отстранување на ваквите практики. Треба да се определат алтернативни начини за стекнување доход за лицата кои се занимаваат со вакви штетни активности, а да им се одржи нивниот углед во заедницата. Важноста од образување на девојчињата и на жените не треба да се потцени, бидејќи зачестеноста на штетните традиционални обичаи е поврзана со неписменоста.

### СТРАТЕГИЈА:
### Ангажирање на децата и на младите

Децата-бегалци треба да се охрабрат за учествуваат во развојот и во спроведувањето на програмите за сексуалната експлоатација, злоупотреба и насилството. Кога се чини соодветно децата жртви/преживеани лица може да се консултираат или да се поканат да учествуваат откако се утврди дека тоа е во нивен најдобар интерес.

2 Information, Education, Communication = IEC *(prim. prev.)*

## СТРАТЕГИЈА:
## Работење со момчиња

Неопходна е работа со момчињата со цел тие да станат свесни и да разберат дека девојчињата имаат еднакви права. Ова подразбира, на пр., нивна поддршка во пристапот до образование за нивните сестри, како и во промовирање на позитивните ставови и почитувањето на девојчињата во училницата и на игралиштето.

### Повторна изградба на системите за поддршка на семејството и на заедницата

## СТРАТЕГИЈА:
## Да се обезбеди пристап до образованието

Со обезбедувањето пристап до основното и средното образование за сите деца-бегалци, или онаму каде што е изводливо пристап до средно општо образование и до стручно оспособување, ќе се намали ризикот од експлоатација. Специјалните програми приспособени за потребите на девојчињата кои го напуштиле училиштето, исто така, го намалуваат овој ризик. Едуцирањето на децата за нивните права, преку различни облици на општествени обуки и настава врзана за животните вештини, ќе им помогне на младите луѓе да направат подобар избор и ќе им помогне да се заштитат себеси од експлоатација. Треба активно да се промовира рамноправното учество на девојчињата во училиштата.

Заедница треба да се ангажирана при вработување и при раководење со наставниот кадар и со педагозите на кои може да им се верува, бидејќи и наставниците сексуално може да злоупотребуваат. Треба да се охрабрат посебните мерки за промовирање на вработување наставен кадар од женски пол. Внимателно одбрани педагози треба да се занимаваат со набљудување на децата, за да се пронајдат знаци на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност. На девојчињата треба да им се обезбеди соодветна облека и санитарни материјали. Исто така, основање на вонучилишни клубови за девојчињата може да им понуди советување и поддршка од страна на врсниците.

### Создавање услови за подобрување на системот на одговорност

## СТРАТЕГИЈА:
## Да се изврши процена на лицата кои имаат пристап до децата-бегалци

Проценување на знењето, на ставовите и на однесувањето на сите лица кои имаат пристап до децата-бегалци може да обелодени експлоатација во неочекувани ситуации, како на пример во училиштата или во градинките. Обучувањето на тој кадар и надгледувањето на неговата работа се важни елементи во која било статегија за спречување на насилство.

### Планирање на ефикасни служби и на сместувачки капацитети

## СТРАТЕГИЈА:
## Регистрирање на секое дете

Регистрирањето и документирањето, вклучувајќи го и пријавувањето на новороденитe деца, е од суштинско значење за секој поединечен бегалец, особено за децата без придружба и за одвоените деца, бидејќи тоа е предуслов за стекнување на права и пристап до услугите. Регистрирањето, исто така, помага при идентификувањето и при набљудувањето на групите кои се во особен ризик од сексуално

насилство, поддржување на пристапот до праводусниот систем за малолетници, спречувањето на воена регрутација и одвраќањето на лицата кои тргуваат со деца.

### СТРАТЕГИЈА:
### Обезбедување пристап до услугите

Погрижете се ецата да имаат пристап до истите количини храна и услуги како и другото население и разгледајте ја можноста за дополонителна поддршка доколку е потребна, на пример изградба на специјални сместувачки капацитети за домаќинствата што ги водат деца.

### СТРАТЕГИЈА:
### Пронаоѓање на семејството

Треба да се погрижите за потребите на децата без придружба и на одвоените деца преку пронаоѓање на семејството, обезбедување на соодветни и на контролирани облици на привремено згрижување, како и повторно обединување на семејството, доколку тоа е во најдобар интерес за детето.

### СТРАТЕГИЈА:
### Вклучете ги децата во планирањето, во подготвувањето и во спроведувањето на активностите

Децата-бегалци, особено адолесцентите треба да се консултираат при планирање на кампот/населбата, локацијата на училиштата и објектите за рекреација, како и при планирање на распоредот за сместување и другите релевантни програми и активности.

**Види, исто така:**

**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: злоупотреба и експлоатација (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Основни принципи: Мобилизација на заедницата (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2001).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Одвоени деца (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Основни принципи: Анализа на состојбата (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 1999).**
**Заклучок на Извршниот комитет на УНХЦР за регистрација на бегалците и на барателите на азил бр. 91 (ЛИИ) (УНХЦР 2001).**

## Посебни разгледувања во врска со реагирањето на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност што се врши врз деца

Реагирањето на сексуалното насилство и насилството базирано на полова припадност треба да ги опфаќа активностите и услугите што се објаснети во Глава 4. Акција за правата на децата ( АРЦ) Критички прашања: злоупотреба и експлоатација ( УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, 2001).

**Земете го предвид најдобриот интерес за детето.**
**Децата кои се жртви/ или преживеале сексуална злоупотреба имаат потреба од итен пристап до медицинска нега и до психолошка поддршка. Нив, исто така, може да им е потребен пристап до правни услуги.**
**Сите активности треба да се во согласност со принципот за најдобар интерес за детето. Сопствените желби и чувства на детето ќе бидат пресудни за определување на она што е во негов најдобар интерес.**

## Воспоставете механизми за упатување, за набљудување и за процена кои се во полза на децата

Важно е да постојат видливи и широко популаризирани механизами за известување кои се во полза на децата и со кои раководи искусен и обучен кадар и/или бегалци. Потребно е извештаите за сексуалното насилство и за насилството базирано на полова припадност да се насочат кон процесите кои се занимаваат со пријавување на други видови кршења на детските права, наместо да се создава посебен процес кој би се занимавал исклучиво со извештаи врзани за сексуалното насилство и за насилството базирано на полова припадност што се извршува врз деца.

Неопходно е надгледување на децата подложни на ризик, како што се децата без придружба и одвоените деца во привремена старателска нега, деца во старателски семејства, деца од улица, деца во притвор и деца-мајки, како и деца со пречки во развојот, заради обезбедување заштита од сексуално насилство и од насилство базирано на полова припадност.

***Водење информативен разговор (интервју) со детето***

Лицето кое ќе разговара со детето треба да е многу стручно и добро обучено, способно да се соочи со интензивни емоции, и искусно во тоа да му овозможи на детето да зборува за многу тешки проблеми. Од витално значење е да се разбере културата на детето; затоа се претпочита тие што работат со деца-бегалци да зборуваат ист јазик и да имаат исто културно потекло.

Во општа смисла, препорачливо е лицето кое ќе го води разговорот да биде од ист пол како и детето. Меѓутоа, треба да земат предвид културните и општествените фактори при одлучување за полот на лицето кое ќе го води информативниот разговор. На пример, во многу општества, машките деца не сакаат да зборуваат за хомосексуалната злоупотреба пред други мажи, но може да се чувствуваат попријатно за тоа да зборуваат пред жена.

***Создавање на безбедно опкружување***

Определете кој треба да биде присутен за време на разговорот и на прегледот. Постои можност сторителот да е член од семејството, иако го одрекува детето тоа. Затоа можеби е подобро родителот или старателот да биде надвор од просторијата за време на разговорот и на прегледот, а во неа да биде присутно лице од доверба чиишто став е независен. Кога нема да има никој во просторијата, прашајте го детето дали сака родителот или старателот да биде присутен за време на разговорот и почитувајте ги неговите желби. За дополнителни насоки, погледајте го делот за *Вештини за водење разговор и подготвување и спроведување на разговор/интервју при работа со деца без придружба: Пристап што се базира на заедницата.*

Имајте на ум дека постојат други начини за прибирање информации, по пат на игра, раскажување приказни, глума и детски цртежи. Овие методи бараат стручно набљудување и анализа од страна на експерти или од соодветно обучен кадар.

**Техники на водење разговор**

**Седете во височина на очите на детето и одржувајте контакт со очите, доколку тоа е куртуролошки дозволено.**
**Уверете го детето дека не направило ништо лошо и направете сè што можете да го обезбедите физичкиот интегритет на детето.**
**Претставете се себеси (и преведувачот) и внимателно објаснете што ќе се зборува за време на разговорот, какви прашања ќе се поставуваат и зошто. Ова се прави со цел да се минимализира евентуалното погрешно сфаќање и страв кај детето, кои може да ги изменат одговорите на детето.**
**Уверете го детето дека е прифатливо на кое било прашање да одговори со „не знам" и дека може да поставува прашања.**
**Поставете неколку прашања на некоја неутрална тема, како што се училиштето, пријателите, луѓето со кое живее детето, омилените активности и дозволете му на детето да зборува извесно време. Тоа ќе му даде време да се опушти, а вас ќе ви овозможи да слушате и да научите на кој начин детето комуницира.**
**Доколку не е способно да зборува детето за некоја определена случка, но може да одговори на други прашања, извесно време воздржете се од поставување прашања во врска со случката.**
**Бидете трпеливи; следете го темпото што го наметнува детето.**
**Поставувајте прашања што не го ограничуваат одговорот на „да" или „не", за да добиете информација за случката што ќе ја опише со сопствени зборови детето. „Да" или „не" прашања поставувајте само за да разјасните некои детали.**
**Бидете спремни да го определете моментот кога ја достигнало детето границата на издржливост.**
**Разоворот треба да заврши со дискусија за нормалните дневни случувања за повторно да се воспостави чувство на сигурност.**

## Развивање на систем за реагирање на здравствените потреби на жртвите/преживеаните лица

НИКОГАШнемојте да го терате, да го задржувате или да го присилувате уплашеното дете кое дава отпор да го заврши разговорот или прегледот. Ограничувањето, присилувањето, принудување и манипулацијата честопати се составен дел од сексуалната злоупотреба, а доколку со нив се служат оние кои се обидуваат да помогнат, тоа само ќе го зголеми стравот и вознемиреноста кај детето и ќе го влоши психолошкото влијание од таа злоупотреба.

Освен создавање на безбедно и доверливо опкружување, подгответе го детето за преглед и охрабрете го да поставува прашања за она што го загрижува или за она што не го разбира кога и да е во тек на прегледот.

Со соодветна подготовка, поголемиот број деца може да се опуштат и да учествуваат во прегледот.

Можно е детето да има болки и заради тоа не може да се опушти. Објаснете му што ќе се случува за време на прегледот, и користете термини кои може да ги разбере детето.

Честопати корисно е да имате кукла или некоја друга играчка за да му ги покажете на детето постапките и позициите. Покажете му ја на детето опремата/средствата, како што се ракавици, стапчиња за брисеви и др. и дозволете му на детето да ги употреби на куклата.

Девојчиња кои биле злоупотребувани може да се соочат со здравствени компликации заради самоизвршени абортуси, несакани бремености и природни абортуси. Тие може да имаат и свои деца и затоа им е потребна посебна нега. Децата жртви/преживеани лица кои се демобилизирани

можеби исто така биле инфицирани со некоја сексуално преносилива болест, вклучувајќи и ХИВ/СИДА.

На девојчињата кои биле подложени на осакатување на женските полови органи потребна им е посебна нега, особено за време на бременоста, на породувањето и на периодот по породувањето.

Соодветната лекарска и психолошка поддршка треба да им се даде и на девојчињата-мајки пред и по породувањето, вклучувајќи и совети за одгледување на детето.

## Планирање заради задоволување на психосоцијалните потреби на жртвите/преживеаните лица

Потребно е стручно лице обучено за работа со деца кога на детето му треба психосоцијална поддршка. Тоа стручно лице идеално би требало да биде од исто етничко потекло како и детето, или пак некој што имал искуство во повеќекултурни средини. Улогата на стручното лице може да биде или директно да изврши лекување на детото или да ги советува членовите на семејството или на заедницата кои ќе ја вршат таа функција.

Рехабилитацијата на децата жртви/преживеани, вклучувајќи и деца кои биле подложени на воена регрутација бара посебно внимание. Забрзаното учење и програмите за брзо школување се клучен фактор во оспособувањето на жртвите/преживеаните да ја надминат злоупотребата што ја претрпеле и да изградат нова иднина за себе.

## Развивање на сигурносни и на безбедносни системи на реагирање

Детето не треба да се одвојува од семејството и/или заедницата заради лекување, освен кога се прави тоа за да се заштити детето од злоупотреба и од занемарување.

Брзото реагирање е од пресудна важност кога се пријавуваат случаи на штетни традиционални обичаи. Во вакви ситуации, најосновните права на детето, вклучувајќи ги и правото на живот, на слобода и на физички интегритет, може да бидат прекршени. Во случаи кога физичката безбедност на детето е загрозена, решенијата треба да се бараат во локалното опкружување, како што е згрижување на детето во сместувачки капацитет надвор од заедницата. Доколку нема локални решенија на располагање, можеби преселувањето во трета држава треба да се има предвид за да се гарантира безбедност на детето.

## Воспоставување правен/правосуден систем на реагирање

Неопходно е темелно да се проследат сите пријави на сексуално насилство и на насилство базирано на полова припадност во кои жртви се децата. Работниците треба да се трпеливи и внимателни во случај на вакви пријави. Детето може да одрекува дека е злоупотребувано заради разни причини, вклучувајќи и страв од сторителот. Несоодветното и бесчувствително интервенирање може да предизвика дополнителна вознемиреност кај детото, а другите деца да ги одврати од барање помош. Каде што е возможно, вработените треба да се обучени за работа со деца. Можеби би било корисно да се побара помош од колегите кои повеќе се запознаени во работењето со деца-бегалци. Може да се јави потреба од преведувачи и од толкувачи. Проверете дали локалната полиција има вработени кои се обучени за работа со деца-жртви/лица кои преживеале сексуалното на насилство и насилството базирано на полова припадност и со деца сторители на насилство. Кога случаите кои се врзани за деца се изведат пред суд, обезбедете судската постапка да се води во полза на детето.

## Ангажирање на семејството и на заедницата

**Услуги кои се наменети за семејството:** Кога децата сексуално се злоупотребени, понекогаш е неоходно да се советува целото семејство, а детето да се увери дека му се верува и дека има поддршка и помош за враќање во нормалните животни текови.

На членовите на семејството можеби, исто така, да им е потребна помош; родителите може да се чувствуваат виновни што не успеале да го заштитат своето дете. Потребна е крајна внимателност во случаи каде навидум изгубената чест на детето како краен резултат може да го има отфлањето на детето од страна на семејството. Во некои култури, судското и општото право може од семејството да бара да го присили девојчето на брак со сторителот. Во вакви случаи треба да се преземат итни мерки за спречување на понатамошите физички и психосоцијални штети по жртвата/преживеаното лице. Доколку е неопходно, жртвата/преживеаното лице треба да се пресели на друго место.

**Услуги кои се наменети за заедницата:** Неопходна е крајна грижа за жртвата/преживеаното лице да не биде жигосана. Колку што е можно, постоечките стуктури за поддршка во заедницата и системот на социјална грижа на децата треба да обезбедат поддршка и заштита.

Некои облици на штетни традиционални обичаи, како што се бракот под присилба и осакатувањето на женските полови органи се случуваат многу рано во животот на девојчето. Важно е да се помогне во градење на разбирањето како меѓу семејствата, така и внатре во заедницата, за штетните последици од овие обичаи како за детето поединечно, така за заедницата како целина.

**Види, исто така:**

**Клиничко лекување на лица кои преживеале силување (СЗО/УНХЦР 2002).**
**Прирачник за пренаселување (УНХЦР 2002).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Злоупотреба и експлоатација (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, преработено издание 2002).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Критички прашања: Деца-војници (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, 2000).**
**Акција за правата на децата (АРЦ) Пренаселување: Анализа на состојбата: (УНХЦР, ОХЦХР, УНИЦЕФ, Спасете ги децата, 1999).**
**Меѓуагенциски теренски прирачник за репродуктивното здравје во бегалски ситуации (Меѓуагенциски извештај 1999).**
**Работа со деца без придружба: Пристап базиран на заедниците (УНХЦР 1996).**

# Клучни точки за помнење

**Сите интервенци за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност треба да се раководат од следниве четири принципи:**

- Правото на живот, на опстанок и на развој.
- Недискриминација.
- Најдобрите интереси за детето.
- Учество.

**Бидете свесни дека наредните групи на деца се особено подложни на ризик од сексуалното насилство и од насилството базирано на полова припадност:**

- Деца без придружба и одвоени деца.
- Деца во притвор.
- Адолесценти.
- Деца со пречки во психичкиот и во физичкиот развој.
- Деца-работници.
- Девојчиња-мајки .
- Деца чии мајки се жртви/лица кои преживеале силување.
- Машки деца како жртви/преживеани лица.
- Деца сторители на насилство.

**Специфични облици на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност кои се вршат над децата се:**

- Штетни традиционални обичаи.
- Трговија.
- Детска проституција.
- Сексуално насилство во семејството.
- Сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство извршено од страна на лица кои имаат непречен пристап до деца.

**При развивање на активности за спречување на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност кои се вршат над децата треба:**

- Да се развијат кампањи за информирање, за едукација и за комуникација.
- Да се ангажираат децата и младината.
- Да се обезбеди пристап до образование.
- Да се изврши процена на лицата кои имаат пристап до деца.
- Да се воспостават механизми за набљудување.
- Да се регистрира секое дете.

- Да се обезбеди пристап до служби/услуги.
- Да се пронајдат семејствата.
- Да се ангажираат децата при планирање, при изготвување и при спроведување на активностите.

**При реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на полова припадност кое се врши врз деца, потребно е:**

- Да се воспостават механизми на упатување, на известување, на набљудување и на процена кои се во полза на децата.
- Да се создаде безбедно опкружување за детето за водење информативни разговори за лекарскиот преглед.
- Добро да се подготви детето за лекарски преглед.
- Да се обезбедат стручни лица обучени за работа со деца кои ќе го водат разговорот, ќе го прегледуваат и ќе го советуваат детето.
- Да се ангажира семејството и заедницата.
- Да се мобилизираат службите кои се насочени кон потребите на семејството.
- Да се поддржат постоечките структури во заедницата за заштита на детето.

# ГЛАВА 6
# РАМКА ЗА АКЦИЈА

**Програмите за спречување и за регирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност се најуспешни кога се подготвени во консултација со бегалската заедница, а кога се базирани на повеќесекторска и меѓуагенциска соработка. За изработка на ефикасни програми, тимот мора да разработи заеднички план за акција. Содржината на ваквиот план детално е објаснета подолу во текстот.**

## Развој на план за акција

Успешните програми се оние кои се подготвени во консултација со бегалската заедница, особено со жените и со адолесцентите, и оние програми што се базираат на повеќесекторска и на меѓуагенциска соработка во определена ситуација. Некои од овие чекори потребни за развој на план за акција треба да се преземат истовремено; некои може да се преземат по набљудувањето и по процената на постоечките стратегии со цел да се спречи и да се реагира на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност.

**Разработете план за акција:**

**Определете ги и ангажирајте ги актерите.**
**Развијте заедничко видување за сексуланото насилство и за насилството базирано на половата припадност и договорете се за опсегот на акцијата.**
**Спроведете анализа на состојбата: соберете информации заради разбирање на потребите, проблемите, расположливите служби, како и предностите и слабостите на бегалската заедница.**
**Постигнете согласност во врска со збирот на водечките начела.**
**Дефинирајте ги улогите и обврските на актерите.**
**Разработете цели и задачи; дефинирајте ги активностите, целите, резултатите и показателите; определете ги потребните ресурси.**
**Постигнете согласност за системите за набљудување и за процена, вклучувајќи ги и механизми за известување, за упатување и за координација.**
**Подгответе план за одржување на благосостојбата на вработените и на волонтерите.**

### Определете ги и ангажирајте ги актерите

**Започнете го процесот на определување на релевантните актери и покажете ги на состанок за дискусија или на повеќе состаноци.** Зависно од бројот луѓе, јазици и култури што ќе земат учество, може да се определите да одржите повеќе состаноци или дискусии со целните групи организирани со учесници од ист пол, возраст и етничка припадност, наместо да имате само еден состанок. Ваквите дискусии треба да го

поттикнат присуството на учесниците; оттука подобро е да се работи со група од 15 до 20 лица отколку со повеќе луѓе. За време на одвивање на процесот, најдобри резултати обично се постигнуваат со учество на: жените, мажите, младите, лидерите и припадници на групи од посебен интерес во заедницата.

Главните актери вклучуваат претставници од:

- Бегалските водачи; како од машки, така и од женски пол.
- Групи жени-бегалци и младинци.
- Бегалски групи и поединци кои имаат влијание во заедницата (на пример припадници на верски или на традиционални организации, просветни работниции или други стручно лица).
- Претставници од заедницата-домаќин.
- Властите во државата-домаќин од следните сфери: оддели за врски со бегалците и надзор на бегалците, полицијата и безбедносните сили, судот и кривично-правниот систем, министерството за здравство, социјални служби за проблеми на жените, на семејството и на децата.
- Лица/институции кои даваат здравствена заштита.
- Агенциите на јавните и на социјални служби.
- Советодавни групи, вработени во кризен центар.
- Национални и меѓународни партнерски невладини организации, вклучувајќи ги и вработените што раководат со камповите.
- Национални правници кои се специјализирани за закони што се однесуваат на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност во таа држава.
- Шефот на канцеларијата на УНХЦР и вработените на терен, како и службениците/асистентите кои работат во одделот за правна заштита, за социјална помош и во програмскиот оддел.
- Агенциите на ОН.

Би било корисно учесниците на состаноците да имаат примерок од овие *Упатства* кои би можеле да ги прочитаат и да ги проучат однапред. Доколку тоа не е можно, размислите за одржување на сесија пред состанокот за оние кои не биле во можност однапред да ги прочитаат и да ги проучат *Упатствата.* На тој начин сите учесници ќе дојдат на состанокот подеднакво подготвени.

За време на првиот состанок со актерите може да го спроведете следново:

- Полудневна обука и работилница за подигање на свеста во врска со човековите права, половата припадност, сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност и за правната заштита.
- Презентации во врска со специфичните аспекти на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност што ќе бидат изложени од страна на клучните поедници. Тоа ќе овозможи информирање и поттикнување на соработка. Примери:

    началникот во полиција ги опишува полициските постапки за реагирање на пријави за силување, семејно насилство и за други форми на сексуалното насилство и на насилство базирано на половата припадност;

претставникот на здравствениот центар ги изложува возможните реагирања во поглед на здравствената нега, протоколите кои се користат, и/или потребите за процедурите во здравствените домови и обука на вработените;

службеникот во одделот за правна заштита дава информации за релевантните меѓународни стандарди за човековите права и податоци за пријави на случаи на насилство добиени претходната година/месец/ тромесечје;

националниот/локален правник на кратко ја информира групата во врска со односните национални закони и постапки;

претставникот на бегалците ги опишува ставовите на заедницата во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност и за тоа како определени случаи би можеле да бидат спроведени во државата на потекло на бегалецот.

- Разгледување на овие упатства, особено на делот Анализа на ситуацијата (види подолу), и начинот на кој тие би можеле да се користат.
- Одлучување за тоа која ќе биде „водечката агенција“ за сексуално насилство и за насилството базирано на половата припадност (таква водечка агенција е опишана и подоцна во текстот под Координација). Оваа организација ќе биде задолжена за свикување состаноци, распределба на извештаи и давање повратни информации за меѓуагенциските и за повеќесекторските планови за акција.
- Дискусија и договор по прашањето за подготвување план за соработка заради прибирање информации, анализа на ситуацијата и повторно состанување со цел да се разговара за наодите и да се започне со планирање на стратегиите за спречување и за регирање на насилство.

## Постигнете заедничко разбирање за поимите сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност и постигнување договор за опсегот на акцијата

Важно е сите актери да постигнат заедничко разбирање за поимите сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност и соодветна терминологија, како и да постигнат договор за страндардните механизми на известување. Ове ќе помогне во изградбата на единствен пристап при размената на информации и при заедничкото набљудување и процена на актерите.

Користењето на јасна и доследна терминологија ќе помогне за правилно прибирање на податоци, анализа на состојбата, следење на новите трендови, споредување на податоците со тек на време и обезбедување на ефикасни последователни активности. Употребата на иста и непроменлива терминологија низ светот може да помогне во споредбата на различни бегалски средини и може да обезбеди скапоцени податоци околу планирањето и развојот, кои претходно не биле на располагање.

## Спроведете анализа на состојбата

Анализата на состојбата е основа за дефинирање на проблемите, на потребите и на расположливоста на ресурсите, како и за посочување на: целта, задачите, активностите и бараните резултати. Бидејќи нема посебна организација која е исклучиво одговорна за програмите за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност, повеќе организации и поедницни би требало да учествуваат во развојот на анализата на состојбата. Учеството на сите актери, исто така, ќе овозможи да се зголеми поддршката на програмата базирана на заедницата, како и интереот за програмата уште од почетните фази.

Глава 1
Глава 2
Глава 3
Глава 4
Глава 5
Глава 6
Глава 7
Глава 8

**Види, исто така:**

**Спречување и реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност: Работилници за планирање на состојбите: пакет и информативни карти (УНХЦР 2000).**

**Брза процена на руралните средини и процена на учеството на руралните средини: Прирачник за теренски служби и партнери ЦРС (Католичките служби за помош 1999).**

**Планирање насочено кон луѓето при работењето за унапредување на програмите на УНХЦР (УНХЦР 1994).**

**Планирање насочено кон луѓето: Рамка за планирањето насочено кон луѓето во бегалски ситуации со посебен осврт кон жените, мажите и децата (УНХЦР 1992).**

**Прибирањето информации опфаќа прегледување на расположливите записи, разговарање со луѓето, поставување прашања и слушање.** Важно е да се дознае за проблемите и за незадоволените потреби, како и за предностите на заедницата, посебните карактеристики и други прашања како што се културните, институционалните и личните пречки за давање помош кои се специфични за вашата средина. Разбирањето на динамиката на заедницата ќе ви овозможи соодветно да планирате.

**Ефикасните програми за спречување и за реагирање на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност се базирани на детална анализа на односите на моќ меѓу мажите и жените, меѓу жени и други жени, мажи и други мажи, воздрасните и децата, со цел да се осигура дека интервенциите ќе го постигнат саканиот резултат и дека нееднаквостите нема да продолжат понатаму и дека нема да се заострат.**

Во зависност од расположливите ресурси и стручност, методите за прибирање информации се состојат од следново:

- Поединечни разговори/интервјуа.
- Посети на локациите и разгледувања.
- Состаноци за дискусија.
- Целни групи.
- Анкети.
- Преглед и составување на расположливите записи и податоци.

Информациите треба да се приберат од неколку сеопфатни извори, меѓу кои:

| | |
|---|---|
| **Бегалска заедница** | Поединечни жени, мажи, адолесценти.<br>Групи и организации на: жени, мажи, адолесценти, момчиња и девојчиња.<br>Верски водачи и групи.<br>Повозрасни лица и водачи на заедницата.<br>Раководни комисиии во кампот, водачи на сектори и комисии.<br>Училишта.<br>Групи на деловни луѓе и жени, ситни трговци.<br>Работници во обезбедување.<br>Лица кои применуваат традиционална медицина. |
| **Организациите за хуманитарна помош** | Здравствен кадар, како и кадарот во здравствените домови и локалните здравствени служби/ амбуланти .<br>Вработени лица во областа на санитарна/комунална заштита и во водовод.<br>Вработени лица во областа на градежништвото и домувањето.<br>Вработени лица за дистрибуција на храна и на непрехранбени продукти.<br>Вработени лица во социјални служби.<br>Просветни работници.<br>Вработени лица во раководството на кампот.<br>Вработени лица за обука и во врска со активности за стекнување доход . |
| **УНХЦР и други агенции на ОН** | Шефови на канцеларија.<br>Службеници во програмското одделение и нивните асистенти.<br>Службеници во одделението за правна заштита и нивните асистенти.<br>Службеници во теренското одделение и нивните асистенти.<br>Службеници задолжени за прашања на половата припадност, жените и децата и нивните асистенти.<br>Службеници во одделот за обезбедување и за безбедност на вработените и нивните асистенти.<br>Локално вработените во сите сектори. |
| **Институции на владата-домаќин** | Полицајци.<br>Вработени во правосудниот систем.<br>Вработени во министерството за здравство, за социјални работи, за прашања во врска со жените, со семејството и со децата. |
| **Национални невладини организации и поединци** | Кризна служба за случаи на силување и/или сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност и групи за правно застапување.<br>Групи на жени-правници.<br>Групи за правно посредување и застапување по прашањата за човековите права.<br>Правници. |

## Постигнете согласност во врска со збирот на водечките начела

За повеќе поединости во врска со водечките начела ве упатуваме на Глава 2. За екипата важно е отворено да разговара околу принципите кои би требало да ја насочуваат нивната работа. Сите актери мора да се согласат околу овие принципи и да го разберат начинот како влијаат тие врз нивните работи.

| **Водечки начела за сите актери** |
|---|
| **Програмски** |
| **Целосно вклучете ја бегалската заедница.**<br>**Обезбедете рамноправно учество на жените, на мажите, на адолесцентите, на момчињата и на девојчињата при: планирање, спроведување и процена на програмите.**<br>**Обезбедете координирано и повеќесекторско дејствување на сите актери.**<br>**Стремете се кон интегрирација и кон насочување на активностите во програмите на УНХЦР на сите нивоа.**<br>**Погрижете се да постои одговорност на сите нивоа.** |
| **Поединечни** |
| **Осигурајте ја физичката безбедност на жртвата/преживеаното лице.**<br>**Гарантирајте доверливост на информациите.**<br>**Почитувајте ги желбите, правата и достоинството на жртвите/преживеаните лица и да се имаат предвид најдобрите интереси за детето при донесување на каква било одлука за најсоодветниот правец на акција за спречување и за реагирање на случај на сексуално насилство и на насилството базирано на половата припадност.**<br>**Погрижите се да нема дискиминација.** |

## Дефинирајте ги улогите и одговорностите на сите актери

Бидејќи во секоја средина постојат повеќе актери претставници на различни агенции и сектори, важно е нивните улоги и одговорности да бидат јасни. Во некои случаи, некоја конктретна задача или функција може да ја преземат повеќе лица. Меѓутоа, тимот мора јасно да го определи лицето кое на крај ќе биде одговорно за извршување на задачата, за поднесување извештај и кое ќе сноси одговорност доколку задачата не биде завршена.

**Во бегалски ситуации УНХЦР треба да го преземе водството за кооринација на повеќесекторскиот пристап, вклучувајќи ги сите релевантни актери.**

## Постигнете договор во врска со системите за набљудување и за процена, вклучувајќи ги и механизмите за координирано известување и упатување

Потребно е да се развиваат механизми за набљудување и за процена на интервенциите за спречување и за реагирање. Тие треба да бидат координирани од страна на сите актери, опфаќајки ја заедницата, особено жените, децата и младинците-бегалци. Постојаното набљудување ќе обезбеди интервенциите за спречување и за реагирање да се развиваат според планот. Процените помагаат да се определи заштитното влијание што го имаат стратегиите за спречување и за реагирање врз: жените, мажите, момчињата и девојчињата - бегалци. Види Глава 7 за детално објаснување во врска со развивањето на механизмите за набљудување и за процена. Важно е сите актери да постигнат согласност околу намената на механизмите за набљудување и за процена, како и да ги определат целите, резултатите и показателите за секоја интервенција. Планот за акција треба да ги утврди

финансиските и човековите ресурси кои се потребни за набљудување и за процена на интервенциите.

## Создадете механизми за известување, за упатување и за координација

Од пресудно значење за актерите е да вршат координација на системите за извесување и за упатување. Заеднички системи на упатување треба да се развијат за потребите на областите како што се здравствената заштита, правното застапување, безбедноста и правото. Треба да се развие ефикасен систем за известување како дел од механизмот за набљудување. Ова подразбира подготвување на заеднички образец за пријавување на случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност, како и механизам за размена на информации за случаи на сексуално насилство и на насилство базирано на половата припадност. Ваквата стратегија за размена на информации би требало да определи на кој начин ќе бидат разгледани и разрешени проблемите меѓу актерите што се однесуваат на активностите за спречување и за реагирање.

Таков заеднички систем за известување ќе помогне во создавањето или во подобрување на веродостојна статистичка евиденција која ќе им овозможи на актерите, како и на властите на државата-домаќин да ја определат големината на проблемот и евентуалните промени во средината кои би можеле да влијаат врз зачестеноста на сексуалното насилство и на насилството базирано на половата припадност, како и врз заштитното влијание на интервенциите. Постоењето на еден заеднички образец за известување ќе го олесни упатувањето и координацијата, а најважно е што со тоа ќе се обезбеди жртвата/преживеаното лице да не биде повеќепати интервјуирана. Види во Глава 4 за примерок на системот за извесување/упатување и Глава 7 во врска со начелата за развивање на заеднички систем на упатување.

**Задржете ја доверливоста во сите стадиуми на размена и на анализа на информациите.**

Координацијата, меѓу другото, ги опфаќа и следниве активности:

Воспоставување и постојано ревидирање на методите за известување и за упатување меѓу различните актери. Мрежите на упатување треба да се насочени кон обезбедување на брзи и на соодветни услуги за жртвите/преживеаните лица.

Размена на пишани информации меѓу актерите, со почитување на принципот на доверливост.

Свикувајте редовни состаноци на клучните актери:

- Месечни состаноци на ниво на кампот за да се разговара околу информациите, податоците и активностите специфични за тој камп.
- Месечни регионални состаноци (на пр. на ниво на теренската канцеларија, потканцеларија или на определена област) за да се разговара и да се проверат информациите, податоците и активностите кои се одвиваат во регионот.
- Тромесечни состаноци на ниво на држава, за да се разговара и да се разгледаат информациите, податоците и активностите кои се одвиваат низ целата држава.

Учесниците на координативните состаноци треба:

- Да вршат размена на информации внатре, во и меѓу секторите, организациите и бегалската заедница.
- Да ги определат недостатоците во службите и да изградат стратегии за унапредување и за подобрување на тековните активности; да ја следат примената на определените стратегии.

- Да бараат совет и помош од колегите; да нудат конструктивни повратни информации, идеи за решавање на проблемите, како и да даваат инструкции по некои особено сложени и тешки случаи.
- Да постигнат согласност околу улогите и одговорностите на сите оние што се вклучени во планирањето, во спроведувањето и во набљудувањето на активностите за спречување и за регирање на насилство.
- Да планираат и да прават распоред за обука на вработените, за активности за едукација и за зголемување на свеста во зедницата.
- Заеднички да изработат програми во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност и ефикасни партнерства меѓу сите актери што учествуваат.
- Да изготват заеднички планови за обука.

Назначената „водечка агенција" е задолжена за координација, за поттикнување на учеството и за свикување на состаноци.

## Сочувајте ја благосостојбата на вработените и на доброволците

Вработените и доброволците кои работат на програмите во врска со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност, особено оние кои работат како правни советници и како застапници на жртвата/преживеаното лице, треба да бидат свесни за две потенцијални опасности врз сопствената благосостојба: недостатокот на безбедност и потенцијално штетните ефекти од „секундарна траума" и премор.

**Сигурност и безбедност**

Секој што ќе прими пријава за сексуално насилство и за насилство базирано на половата припадност и ќе се обиде да ѝ помогне на жртвата/преживеаното лице е подложен на ризик од одмазда од страна на сторителот или на заедницата. Сексуалното насилство и насилството базирано на половата припадност потенцијално е смртоносно за жртвата/преживеаното лице; а секој што ќе биде забележан дека и помага на жртвата/преживеаното лице, исто така, може да стане цел на напад.

Искуството низ целиот свет покажува дека некои сторители навистина ги напаѓаат и им нанесуваат зло на оние кои им помагаат на жртвите/преживеаните лица. Ова особено важи за случаи на семејно насилство, кога некој советник или други доброволци ја застапуваат жртвата/преживеаното лице пред полицијата. Во повеќето случаи се покажало дека сторителот на насилството е сопругот или интимниот партнер на жртвата/преживеаното лице. Во многу држави припадниците на вооружените полициски сили биле повредени или убиени кога реагирале на пријава на семејно насилство.

Раководителите и надлежните треба да ја следат состојбата околу безбедноста на вработените и да преземат брза акција за заштита на вработените во случај на закани или на евентуални насилства. Какви било инциденти или закани врз лицата кои работат со бегалци веднаш треба да се пријават на службениците во правниот оддел на УНХЦР, за да се преземат заштитни мерки. Организациите треба да воспостават политички и практични мерки со цел да се намали ризикот врз вработените/доброволците и да се зголеми сигурноста и безбедноста.

- Воспоставете политика според која само локално вработените лица и меѓународните претставници, односно службеници (кои не живеат во кампот) може да ги застапуваат жртвите/преживеаните лица пред полицијата и пред безбедносните сили, а не вработени лица-бегалци. Меѓутоа, кога станува збор за вонредни/кризни состојби тоа тешко се постигнува.

- Ангажирајте ги бегалските водачи и влијателните членови на заедницата во вашите активности. Само доколку членовите на заедницата се целосно вклучени во програмата, ќе може да ги разберат услугите, интересите и ризиците за кои станува збор и на тој начин ќе бидат поспособни да помогнат при подготвувањето на стратегиите за спречување и за заштита.
- При изготвување и при спроведување на планот за сигурност и за безбедност, вклучете ги и органите за спроведување на законот и на органите на судството.

## Секундарна траума и премор

*Секундарна траума* се однесува на емоционалниот стрес што го доживуваат лицата кои се постојано изложени на описи на тешки психолошки и физички злоупотребувања.

*Преморот* како термин претставува емоционална исцрпеност. Секундарната траума и преморот се честа појава меѓу вработените кои се занимаваат со сексуалното насилство и со насилството базирано на половата припадност.

Меѓу симптомите на секундарна траума и премор спаѓаат:

- Проблеми со спиењето и со апетитот.
- Необјаснива физичка болест и здравствени проблеми.
- Интензивни емоционални реакции на определени ситуации или фрустрации, или пак неемоционални и рамнодушни реакции на определени ситуации или фрустрации.
- Проблеми во извршувањето на работните задачи.
- Лицето се оддалечува од: колегите, семејството, пријателите, активностите во заедницата.
- Коментари и однесување кои укажуваат дека тој/таа се чувствува премногу потребен и незаменлив во работата со жртвите/ преживеаните лица; преголема идентификација со жртвите/преживеаните лица, понекогаш наречен „комплекс на херој“.
- Лицето се доведува себеси во физичка опасност за да и помогне на жртвата/преживеаното лице, наместо да побара помош и поддршка.

Спречувањето е најдобар начин да се реагира на преморот кај вработените. Меѓу стратегиите што треба да се спроведуваат во сите програми спаѓаат:

- Разговор и давање совети по особено сериозни и вознемирувачки случаи.
- Можности за ослободување од стрес, како што се физичко вежбање, активности за изградба на тимот, неформална размена на искуства за радостите и за фрустраците од оваа работа.
- Работилници за обука наменети за подобрување на вештините, изградба на доверба и проширување на границата на стручност.
- Редовни состаноци за следење на работата на вработениот, давање помош и процена на нејзината/неговата емотивна состојба.
- Користење одмор/пауза од работење.
- Советувања од страна на рамноправните колеги за намалување на стресот.

Глава 1 Глава 2 Глава 3 Глава 4 Глава 5 Глава 6 Глава 7 Глава 8

# Клучни точки за помнење

**За изготвување на план за акција:**

- Определете ги и ангажирајте ги актерите.
- Постигнете заедничко разбирање за поимите сексуално насилство и насилство базирано на половата припадност и постигнете договор за опсегот на акцијата.
- Спроведете анализа на состојбата: прибирање информации за да се разберат потребите, проблемите, расположливите служби и услуги, како и за предностите и слабостите на бегалската заедница.
- Постигнете согласност во врска со збирот на водечките начела.
- Дефинирајте ги улогите и одговорностите на сите актери.
- Развивајте ги целите и определете ги задачите; дефинијате ги активностите и индикаторите; определете ги потребните ресурси.
- Постигнете согласност во врска со системите за набљудување и за процека кои ја опфаќаат заедницата.
- Создадете механизми за известување, за упатување и за координација.
- Подгответе план за одржување на благосостојбата на вработените и на доброволците.